УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

Институт за безбедност, одбрана и мир

# ЕФИКАСНОСТА НА ВЕШТИНИТЕ НА ПРЕГОВАРАЊЕ ВО СПРОТИВСТАВУВАЊЕ НА СОВРЕМЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ

**-МАГИСТЕРСКИ ТРУД-**

**МЕНТОР:** **ДОЦ. Д-Р ТАЊА МИЛОШЕВСКА**

**КАНДИДАТ:** **КОКАЛЕВСКИ ЕФТИМ**

*Скопје, 2016 година*

# СОДРЖИНА

I.Вовед

1.1. Формулирање на проблемотна истражување.............................................................................. 4

1.2. Предмет и цели на истражување.......................................................... 8

1.3. Основна хипотетичка рамка.................................................................9

II. Поим и карактеристики на современиот тероризам

2.1Дефинирање на поимот тероризам........................................................12

2.2 Причини за појава на тероризмот...........................................................16

2.3Современ тероризам..................................................................................19

2.4Карактеристики и специфичности на современиот тероризам.........................23

2.5Терористички организациски модели.......................................................30

2.6Терористички организации.......................................................................36

2.7Реконцепција на тероризмот како безбедносна закана.............................39

2.8Профил на терористите..............................................................................44

2.9Фази на дејствување на терористите........................................................47

2.9.1 Подготвителна фаза.................................................................................48

2.9.2 Фаза на извршување на терористичкиот акт...........................................48

2.9.3 Фаза на стабилизација................................................................................49

2.10. Планирање на терористичките операции...............................................50

2.11. Терористичко насилство и улогата на медиумите..................................56

III. Поим и карактеристики на преговарањето

3.1Поим и карактеристики на преговарањето...................................................66

3.2Дефинирање на преговарањето.....................................................................67

3.3Подготовка и планирање на преговорите....68

3.4Карактеристики на преговарањето....73

3.5Видови на преговарање....74

3.5.1. Дипломатско преговарање....74

3.5.2. Полициско преговарање....76

3.6Субјекти на преговарање....79

3.7Стратегија на преговарање....81

IV. Употреба на вештините на преговарање во спротивставување на современиот тероризам

4.1 Употребата на вештините на преговарање во спротивставување на современиот тероризам....83

4.2 Дипломатијата како мерка за спротивставување на тероризмот....84

4.3 Преговори со терористи....85

4.4 Преговарачки тимови за спречување на терористичка акција....86

4.5 Можност за употреба на преговарањето во одделни фази на терористичкото дејствување....89

4.6 Типови на терористи во преговарачкиот процес....101

4.7 Тимови за специјален одговор на тероризмот во рамките на војската и полицијата....105

4.8 Аргументи ЗА и ПРОТИВ во преговарање со терористи....108

4.9 Досегашни искуства во преговарање со терористи....117

- 4.10 Хронологија на најзначајните терористички инциденти решени со преговори или со значајна улога на преговарачите....122

V Заклучок....126

VI Користена литература....129

# I. ВОВЕД

## 1.1 Формулирање на проблемот на истражување

До крајот на 21 век пристапот кон современиот тероризам и односот кон неговите активности од страна на ООН и големите сили не донесе значајни резултати и затоа е потребно да се предефинира односот. Се помалку се применуваат старите облици на тероризам и помалку се присутни традиционалните терористички организации, а повеќе верските инспирирани терористи.

Терористичките заложнички ситуации и киднапирањето неодамна постанаа голема меѓународна грижа. Од средината на деведесеттите, заложничките ситуации и киднапирањето драматично се зголемија како преферирана тактика на политичките терористи.

Тероризмот може да го поттикнат многу фактори како што се: економски и социјални разлики внатре во државата, национална неизживеаност, екстремен национализам и шовинизам, колонијална и неоколонијална зависност, нерешена етничка структура и границите на државата, верски фундаментализам, желба за експанзија и хегемонија како и неостварени политички амбиции. Авторите утврдуваат различни причини за тероризам коисе во склад со нивните разбирања за појавата на тероризмот кој се често дијаметрално спротивни. Нив треба да ги бараме во длабоките и непомирливи глобални општествени промени и политичката, економската, нормативната и моралната сфера на општествениот живот.

Во денешното општество тероризмот претставува голем предизвик за глобалната безбедност, односно, се појавува како глобален безбедносен проблем. Со оглед на тоа дека тероризмот е комплексна општествена појава, мора да се набљудува од повеќе аспекти. За да може да се влијае на тероризмот и да може да се контролира, неопходно е првенствено превентивно делување, односно лекување на причините кој го поттикнуваат современиот тероризам. Ваква превенција може да се води само со активно вклучување на целокупната

општествена структура, различни политички и економски фактори кои коегзистираат, а кои ќе се залагаат за постепено менување на постојните меѓународни односи. На тој начин, превенцијата би била ефикасна, бидејќи зад меѓународниот тероризам не би стоеле држави, а воедно тој не би имал публицитет во средствата за јавно информирање. Преговорите можат да бидат клучен фактор за излез од маѓепсаниот круг во кој насилството од една страна предизвикува одговор со насилство од спротивната страна. Преговорите се еден од начините да се изгради мотивација кај преговарачките страни дека најлош исход е повторен враќање на насилството.

Преговарањето како вид на комуникација присутно е од настанувањето на човекот. Многу кризни ситуации и конфликти ширум светот успешно се решавани без употреба на сила. Преговарањето претставува еден комуникациски процес применлив во многу официјални и неофицијални прилики користен поради унапредување на односите меѓу субјектот и преговорите. Со нив се најавува крај на судирите и започнување на соработка. Преговарањето претставува основно средство на дипломатијата и други начини на мирно решавање на судирите и конфликтите. Стратегијата на преговарање како вештина може да се користи во различни ситуации. Страните во преговорите може да бидат: држава со држава, организација со организација, поединец со поединец, организација со држава, поединец со организација или држава итн. Се преговара за различни теми- економски, политички, правни, работни, дипломатски итн. Во однос на преговарањето со терористи ставот на многу држави е да нема преговарање со нив. Односот на државата кон терористичките организации не е секогаш заснован на објективна проценка нивното делување и опасност, туку е често резултат на моментални крајно прагматични политички интереси. Во однос на методите за сузбивање на современиот тероризам може да се констатира дека еден од најуспешните и најупотребувани методи е прекин на финансирањето на терористичките организации. Аномалијата на овој метод е што терористичките организации успеваат да се преориентираат кон други извори на финансирање. Според тоа може да се констатира дека напорите на меѓународната заедница во сузбивањето на финансирањето на тероризмот се недоволно координирани. Други методи во сузбивањето на тероризмот се забрана на одредени инкриминирани личности за влез во западните држави, распишување на потерници и награди за одредени најозлогласени терористички лидери, контрола на производство на суплементи за оружје

за масовно уништување и други. Дилемата останува околу методот – преговарање со терористи. Во процесот на преговарање со терористите постојат аргументи за и против,потоа бројни фактори кои влијаат врз изборот на стратегија на преговарање со терористи и секако фази во кој се одвиваат преговорите со терористите. Главните аргументи против преговори со терористи се чинат прилично точни. Со попуштање пред терористичките барања се ризикува да се дојде до ситуации во иднина да сереализираат терористички акти. Освен тоа потребна е и цврстина во политички поглед со која треба да се соочи со терористите и на граѓаните да се оправда причината за непреговарање со терористите. Негативната перцепција која ги опкружува терористите ги прави да бидат неприфатливи партнери во преговорите. Оние кои што ја поддржуваат политиката на непреговарање се обично за решавање на проблемот со тероризмот во форма на предлагање на зголемена мерка на безбедност за одвраќање од чинење на терористички акти или со примена на сила одлучно се искорени тероризмот. Во аргументите за преговори со терористите се поставува прашањето дали треба да се преговара со терористите? Основен услов за водење на преговорите е постоење на комуникација. Колку е подобра комуникацијата толку поголеми се изгледите да се изврши некакво влијание. Клучни прашања кои овде треба да бидат поставени се: Дали е потребно да се преговара со терористи? Дали отворените преговори со терористите им даваат легитимитет на нивните криминални активности и ги поттикнуваат на понатамошни терористички акти? Со кои терористи може да се преговара? Кога може да се преговара ? И како да се преговара ? За зачувувањето на мирот и безбедноста, долг кон самите себе, а и кон сите останати потребно е секогаш кога е можно да се работи на тешкиот процес на преговарањето.

Дилемата останува околу методот-преговарање со терористи. Во однос на ова прашање одредени теоретичари ќе кажат апсурдно е да се зборува за преговарање со терористи во демократски држави. Но, од друга страна, искуството покажало дека преговарањето со терористи е некогаш потребно (на пример со ЕТА и ИРА). Во однос на преговарањето со терористи сепак треба да се внимава на три прашања:

1. Со кои терористи може да се преговара (важно е дали организацијата била ненасилна па преминале во насилна, како и кој е степенот на внатрешна кохезија, односно кој е релевантниот лик за преговори).

2. Кога да се преговара (во однос на ова прашање општиот заклучок е дека со терористите може да се преговара единствено кога се очекува тие да бидат поразени).

3. Како да се преговара (односно дали тема на преговорите ќе бидат нивните барања, што доколку се, единствено треба да се преговара за мотивирање на терористите да ги користат демократските механизми или станува збор за преговори за демилитаризација кога тема на преговорите е единствено амнестија) На крајот и понатаму останува отворено прашањето дали преговарање со терористи кои се спремни да се откажат од насилство може да биде добра стратегија. Засега е јасно дека ваква стратегија е неприменлива со Хамас, Хезболах или Ал Каеда.

Сепак, условите во голем степен се многу различниво секоја ситуација. Но, без разлика на географската и идеолошката позадина, ниту едни преговори не можат да започнат без силни индикации дека терористите се подготвени да се откажат од насилството.

Последна можност на власта за справување со терористите, (доколку постои интерес за сериозен пристап за сузбивање на оваа закана), секогаш треба да биде придобивање на другата страна на преговарачка маса, како алтернатива на досегашните методи, убивање и принудување на покорност.

Одделно, но сепак поврзано прашање е дали владите можат да направат нештоза создавање на услови во кои преговорите со терористите би можеле да успеат. Демократските влади треба да го одржат ветувањето и да им дадат политичка шанса на терористите во политичкиот процес, но само доколку терористите се согласат да играат според демократските правила. Тие треба да ги поддржат политички ориентираните терористи и да се оградат од дела кои би можеле да ги зајакнат позициите на жестоките сили. Уште поважно, тие треба да останат строго против примената на сила за политички цели. Преговорите некогаш можат да бидат излезна стратегија за терористите кои се

предомислуваат околу своите кампањи. Но, владите треба да се свесни дека целосната приврзаност кон демократските принципи е цена која терористите мора да ја платат.

## 1.2 Предмет и цели на истражувањето

**Основниот предмет на истражувањеќе** биде фокусиран на процесот на преговарање со терористите и терористичките организации односно кој е вистинскиот момент на започнување на преговори ? Дали е секогаш потребно и возможно преговарање со терористи? Во магистерскиот труд ќе се обработи историски осврт на преговарањето, еволуцијата на преговарање и потоаимплементација на преговарање во релација на тероризмот. Исто така ќе се направи анализа на стратегијата на преговарање со терористи. Ќе се направи кус осврт на настанокот на тероризмот и еволуциониот пат на преговарањето како процес на остварување на взаемни интереси и надминување на судирите. Ќе бидат презентирани реални примери и ќе бидат извлечени одредени заклучоци за подобро разбирање на оваа тема. Во фокусот на овој предмет на истражување ќе биде современиот тероризам како закана број еден по меѓународната безбедност, неговите појавни облици структура, распространетост, потоа процесот на преговарање, дефинирање на преговарањето, разгледување на преговарањето како начин на спротивставување на современиот тероризам и досегашните искуства во преговарањето со терористи и фазите во преговорите.

## Цели на истражувањето

### Општа научна цел

Оттука, ***општата научна цел*** на ова истражување е да ја утврди ефикасноста на вештините на преговори во спротивставување на современиот тероризам.

Преку научни методи да се пристапи кон пронаоѓање на ефективни начини на преговарање и изработка на стратегија/и која ќе биде применлива во преговарањето со терористи.

### Практична цел

Практичната цел на ова истражување ќе биде насочено кон тоа да ја проучи ефикасноста на вештините на преговарање во спротивставување на современиот тероризам. Прво, преговарањето претставува можен начин на превентивно делување за да се спречат последиците.Второ, да се пронајдат факторите на преговори позитивни и негативни, да се прилагодат методите на преговори и да се проучат современите терористички облици на дејствување.

## 1.3 Основна хипотетичка рамка

Врз основа на општиот пристап на проблемот за тероризмот и преговарањето и врз основа на веќе поставените цели во ова истражување ја поставуваме следнава општа хипотеза:

Успешното спротивставување на современиот тероризам во значајна мерка зависи од ефикасноста на вештините на преговарање.

Покрај општата хипотеза ги поставуваме и следниве посебни хипотези:

- Целта на секоја терористичка организација и нејзиниот успех зависи од економската, безбедносната и воената ситуација на просторот каде се планира изведувањето на терористичките активности.
- Преговарањето на владите со терористите може да влијае на зголемување или намалување на терористичките напади во други држави.
- Успешноста или неуспешноста на процесот на преговарање со терористи зависи од природата на барањата на терористичката организација.
- Без оглед на ставот дека со терористи не се преговара, постојат бројни примери и искуства кога државите преговараат со терористи. Властите често пати се принудени на преговарање со терористи особено во заложничка ситуација.
- Терористичките напади се зголемуваат во услови на политичка нестабилност, етнички тензии и слаб институционален фактор.
- Примената на соодветни методи, техники и стратегии на преговарање ќе придонесат кон поголеми шанси во сузбивање на современиот тероризам.
- Избирањето на соодветно време влијае на преговорите со определени терористички групи.
- Водењето на преговори им дава легитимитет на терористите и нивните методи.
- Успешното преговарање со терористите зависи од видот на терористичката организација, односно од идеологијата и целите.
- Секоја употреба на стратегијата на преговарање може да ја поттикне другата страна да прибегне кон тероризам. Таа друга страна може да биде некој незадоволен дел од државна структура или радикални елементи на терористичка организација.
- Преговарањето со терористичка организација е условена од постоење на компетентен тим на преговарачи

**- Првата глава од магистерскиот труд опфаќа разработка на** поимите и карактеристиките на тероризмот,ќе се направи кус историски осврт на тероризмот, преговарањето, безбедноста, дипломатијата со цел запознавање со основите на овие појави за понатамошно разбирање на проблематиката на овој труд.

- **Втората глава од овој труд ја опфаќа** разработката на вештините на преговарањето, терористичките организации, современите облици на тероризам, фазите во преговорите, стратегијата на преговарање.

- **Во третата глава од овој труд** ќе се постави релацијата на вештините на преговарање во спротивставување на современиот тероризам. Ќе бидат анализирани бројни практични примери од реалноста. Ќе се поставaт аргументите за и против преговори со терористи.

- **Во четвртата глава** ќе се донесат заклучни согледувања и хорнологија на најзначајните терористички инциденти решени преку преговори.

## ГЛАВА II

## ПОИМ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА СОВРЕМЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ

Фактот дека современиот тероризам уште од дамнешни времиња го прати човекот и организираниот начин на неговото опстојување, укажува на тоа дека тероризмот не е нова појава во човековата историја. Но и покрај тоа, досега не постои меѓународна усвоена дефиниција за тоа што е тероризам.

Всушност, тероризмот е феномен кој во меѓународните односи предизвикува посебно внимание по завршувањето на Втората светска војна, особено, во контекст на развојот на правилата околу ограничување на употреба на сила во членот 2(4) од Повелбата на ООН. Како тактика на послабиот, тероризмот интензивно започнува да се применува за време на меѓублоковската рамнотежа[1]. Во овој период се појавуваат неколку терористички организации и групи, именувани како претставници на класичниот тероризам.Политичкиот момент на тероризмот се согледува во дефиницијата во која тероризмот претставува тип на политички злочин (средство) каде со примена на насилство може да се оствари промена или систематско убивање, разорување или закана со убивање за да се остварат одредени барања. Тероризмот се прикажува како акт на физичко насилство со цел да предизвика силни психолошки реакции, во прв ред страв кај поширокиот дел на населението се со цел да придонесе кон одредени промени битни за постигнување на политичката цел.

[1] Stern, Jessica, (1999), The ultimate terrorist, Harvard University Press, Cambridge, стр. 6-12

*2.1 Дефинирање на поимот тероризам*

Дефинирањето на тероризмот претставува проблем за кој сеуште не е можно да се најде консензус. Проблемот се јавува во ситуација кога поединец, кај едни е терорист, а кај други симбол за борец за слобода и идол ,го остава овој проблем отворен. Од таа причина потребно е да се дефинираат постапките кој се неприфатливи и противзаконити во контекс на кривичното законодавство на одредена земја, па и меѓународната заедница во целина. Тоа практично значи дека е потребно да се развие општествена свест на целото општество дека тероризмот претставува злочин, без разлика на која општествена група неговите извршители припаѓаат. Поимот на тероризмот треба да добие универзално понудена и прифатена дефиниција, како и меѓународен консензус, за да можат сите нации да разработат кохезивна антитерористичка политика која ќе поддржува билатерални и мултиратерални цели.

Брајан Џенкинс, еден е од водечките експерти во сферата на борбата против тероризмот, во 1974 година ја поставил една од наједноставните дефиниции на тероризмот, по која тероризмот е всушност театар, каде глумците се всушност извршителите на терористичкиот акт и нивните жртви, а публиката јавност и власт на кој се пренесува пораката. Според него, терористите сакаат голем број на сведоци, а не голем број на жртви.[2]

Пол Вилкинсон во 1977 година ја поставува една од првите дефиниции која го нагласува политичкиот момент на тероризмот. Тероризмот е вид на политички злочин каде со насилство може да се оствари промена или систематско убивање и разорување или закана со убивање со цел да се изнудат одредени барања. Како Вилкинсон нагласува, тероризмот не е ниту филозофија ниту движење, туку тероризмот претставува средство.[3]

Алекс Шмит дефинитивно го менува современото разбирање за тероризмот. Според Шмит, тероризмот е збир на систематски акти на насилство кој ги извршуваат полускриени поединци, групи или припадници на власта од политички причини.[4]

[2] Brian M. Jenkis(2002), Countering Al Qaeda,USA
[3] Paul Wilkinson(2002), Terrorism,London
[4] http://www.terrorismanalysts.com/pt/index.php/pot/article/view/schmid-terrorism-definition/html

Џесика Стерн смета дека тероризмот претставува акт на насилство или закана против лица кои не се борци, а со цел да се изврши освета, постигне заплашување или на друг начин да се влијае на некоја публика.[5]

Брус Хофман тероризмот го дефинира спрема природата на чинот, а не според идентитетот на сторителот или природата на причината. Тероризмот е закана со насилство испланирана да создаде атмосфера на страв и паника. Овие акти се спроведуваат поради присилување на други да преземат активности кој инаку не би ги преземале, или поради спречување да преземат одредени акции.[6]

Воин Димитријевич за тероризмот вели дека е акт на физичко насилство, чиј предмет е да предизвика силни психолошки реакции, во прв ред,страв, кај поширокиот круг на луѓе, во надеж дека тие ќе помогнат да се оддржи или промени однесувањето кое е важно за постигнување на политичката цел, ако таквиот акт не е оправдан од општите интереси кој се одредени независно од него и ако е извршен по правила кој вообичаено се применуваат на општествени видови на вршење на власта.

Милан Мијалковски под тероризам подразбира смислено, организирано, и систематско насилство на несуверен субјект или суверен субјект, одлучно и преку најбрутална физичка сила на однапред определена цел или жртва, поради нејзино киднапирање,убивање или психолошко злоставување, приоритетно да предизвика комплексни реакции на страв и несигурност, апатија во средината во која е жртва на напад, за да се постигне проектираната политичка цел.

Во групата на општи дефиниции на тероризмот можат да се вбројат и дефинициите кој се содржани во следниве енциклопедии :

***Во политичката енциклопедија*** под тероризам се подразбира доктрина и метод на борба за одредени цели со систематска употреба на насилство.

***Правната енциклопедија*** тероризмот го опишува како предизвикување на терор, страв и несигурност кај граѓаните, група на граѓани или поединци кој се врши со

---

[5] Jessica Stern.(2005). Teror in the name of God, The New York Times notable book.
[6] Bruce Hoffman,(1998), Inside Terrorism, Columbia University.

современи средства за уништување, со голема безобзирност со предизвикување на човечки жртви и големи материјални штети.

*Во воениот лексикон* тероризмот се дефинира како организирана и систематска примена на мерка на насилство поради ширење на страв меѓу луѓето и лична несигурност и нарушување на авторитетот на државата и остварување на некои политички цели.

*Безбедносен лексикон* го дефинира тероризмот како метод на смилена употреба на насилство со цел предизвикување на страв кај луѓето. Го спроведуваат државни органи или организирани групи за да остварат одредени политички цели.

*Институционални или административни дефиниции на тероризмот се опие дефиниции* кој се производ на одредени државни или меѓународни институции, со кој се нормираат или инкриминираат одредени општествени феномени кој се означени како тероризам.

*Обединетите нации*, немаат единствена дефиниција за тероризмот, но во бројни резолуции, конвенции, декларации и протоколи ,одредени акти или однесување на групи или поединци се означени како тероризам. Така, под тероризам, ООН подразбираат акти на лишување од живот или ранување, или акти на уништување или оштетување на имот на граѓани или влада, без јасна дозвола од одредена влада, од страна на поединци или група на луѓе кој самостојно делуваат или влада која делува од сопствени побуди и верувања, да би постигнале одредена политичка цел.

*Европската унија* го дефинира тероризмот како чин со кој може да се нанесе опасна штета на државата или меѓународната организација, со закон означен како противправни, а извршени со цел сериозно вознемирување на народот, присилување на владата или меѓународната организација да направи или да се воздржи од правење со цел сериозна дестабилизација или уништување на основните политички,уставни, економски или социјални структури или меѓународната организација,.

Во однос на прашањето што е тоа *меѓународен тероризам*, издиференцирани се два методолошки пристапи: прв, кој ги селектира меѓународните елементи во конкретно дело и на нивна основа извршениот акт на насилство го дефинира како меѓународен

тероризам и другиот, кој конкретниот терористички акт го сврстува во домен на меѓународен тероризам, доколку тој зад себе остава јасни меѓународни последици. Кога станува збор за првиот пристап, на меѓународните собири се спомнуваат различни елементи кој треба да ги содржи поимот на меѓународен тероризам: (1) ако делото е извршено надвор од територијата на државата чии државјанин е извршител, (2) ако делото произвело последици надвор од државата, со услов да е извршено надвор од државата.

## 2.2 Причини за појава на тероризмот

На прашањето како и зошто настанува тероризмот мошне е тешко да се понуди дециден одговор бидејќи тероризмот претставува мошне сложен и слоевит феномен чии причини од ден на ден се зголемуваат, а аналогно на тоа и неговите страотни последици.

На појавата на конкретниот тероризам мошне изразено влијание имаат:

- **Објективните околности,** неправдите и несовршеноста на економската основа и политичка надградба на општеството.
- **Субјективните околности,** под кои се подразбира " земање на работите во свои раце", односно " земање на правдата во свои раце" бидејќи според нивните процени таквата"неодржива" состојба може да се промени само со насилство, односно дека насилството е единствениот и последен лек и ефикасна варијанта на дејство и реализација на поставените цели.[7]

Причините на тероризмот претставуваат појави и процеси кои со својата комбинација доведуваат до одлуки на одредена општествена група своите проблеми ги реши преку тероризам. Тие подразбираат постоење на општествени состојби и односи, кој можат да се утврдат, и кој како такви, доведуваат до појава на тероризам. Истражување на причините на тероризмот можно е само на основа на сеопфатно испитување на состојбата во општеството во одредено време, за да може тероризмот да се разбере како значаен општествен феномен, со доза на симптоматична општествена појава. Меѓутоа, со оглед на

[7] Митко Котовчевски,(2003),Современ тероризам, Македонска Цивилизација, Скопје.

тоа дека моментално нема консензус за поимот тероризам, нема ни согласност околу причините кои доведуваат до опасност.

Причините на тероризмот се многу нејасни, неговите димензии се замаглени и сеуште неможе подлабоко да се согледа, што претставува најголем проблем за глобално спротивставување на тероризмот. Причините на тероризмот имаат длабоки (геополитички, етнички, верски, политички) противречности, неприфатливи за постоечките услови за живот, како и неостварени амбиции на одредени општествени групи. Генералното собрание на ООН во 1979 година ја разгледува оваа од аспект на безбедноста, значајна проблематика. Тогаш е посветено внимание како на надворешни, така и на внатрешни причини за тероризам. Тероризмот може да го поттикнат многу фактори: економски и социјални разлики внатре во државата, национална неживеаност, екстремен национализам и шовинизам, колонијална и неоколонијална зависност, нерешена етничка структура, верски фундаментализам, желба за експанзија и хегемонија како и неостварување на политички амбиции. Во современите општества, каде капиталот игра значајна улога, неминовно се гради систем на вредности према богатство, па често се занемаруваат основните човекови вредности, вклучувајќи ги основните човекови права на просечен човек-граѓанин, и затоа една од причините на тероризмот е неправдата.

Авторите утврдуваат различни причини на тероризмот, во склад со своите разбирања на појавата на тероризмот, кои се често дијаметрално различни. Причините на тероризмот првенствено треба да се бараат во длабоки и непомирливи глобални општествени промени во политичката, економската, социјалната, нормативната и моралната сфера на општествениот живот, кои настанале во последните две децении. Промените во светската политика, социјалната положба и економија, глобалниот пазар, нестабилната влада со променливи политички и економски услови кои поттикнуваат корупција, зголемен број на имигранти, напредна технологија, само се некој од факторите кои доведуваат до појавата на тероризмот. Државата, иако е современо организирана институција, често ги запоставува средните и најсиромашните слоеви од општеството во однос на богатиот свет кој со сопствениот капитал ги надокнадува маните и недостатоците. Ваквиот начин на функционирање на современите општества создава еден антагонизам помеѓу државата и сите оние чии човекови права и лични вредности се запоставени. Во тој голем слој на луѓе

се создаваат групи кој од политички мотиви сакаат да ја променат власта, за да ја исправат неправдата на дотогашната власт. За таа борба тие бираат средства и методи. Државата во тој случај применува терор кој повеќе ги поттикнува терористичките групи на акција и така се остварува непријателство, преку насилство, по пат на терор и тероризам.

Под *објективни причини на тероризмот* се подразбираат проблеми, неправда, фрустрирачки аномалии во економската база и политичката надградба на општеството. Во прв ред се мисли на функционирање, односно нефункционирање на државните институции и општество, недоволно образование на населението, сиромаштво, отуѓеност, изолираност на поединци и општествени групи, нејасен статус на одредени етнички заедници итн. Многу држави денес не се способни да самостојно ги решаваат своите внатрешни проблеми и спротивставени интереси, што негативно се одразува на безбедноста на општеството и претставува погодно тло за настанок на тероризмот. Основните објективни причини за тероризмот лежат во длабоките општествени промени(економски, етнички, верски, класни, социјални, политички итн.) , кој настанале како последица на процесот на глобализација. Како некој од објективни причини на тероризам можат да се наведат: недемократско уредување на државата, нефункционирање на државните институции, економски и социјални разлики, екстремен национализам и фанатизам, нерешени етнички проблеми, колонијална и неоколонијална зависност, нерешени прашања во врска со границата, верска застареност, желба за експанзија и хегемонија итн.

*Субјективни причини на тероризмот,* под кој се подразбира проценката на тероризмот да неодживата општествена состојба може да се промени само со насилство, односно, насилството е најбрза, најефикасна, и во дадени околности единствена можна варијанта. Субјективните причини за тероризмот настануваат поради објективните причини на тероризмот. Објективните причини на тероризмот имаат за последица создавање на општествена клима која се огледува во ерозијата на авторитетот на власта, во кое, поединци и општествени групи неможат да најдат свое место, што води до губење на доверба во системот и неговите вредности. Посебно се значајни **мотивите** како внатрешна сила која терористите ги поттикнува на акција. Тоа се внатрешни мотиви кој се најсилни, бидејќи тие кога ќе се формираат траат додека нивната активност не се оствари или

додека корените на тероризмот не бидат уништени, што е тежок и долготраен процес. Тоа севсушност идеолошко-политички мотиви, кој се сублимат на политичка индоктринација, што е еден од најголемите причини и потешкотии во дефинирањето на современиот тероризам. Психолошката мотивација на терористот произлегува од неговото лично незадоволство со својот живот и цврсто уверување дека со самата припадност на терористичката организација можат да ја остварат функцијата во својот живот. Уверени се дека сите надвор од терористичката организација им се непријатели и поради тоа им е полесно да ги дехуманизираат жртвите на нивните акции. Безразлика што многу автори се разединуваат по прашање на одредени мотиви кој терористот го поттикнуваат на активност, со тоа и дефинирањето на тероризмот, политичкиот мотив како поттик е неопходен, бидејќи, тоа е единствена дефинициска компонента која го раздвојува тероризмот од обичниот криминал. [8]

## *2.3* Современ тероризам

Со цел посеопфатно и попрецизно да се разбере суштината на тероризмот и неговата денешна примена, неминовно е да се направи пресек на неговата еволуција. Фасцинантноста на тероризмот, насилството (подоцна и политичкото насилство) практично може да се следи од почетокот на историјата. Тероризмот како традиционална тактика на послабиот- го следи развојот на човековата цивилизација најнапред во форма на атентати, киднапирања и земање заложници.[9]

Во услови на современиот свет на живеење, а пред се, на силните интеракциски односи на меѓународен план, подемот на борбата за човекови права и обидот за толкување на правото на самоопределување во духот на сецесијата, глобализацијата и нејзиното влијание врз класичниот пристап на суверени држави, како и промената на рамнотежа на сили во меѓународната политика, започна процесот на формирање на современиот тероризам. Ефектите и влијанието коишто, пак, овој ги наметна врз светскиот мир и безбедност беа катастрофални. Современиот тероризам, односно неговото појавување е

[8]М. Котовчевски,(2003), Современ тероризам,Македонска Цивилизација, стр-99.
[9]Митко Котовчевски,(2003), Современ тероризам,Македонска Цивилизација,стр.18.

карактеристично за време на нараснување на немирите во периодот од 1950 до 1970 година кога насилството постана доминантна форма и мошне популарна стратегија за постигнување на определени планиранe ефекти. Ефектите од овие активности беа насочени во правец на подигање на политичката и социјалната свест и можност за"доаѓање до политички израз" на определени социјални групи или организации во општеството. Тероризмот во овој период се користи за подобрување на политичките цели, политичкиот рејтинг, за напад на непријателите без атрибуција или како ефективно и ефтино средство на надворешната политика.

Втората половина од дваесеттиот век го обележува масовното "селење" на тероризмот надвор од државните и национални граници и негова промоција како главна и доминантна форма на политички израз.

Денес тероризмот претставува претпочитана тактика на радикалните фундаменталистички групи посветени на целта да ги уништат своите верски и политички противници.

Кога се мислеше дека "светите војници" ја исполнија својата должност во Авганистан, за која и беа создадени, неможејќи да се согласат со промената на интереси на големите сили пред се, на САД, наместо да го положат оружјето, тие продолжија да војуваат. Дел од нив се вратија во сопствените земји каде што со стекнатите воени и политички вештини, во име на религијата почнаа да поттикнуваат револуција за подобри " човекови права" или едноставно се стопија со постоечките терористички ќелии. Заради религиозната припадност во проблематичните региони, преку еволуирање на религиозниот тероризам, започна создавање на современиот тероризам.[10] Користејќи ја религијата промените во практикување на тероризмот отидоа во насока на вмрежување на терористичките групи и нивно се поголемо интернационализирање. Светските жаришта како Авганистан, Судан, Сомалија, Босна, Косово и останатите делови се вклопуваат во сликата на држави со "пропаднат систем" , како држави во кој системот не функционира ефективно, во име на религијата, станаа рај за терористичките движења и "светите борци" од многу земји.

[10] Hoffman, Bruce ( 1995), Holly Terror, The Implications of Terorrism Motivated by Religious Imperative, Royal Society of Naval Sciences, Stockholm, str. 43

Но, современиот тероризам и неговите ефекти неможат да се разберат без да се осознае улогата на не-државните актери на меѓународен план. Како резултат на глобализацијата, не-државните актери започнаа да играат клучна улога во економските процеси и особено, во, безбедносната и генералната политика. Фактот што современиот тероризам е практикуван токму од ваквите не-државни актери предизвика огромна сложеност при справување со тероризмот на меѓународен план. Современиот тероризам, манифестиран во услови на присуство на оружја за масовно уништување и јасната тенденција за нивна примена, претставува сериозна закана за светскиот мир и безбедност. Соочени со асиметричен противник од меѓународни димензии, особено по нападите од 11 септември, САД, следени од една значителна коалиција на држави, поведоа " Глобална војна против тероризамот. Овој нов пристап, не само во реторичка смисла, туку и во практична смисла означува сериозно придвижување кон третманот на тероризмот како меѓународен вооружен конфликт. Меѓународно правните аспекти на употреба на сила се засновуваат врз правилата на Меѓународното право за вооружен конфликт. Во војната против тероризмот, веќе, се користат армиски сили. Овие сили оперираат според правила на однесување чиј извор се правилата на Меѓународното право за вооружен конфликт.И покрај сериозноста со која се закануваше меѓународниот тероризам, до нападите од 11 септември, тој не го доби потребното внимание. Заради политичките интереси на големите сили како САД и В. Британија, тежиштето на загриженост околу употребата на вооружена сила беше врз трите најфреквентни спомнувани закани: организираниот криминал, внатрешните конфликти и меѓународните конфликти. Од друга страна, пристапот кон справување со современиот тероризам, е мошне комплексен, најмалку поради две причини, и тоа : прво, поради фактот дека станува збор за феномен кој има меѓународни ефекти што наметнува потреба од меѓународен пристап кон негово сузбивање, **второ,** поврзано се претходното, сложеноста во пристапот кон справување со современиот тероризам, практикуван од недржавни актери, е предизвикана токму од примената на меѓународното право. Правилата и принципите токму на меѓународното право во најголема мерка сеуште се фокусирани врз државите како оригинерни субјекти и врз регулирањето на нивните меѓусебни односи. За не-државните актери коишто го изведуваат современиот тероризам, речиси и да не постојат меѓународни договори,

обичаи, принципи и правила со кои се регулира нивното поведение во безбедносна смисла.

Нападите од 11 септември, сепак, претставуваат пресвртница на нештата во погорна насока. После нападите САД, во својата Национална стратегија[11], ЕУ во својата безбедносна стратегија[12] и Извештајот на Генералниот секретар на ООН[13], го вклучуваат и тероризмот како присутна опасност кој ја наметнува потребата од поинаков пристап во размислувањето на употребата на сила во меѓународните односи. Свеста за потребата од поинаков третман кон меѓународниот тероризам можеби најдобро е изработена во извештајот на Генералниот секретар на ОН. Од друга страна, меѓународниот пристап околу спречувањето на тероризмот по 11 септември 2001, освен на декларативен план, значително се промени и на практичен план. Пристапувајќи кон меѓународниот тероризам како кон феномен кој е закана за светскиот мир и безбедност, одредена група на држави, предводени од САД и Велика Британија ги променија концептот и стратегијата околу справувањето со ова зло. Напуштајќи го концептот на третман на тероризмот како криминален акт, во кој стратегијата се заснова на справување со тероризмот преку примена на полициски сили, новиот пристап на претходната група на држави во справување со тероризмот е како кон меѓународен вооружен конфликт. Тоа значи дека, како што истакнавме погоре, во прв план за справување со меѓународниот тероризам се користат воени сили. Овие сили функционираат во склад со меѓународното право за вооружен конфликт.

На терен државите не само што пристапуваат како кон вооружен конфликт, туку и продолжуваат со изведување на операции кои се еквивалент на смена на режими и окупација, односно систем на градење на нации. Овие операции во минатото покажаа дека е потребно сериозно присуство на цивилен фактор.

[11] The white House, ( 2002 ), The national security strategy of the United States of America, Washington DC, September

[12] European Union, (2003), A secure Europe in a Better World, A European Security Strategy, Brussel, The European Council,

[13] United Nation, (2004), High-level Panel on Threats, Challenges and Change, A more secure World, New York, UN

### *2.4* Карактеристики и специфичности на современиот тероризам

Современиот тероризам што на меѓународен план кој го применува Ал Каеда и нејзините афилирани групи, значително се разликува од класичниот меѓународен тероризам со кој светот се соочуваше за време и кратко по завршувањето на Студената војна[14]. Периодот на деведесеттите години од 20 век и она што денес се случува на тој план создаде значително нова, досега невидена слика. Во таа насока, можеме да ги издвоиме следните специфичности на современиот тероризам:

*Прво,* терористичките операции не се ограничени на национално и регионално ниво. Ал Каеда е, на пример, одговорна за изведување на терористички напади во Авганистан, Индонезија, Сомалија, Тунис, Шпанија , Кенија, Мароко итн.[15]

*Второ,* агендата е глобална. Таа не е национална или регионална како што е случај со ИРА, ЕТА, Абу Сајеф итн. Класичниот тероризам се манифестира преку неколку облици. Имено, еден од облиците на манифестирање на тероризмот е преку борбата на властите на една држава против опозицијата, познат и како државен тероризам, од друга страна, за класичен тероризам зборуваме и тогаш кога тероризмот е насочен од опозицијата против позицијата. Причините за тоа можат да бидат различни, од идеолошки несогласувања , борбата на малцинствата за политичка автономија или сецесија и слично. Тоа што во мотивациска смисла се случува со Ал Каеда, ИСИЛ, е значително различно. Нивните агенди се религиозно мотивирани и исполнети со апстрактни цели, која што прерасна во глобален Џихад против неверниците. Целта на оваа агенда е да се врати владеењето на Алах или за нив 'оригиналниот Ислам, кој се шири од Вахабизмот.

*Трето,* искористувајќи ги основите на Исламот, пред се, во поглед на солидарноста врз која се гради оваа вера, Ал Каеда, ИСИЛ успеа да развие транснационална идеологија. [16]Тоа се одрази на тој начин што идејата за глобалниот Џихад се појави како агенда и водич за многу исламски екстремни движења.

---

[14] Scnekner, Ulle,(2004), Internationale Terroristen als Profieteure fragiler Staatlitscheit, SWP- Studie, Berlin Stieftung Wiessenschaft und Politik, стр. 15-16

[15] Ibid, стр.18

[16] Bergen, Peter(2001), Holy war, Inside the secret world of Osama Bin Laden, INC

*Четврто*, организациската поставеност на Ал Каеда, ИСИЛ е исто така со меѓународен предзнак. Структурата на Ал Каеда не е хиерархиска и наликува на она што во академските кругови е познато како Хидра. Тоа значи дека постои јадро со мал број на членови за кое се закачени главни ќелии со голема децентрализација низ целиот свет. Во сателитските ќелии, кои изведуваат операции и независно од главното јадро, се наоѓа конгломерат на исламски фундаменталисти, исламски политички партии и истакнати независни групи врз кои се потпира главното јадро во логистичка и оперативна смисла.

*Петто*, тактиката на современиот тероризам не се совпаѓа со мошне употребуваната реченица на Брајан Џенкис дека терористите сакаат многу луѓе да гледаат, но не многу луѓе да загинат. Настаните од 11 септември 2001 година потврдија дека современиот тероризам се води од девизата повеќе луѓе да гледаат и повеќе луѓе да загинат.

Најнов пример на современиот меѓународен тероризам, беа терористичките напади во Париз во ноември, 2015 година. Вонападите се убиени најмалку 120 луѓе, а во нив учествувале и биле ликвидирани осум терористи.Околу 1.500 луѓе биле присутни во салата „Bataclan" на концертот на американската метал група Eagles of Death Metal (EODM), сала која е во близина на редакцијата на сатиричниот весник Charlie Hebdo, кој во јануари годинава беше цел на терористички напад во кој беа убиени 12 луѓе.Неколку очевидци изјавија дека напаѓачите извикувале „Алаху Акбар" (Господ е голем) и оти нападот е одмазда за францускиот претседател Франсоа Оланд поради учеството во нападите врз џихадистите во Сирија.Полициски извори потврдиле дека сите напаѓачи биле убиени во полициската акција откако било сфатено дека не станува збор за заложничка криза, како што во прв момент се мислеше. Напаѓачите не биле маскирани и носеле експлозивни појаси.Вкупно имало шест или седум симултани напади во неколку делови од градот, со најмалку три експлозии.Станува збор за најголемиот бомбашки напад во Франција во модерната историја. [17]

Од друга страна, споредено со класичниот тероризам, според ефектите, современиот тероризам има силно влијание врз креирање на политиката на голем број држави. Како за пример, Шпанија отстапи од коалицијата кога учествуваше во операцијата 'Слобода за

[17] http://www.nytimes.com/news-event/attacks-in-paris

Ирак`, а под иста закана се најдоа и некои други земји. Намерата на оние кои го практикуваат современиот тероризам е да вовлечат што поголем дел од цивилното население за да ја остварат својата цел, а се огледува и во желбата да употребат и оружје за масовно уништување.

И покрај сериозноста со која се закануваше меѓународниот тероризам, до нападите на 11 септември, тој не го доби потребното внимание. Заради политичките интереси на големите сили како В.Британија и САД, тежиштето на загриженост околу употребата на вооружена сила беше врз трите најфрекфрентно спомнувани закани: организираниот криминал, внатрешните конфликти и меѓународните конфликти.

Од друга страна, пристапот кон справување со меѓународниот тероризам, сам по себе е мошне комплексен најмалку од две причини:

*Првата,*поради фактот дека станува збор за феномен кој има меѓународни ефекти што наметнува потреба од меѓународен пристап кон негово сузбивање. Со други зборови, во напорите на неговото сузбивање треба да бидат вклучени активностите на државите како меѓународни субјекти, но и меѓународните организации создадени од државите.

*Второ,* сложеноста на пристапот кон справување со современиот тероризам, практикуван од недржавни актери, е предизвикан токму од примената на Меѓународното право. Правилата и принципите на Меѓународното право, во најголема мерка, сеуште се фокусирани врз државите како оригинерни субјекти и врз регулирањето на нивните меѓусебни односи. За недржавните актери коишто го изведуваат меѓународниот тероризам, речиси и да не постојат меѓународни договори, обичаи, принципи или правила со кои се регулира нивното поведение во безбедносна смисла. Токму тоа влијаеше да изостане согласност на меѓународен план околу изборот на соодветниот начин на борбата против современиот тероризам.

Нападите на 11 септември, сепак, претставуваат пресвртница на нештата во погорна насока. После нападите, САД, во својата Национална стратегија[18], ЕУ во својата

[18] The White House, (2002), The national security strategy of the USA, Washington DC September

безбедносна стратегија и извештајот на Генереалниот секретар на ООН[19] го вклучуваат тероризамот како честа и присутна опасност која ја наметнува потребата од поинаков пристап во размислувањето на употреба на сила во меѓународните односи.

Свеста за потребата од поинаков третман кон меѓународниот тероризам можеби најдобро е изработена во Извештајот на Генералниот секретар на ОН. Тоа го потврдува и фактот што во него е даден и предлог за прифаќање на дефиниција за тоа што претставува тероризмот.

Од друга страна, меѓународниот пристап околу спречување на тероризмот по 11 септември 2001, освен на декларативен план, значително се промени и на практичен план. Пристапувајќи кон меѓународниот тероризам како кон феномен кој е закана за светскиот мир и безбедност, одредена група на држави, предводена од САД и В.Британија ги променија концептот и стратегијата околу справувањето со ова зло. Напуштајќи го концептот на третман на тероризмот како криминален акт, во кој стратегијата се заснова на справување со тероризмот преку примена на полициски сили,односно, на концептот на третман на тероризмот преку примена на правилата на вооружен конфликт, во кој стратегијата се заснова на комбинирани ангажмани од полициски и воени сили, новиот пристап на претходната група на држави во справување со тероризмот е како на меѓународен вооружен конфликт.

Една од карактеристиките на тероризмот е и улогата лидер на терористичката организација. За феноменот на лидер е карактеристично што тој единствен изразува активна улога, додека останатите членови имаат пасивна улога. Врховните лидери на некој терористички организации можат да се поделат на превземачи и хонорарци. Посебно е важно да се истакне разликата меѓу старите генерации на терористичките лидери и новите меѓународни терористи. Превземачите се терористички лидери кој се користат за изнајмување од страна на "отпаднати" држави, или поедини владини делови на тие режими, или нивни разузнавачки служби. Овој тип на лидери, се на пример, лидерите на палестинските терористички организации (ПЛО, Фатах). Во 90-те години "отпадничките" држави, се повеќе свесни за консеквенсите на западните дипломатски,

[19] United Nation,(2003), High-level Panel on Threats, Challenges and Change, A more secure world : our Share responsibility, New York, UN

економски, воени и политички одмазди, се помалку остваруваат ризични контакти со терористичките организации. Хонорарците се терористички лидери кој се комплетно независни од државите, но можат да работаат во дослух со одредени режими на држави на краткорочна основа. Овој тип на лидери оперираат независно од било која држава и носители се на многу значајни терористички акти.

Тероризмот е политички и насилнички акт кој како таков се одликува со одредени карактеристики. Пред се, се мисли на фактот дека тероризмот е во суштина акт преку кој се пренесува одредена порака која говори за целите кон кои е насочен актот и намерата на извршителите на терористичкиот акт. Токму поради тоа, терористите по сторувањето на актот ја преземаат одговорноста за стореното дело. Страв или предизвикување на страв е друга карактеристика кон која се тежнее во остварувањето на целта. Покрај горенаведените карактеристики се наведуваат и политички мотивирани намери, организираност, насилност и бруталност, разнообликост на објектите и економичност. Исто така едно од основните обележја на современиот тероризам се изненадувањето, одлучноста, дрскоста, офанзивноста, лукавство, покретливост и многу други.

**Изненадувањето** ќе биде потполно како по местото и времето така и по начинот на примена на насилство. За да се постигне целосно изненадување, терористите пред акцијата ги проучуваат обичаите и психологијата на луѓето на поширок простор каде се планира изведувањето на акцијата.

**Одлучноста** кај терористите се применува секогаш и до крај.

**Дрскост** се применува во континуитет, а до израз доаѓа на места каде силите на одбраната најмалку се надеваат и каде се осеќаат најбезбедни.

**Офанзивност** се постигнува со непрекидно насилство на повеќе објекти истовремено како би се исцрпиле силите на одбраната.

**Лукавост** кога терористите ја доведуваат жртвата во заблуда, додека **подвижностаја** постигнуваат преку избор на соодветни транспортни средства, исклучителна психофизичка сила и опременост.

Карактеристиките на тероризмот се поврзани со неговото манифестирање и тоа го чини специфичен феномен. Тероризмот се манифестира во реализирање на терористички акти, кој имаат одредени карактеристики. Носител на секој облик на тероризам, а со самото тоа и терористичкиот акт, е секако човекот како припадник на некоја терористичка организација. Тероризмот е условен со постоење на терористичка организација, како колективитет и човек, како поединец, и непосредни актери на тероризмот. Понатаму, карактеристично за тероризмот е дека повеќето терористички акти, се насочени против цивилното население, со тежнеење кон тероризирање на што е можно поголем сегмент од општеството, со кој се настојува да се остварат проектираните цели.

***Како основни карактеристики на тероризмот се сметаат :***

- *Актот на насилство*
- *Предизвикување на страв*
- *Остварување на политичи (криминални) цели.*
- *Пренесување на одредена порака*
- *Организираност*
- *Бруталност, неморалност и ирационалност на терористичкиот акт*
- *Избор на жртва и објект на напад*
- *Противзаконитост на терористичкиот акт*
- *Осудување на тероризмот*[20]

***Актот на насиство*** е еден од најбитните елементи на тероризмот. Секој терористички акт е, всушност, насилство. Насилството најчесто се огледува во грубата употреба на сила, преку различни начини и средства.

***Предизвикување на страв*** и други психолошки реакции спрема жртвата и објектот на напад е друг битен елемент на тероризмот. Предизвикување на состојба на анксиозност, како последица на терористичкиот напад, е посакуван ефект кон кој тежнеат терористите.

[20]Prof. Simeunović, Dragan, "Terorizam", opšti deo, Pravni fakultet u Beogradu, 2009.

***Остварување на политички (криминални) цели.*** Лепезата на политички цели кој сакаат терористите да ја остварат е широка, и бара согледување на сите аспекти, каде на терористичкиот акт му се дава елемент на политичност. Најчесто се работи за неусклаеност на политичките цели и средствата за нивно остварување, што значи дека политичките цели насојуваат да се остварат на недозволен и од аспект на општествени норми неприфатлив начин. Потребно е да се напомене дека преку тероризмот може да се остварат и одредени криминални цели.

***Пренесување на одредена порака*** е составен елемент на тероризмот, со кој носителите на тероризмот укажуваат на своите цели, намери, мотиви итн. Пораката е насочена како према жртавата и објектот на напад, исто така и спрема своите истомисленици. Токму поради таа причина присутен е феноменот на " преземање одговорност " за извршениот терористички акт. Исто така, пренесувањето на одредена порака е со настојување да се укаже намерата и истрајноста во превземање на акти на тероризам поради остварување на поставените политички цели.

***Организираност*** е особина која подразбира постоење на терористички организации, како непосредни носители на тероризам, кој се основаат и дејствуваат во илегала. Терористичките организации планираат, подготвуваат, и се одговорни за преземање на терористичките напади. Покрај илегалните терористички организации постојат и такви терористички организации кој ги спонзорира одредена држава и кој делуваат во интерес на истата.

***Бруталност, неморалност и ирационалност на терористичкиот акт*** се карактеристики на терористичкиот акт кој му даваат посебна конотација и го сврстуваат во редот на најголеми злочини и опасност на денешницата. Овие карактеристики укажуваат на смислата на тероризмот, како брутално насилство, кој нема обзир спрема било какви морални, обичајни, општествени и други норми, а се поради остварување на ирационални цели.

***Избор на жртва и објект на напад*** е една од најзначајните карактеристики на тероризмот. Подразбира голема разноликост на жртви и објекти на напад. Се стекнува впечаток дека нема жртва, ниту објект на напад кој неможе да биде мета на терористички

напад. Така мета на терористички напад може да биде се она што има поврзаност со правниот поредок.

***Противзаконитост на терористичкиот акт***е една општа карактеристика на тероризмот, која не е во врска со конкретно извршување на терористичкиот акт, но е *de facto*, секогаш присутна кога се говори за тероризмот. Нема терористички чин кој не е осуден како таков, било да е збор за официјални осуди, било да се работи за "гадење" од терористичкиот чин.

***Интернационалниот карактер на тероризмот*** на тероризмот подразбира дека тој не е ограничен од различните политичко-општествени системи, ниту од просторна оддалеченост на поедини земји(географски). Терористичките групи просторно не се ограничуваат само на делување во рамките на една држава, туку своите активности ги спроведуваат во повеќе земји, па и на други континенти. Постои и соработка меѓу терористичките групации на интернационално ниво. Интернационализацијата на тероризмот влијаеше на зацврстување на соработката на државите кој имаат или може да имаат проблем со тероризмот. Поттик за забрзување на активностите на ООН на ова поле беше терористичката акција извршена на Олимписките игри во Минхен во !972 година. Порастот на бројот на терористичките акти, големиот број на жртви, доведе до поголема ангажираност на меѓународната заедница за донесување на мерки за спротивставување на тероризмот.[21]

## 2.5 Терористички организациски модели

Познавањето на тековните и идните модели на терористичките организации го подобрува свиќањето за дејствувањето на тероризмот во современото операционо опкружување.

Презентирањето на генерализирана операциона структура може да претставува проблем, бидејќи терористичките групи се наоѓаат на различни нивоа на развој во поглед на способностите. Промената во терористичкото водство, без оглед дали се случило како резултат на генерациска транзиција или е одговор на засилени безбедносни операции,

[21]Жељко Мојсилович (2009), Београд, Тероризам и преговарање

може да претставува сигнал за значајни приспособувања на организациските приоритети и расположливи начини на реализирање на терористички акти. Групите кој се поврзани преку етничка или националистичка агенда и кои ги ограничуваат нивните операции на една земја или на одреден регион имаат потреба од помали капацитети. Поголемите групи може да настанат како резултат на спојување на повеќе помали или, пак, малите групи може да се одвојат од големите терористички организации. Организацискиот метод е ситуација што зависи од специфичните околности на операционото опкружување во текот на одреден период.

Постојат две категории на организација:

- Хиерархиска
- Мрежна

Терористичката група може да примени еден тип или комбинација на двата модела. Ќелијата претставува основна внатрешна единица на организација на двата модела. Во структурата на терористичката организација функционираат четири видови на ќелии:

- Командна ќелија
- Операциона ќелија
- Разузнувачка ќелија
- Ќелија за поддршка

Во софистицираните групи овие ќелии можат да бидат високо специјализирани. Во поновите и помалку софистицирани групи, операционите ќелии треба да извршуваат неколку служби. Големините на ќелиите се типични и се составени од три до пет лица. Како што расте организацијата, ќелиите може да се групираат во " секција" и секоја содржи две до три ќелии.

7.1 *Хиерархиска структура*

Терористичките организации со хиерархиска структура имаат прецизно дефинирана вертикална линија на команда, контрола и одговорност. Разузнувачките информации и

податоците се движат нагоре и надолу преку организациски канали што кореспондираат со вертикалните линии, но може информациите да се пренесуваат и хоризонтално низ терористичката организација. Нејзината структура ја сочинуваат раководните органи и огранците или единиците што своето дејствување го базираат врз прецизно воспоставени хиерархиски односи.

Хиерархиските структурни терористички организации имаат висока специјализација на функциите на нивните субординирани ќелии, како што е поддршката, операциите и разузнувањето. Вообичаено , само водачот на ќелијата има информации за другите ќелии или контакти заради заштита на идентитетот и за локацијата на другите членови, а само главното водство има прегледност\видливост на целата терористичка организација. Водачот на терористичката организација е носител на идеологијата, ги поставува нејзините цели, стратегијата и тактиката. Тој е кохезивното јадро на групата, личност во која е сконцентрирана огромна моќ.

Во минатото, тероризмот бил препознатлив преку организации коишто што ги идентификува командна и контролна структура, која била подложна на револуционерна теорија или идеологија. Радикалните левичарски организации, како што се Јапонската црвена армија, црвената армиска фракција, ИРА и Баскиската ЕТА, ја применуваат оваа структура којашто им овозможува контрола над димензиите на насилството[22]. Овие терористички организации имаат јасни дефинирани политички, општествени или економски цели и соодветни елементи како политичко крило или општествени групу за активна поддршка за регрутирање нови членови, публицитет, промовирање на целите и пропаганда. Потребата за координирачки акции меѓу различните подредени ќелии фаворизира силна хиерархиска командна структура, која може да спречи несакани индивидуални престапи.

Прво, контрола може да се изведе над операциите, подразбирајќи ги целите, како и процедурите со кои операциите се изведуваат. Второ, контролата, истоа така, може да биде изведена и над ресурсите, подразбирајќи финансиски ресурси, иформација и

[22]ИРА се воздржа од користење на насилство десетина дена по нападите во подземното метро во Лондон на 7 Јули 2005 година. Желбата да се разликуваат од сторителите на масовни недискриминирачки насилни акти беше најверојатно еден од факторите што влијаеа врз одлуката на ИРА.

персонал. Затоа, сме оставени со две варијабли- контрола врз операциите и контрола врз ресурсите.

Со идентификација на кој ги контролира ресурсите, а кој операциите, може да генерираме редна скала на четири нивоа за тоа колку е хиерархиска организацијата. За конзистентност, ќе ја наречеме хиерархиската организација централизирана, а нехиерархиската организација децентрализирана. Ова се вклопува убаво со забелешката дека критичен елемент на хиерархијата е централната контрола. Затоа, ја имаме следнава скала[23]:

1. организацијата е централизирана кога центарот директно ги контролира операциите и ресурсите.

2. организацијата е de facto централизирана ако: 1. Центарот ги контролира ресурсите, делегира операции, но има кредибилна способност да ги набљудува операциите, и задржува ресурси ако операциите не се спроведени како што му се доаѓа. 2. Центарот ги контролира операциите, делегира со набавка на ресурсите, но има и кредибилна способност да се вклучи во насилство против фракии.

3. организацијата е de facto децентрализирана кога или: 1. Центарот ги контролира ресурсите, ги делегира операциите, но нема кредибилитет да ги набљудува операциите, или 2. Центарот ги контролира операциите, го делегира обезбедувањето ресурси, но нема кредибилна способност да се вклучува во насилство над фракции. Во овој случај, контролата се извршува само над каприците на фракцијата.

4. организацијата е децентрализирана кога центарот обезбедува само идеолошки правец и ќелиите се самофинансираат или се координираат меѓу себе во однос на операции и ресурси.

Успешното изведување на терористичка кампања бара домашни активности, вклучувајќи афирмација на фондови, обезбедување оружје, собирање разузнавачи, регрутирање нови членови, ангажираност во публицистички и медиумски врски, обука, употреба на оружје, правење бомби и одржување безбедност. Поради тоа што овие активности се корисни

[23] Jacob N Shapiro, *Organizing Terror: Hierarchy and Networks in Covert Organizations*, Stanford University, 2005

само во комбинации, нивото на специјализација е ограничено од потребата да се координираат активностите и е ултимативно ограничено од нивоата на внатрешна поврзаност и хиерархија во организацијата, како и од средината на изведување во која координацијата мора да биде постигната.

Многубројни пречки на специјализацијата можат да бидат идентифицирани. На пример, една децентрализирана организација ќе ја разбере специјализацијата одржлива само ако е присутен начин за постигнување координација меѓу ќелиите. Поради тоа што ваквата координација бара голем дел на делење информации, поставува ограничувања за ќелиската организација и инволвира значајни безбедносни ризици. Затоа, специјализацијата во децентрализираните организации е само изводлива во смисла на тоа дека постигнува одредени определени организациски аспирациски нивоа кога меѓусебната поврзаност не е премногу ниска и кога постои безбедна локација или комуникациски канал каде што информациите може да бидат разменети. Контрасно, хиерархиската организација може да ја поддржува специјализацијата дури и на ниски нивоа на меѓуповрзаност, се додека хиерархијата е во можност на адекватен начин да ги додели ресурсите без да генерира неприфатливи безбедносни трошоци од меѓусебните врски. Исто така би можеле да очекуваме дека помалку интерконектираните организации имале поголеми тешкотии во одржување операциски специјализации. Најважно, можноста да се комуницира и да се координира меѓу специјализирани ќелии е нераздвојно редуцирана од желбата да се лимитираат меѓусебните врски, како што е способноста на групата да учи од искуствата на нејзините ќелии. Соочувајќи се со своите ограничувања, ќелиите, најверојатно разумно би ја одбрале опцијата да развиваат внатрешни сопствени способности за да изведуваат активности што се бараат, но се тешко изводливи бидејќи се потпираат на хиерархијата.

7.2 *Мрежна структура*

Терористите се повеќе користат поширок систем на мрежи, за разлика од нивното искуство во минатото кога се потпирале врз хиерархиска структура. На терористичките

групи што се засновани на верски мотиви или групи- терористи на еден спор може да има недостасува одредена политичка или националистичка агенда. Тие имаат помала потреба за хиерархиска структура за координација на плановите и на активностите и се базираат на лабава поврзаност со групи или поединци од различни локации. Општите цели и местата за напад се објавуваат, а од поединците или ќелиите се очекува да ја искористат флексибилноста и иницијативите за спроведување акција за поддршка на овие упатства\насоки.

Ефикасноста на мрежната организација зависи од неколку фактори. Мрежата постигнува долгорочна организациска ефективност кога ќелиите делат обединувачка идеологија, заеднички цели или заемни интереси. Проблемите за мрежната организација, кои не споделуваат единствена идеологија, се јавуваат кога ќелиите извршуваат цели или преземаат активности што се котрапродуктивни за терористичката организација. Во овој случај, независноста на ќелиите води кон успех за развивање синергија меѓу нивните активности и го ограничува нивниот придонес кон заеднички цели.

Терористичките ќелии на мрежите не контактираат со други ќелии, освен за координација од суштинско значење за одредена операција или функција. Избегнувањето на непотребната координација или командно одобрување на спроведување акција обезбедува способност за терористичките лидери за одрекување одговорност за определени акти на терор, како и подобрување на оперативната безбедност.

Мрежите не се целосно зависни од модерната информатичка технологија за ефикасно командување и контрола. Организациската структура и протокот на информации и насоки во внатрешноста на организацијата се дефинирачки аспекти на мрежите. Додека информатичката технологија може да влијае врз ефикасноста на мрежата, ниската технологија, преку курири, хартиени пораки и фиксни телефони, може да им овозможи на мрежите да избегнат детектирање и да функционираат ефективно во одредени околности.[24]

[24] Тања Милошевска, Скопје,2014), Модели на поврзаност на тероризмот и на транснационалниот организиран криминал.

Предизвикот не се согледува само од соочување со мрежните противници, туку од одредување со кој вид мрежа се соочуваме, а потоа и одредување на фактичкиот состав и на врските во рамките на таа мрежа.

**2.6 Терористички организации**

Организационата структура на терористичките организации секогаш е во функција на целите на организацијата, односно претставува најцелисходен механизам кој користејќи определени методи во активностите на организацијата, остварува однапред определени и формулирани политички, општествени, економски и други цели.

Заедничка карактеристика на сите терористички организации е тоа што тие претставуваат илегални организации чие постоење и делување укажува на зголемен степен на општествена опасност и загрозеност на националната безбедност. Со тајниот карактер на организирање и делување на организацијата се означува и методот на делување, што подразбира дека неговите членови ја прикриваат припадноста, тајно се состануваат, договараат и тајно дејствуваат.

Современите терористички организации меѓусебно многу се разликуваат во поглед на нивната големина, организациска поставеност, географскиот простор на дејствување, идеолошка платформа, стратегија и тактика на дејствување.

Терористите се организираат за дејствување, во средината каде што ги изведуваат своите активности, додека организциските детали првенствено се детерменирани од специфичноста на ситуацијата. И покрај влијанието од определени специфичности, постојат и неколку општи организациски принципи.[25]

Општа карактеристика на терористичката активност претставува нивната солидна организираност. Помеѓу различните меѓународни, регионални и национални терористички организации со иста или со различна политичка и идеолошка ориентација се воспоставува соработка со што се создаваат предуслови за интернационализација на нивниот состав.

[25]Митко Котовчевски, (Скопје,2013), Национална безбедност, Филозофски Факултет, Скопје.

Водачот на групата е носител на идеологијата, ги поставува нејзините цели,стратегијата и тактиката. Тој е кохезионо јадро на групата, личност во која ќе се концентрира целиот процес на раководење, односно во личноста на водачот ќе биде сконцентрирана огромна моќ.

Терористичката организација има своја цел, план и програма за остварување на таа цел, а поединецот или групата се јавуваат само како непосредни извршители на определен терористички акт.

Внатрешната организација на терористичките организации се утврдува со статут или со некој друг документ под друг назив.

Во досегашната пракса на организирање на тајните терористички организации можеме да издвоиме два основни системи на организација. Тоа се системите на тројки и петки и системот на ќелии и ограноци.

Системот на тројки и петки подразбира дека основниот елемент на организација обезбедува еден член на организацијата( кој е раководител), да познава само уште два или четри членови на организацијата. Единствено само раководителот може да ги познава членовите на основните тројки или петки и членовите на раководните тројки и петки.

Ќелијата претставува многу мала, многу ефикасна, многу жилава и убиствена организација.

Ќелиите обично се делат во ударни групи кои уживаат определена акциона самостојност. Помеѓу ќелите постои силен натпреварувачки дух и тие секогаш се натпреваруваат кој од нив ќе оствари подобар резултат. Секоја ќелија има конспиративно име. Составени се од пет до десет луѓе, а во зависност од сериозноста на конкретната акција, нивниот број може да се зголемува.

На врвот на организационата пирамида се наоѓа раководно тело во вид на централен или главен комитет, одбор, биро итн.

Речиси секогаш има поголем број на изведувачи на напади кој најчесто се способни да ги увежбуваат новите членови на терористичката организација. Овие активни помагачи се

бројна група кој самите и не се членови на терористичката група. Тие обично материјално им пружаат помош на членовите на организацијата во изведувањето на операции, но понекогаш дејствуваат и во изведување на нападите но во споредна улога. Пасивните помагачи се на дното на хиерархијата, тие се најбројни, а претставуваат поединци кој знаат за терористичката активност, но одлучуваат нивните активности да ги игнорираат. Основното начело на делување е прилично едноставно. Делење на организацијата на многу мултиперсонални групи и делење на информацијата внатре во секоја ќелија. Терористичката организација се состои од: планирачки или поддржувачки ќелии, подморничка ќелија и егзекуциска ќелија. Поединци разочарани од општествениот систем и немоќни да го променат поредокот и односите во општеството, се одлучуваат на вакви терористички напади врз луѓе на клучни места и врз власта која е одговорна според нив за настаната состојба со цел да се привлече внимание за одреден проблем и ваквите ситуации можеме да ги дефинираме како **индивидуален тероризам.** Секако тука е и самоубиствениот тероризам кој може да биде составен начин на делување на било која организациска структура, а и самиот психолошки фактор кој го предизвикува експлозијата е многу голем.[26]

Терористичките организации може да бидат на регионално, национално и меѓународно ниво. Како што споменавме погоре секоја терористичка организација е сочинета од ќелии и ограноци. Основна градбена единка на терористичката организација е ќелијата. Таа се карактеризира со жилавост, адаптибилност, истрајност, конспиративност и убиственост. Секоја од нив брои од 5 до 10 членови во просек. Членовите на ќелијата се со различни профили и се најчесто експерти од различни области највеќе од областа на ракување со оружје и експлозиви.

Внатрешната организација е таква што оневозможува да ќелиите меѓусебно се свесни за активностите на соседните ќелии, ниту пак ги познаваат нивните членови. На секоја ќелија има раководител кој ги познава своите членови и му е претпоставен на главниот лидер на организацијата. Безбедноста е основна организациона карактеристика на секоја терористичка организација, бидејќи операциите на организацијата се изведуваат најчесто

[26] https://hr.wikipedia.org/wiki/Terorizam

во опасни и непријателски средини. Членовите на организцијата користат конспиративни имиња.

### 2.7 Реконцепција на тероризмот како безбедносна закана

Денес, концептуалната рамка, во која појавата на тероризам се проучува од 19-от век, станува премногу ограничена. Со исчезнувањето на биполарниот светски поредок, тероризмот мутирал и, во голема мера, се оттргнал од доменот во кој тој е анализиран. Поширокиот домен на закани, коишто сега го напаѓаат општеството по падот на Берлинскиот ѕид, одбезбедува соодветна рамка за редефинирање и реконцепција на тероризмот како безбедносна закана.

По завршувањето на Студената војна и по отпочнувањето на мировниот процес на Блискиот Исток и во другите невралгични региони, тероризмот не само што не исчезна туку, напротив, почна да се манифестира уште поинтензивно со целата своја жестокост.

Со бледнеењето на идеолошката мотивираност на терористичките групи, претходно потенцираните извори уште повеќе го засилија своето движечко дејство на современиот тероризам насекаде во светот. Тероризмот не само што го преживеа неуспехот на Студената војна туку достигна ренесанса на глобален план како најопасна глобална закана на мирот и на безбедноста на сите нивоа.

Во мера во која тероризмот станува се поприсутен на глобалната сцена, паралелно со националната, неопходно е да се спроведува и меѓународна димензија на одговорот. Тоа е мошне значајно бидејќи денес се помалку постојат чисти внатрешни терористички организации што немаат изградено силни врски со одредени меѓународни организации. Домашните терористички кампањи неминовно вклучуваат и меѓународни аспекти, како што се финансирањето, набавка на оружје и експлозиви, политичките врски со силни терористички организации, размената на инструктори итн. Во нивната поддршка се неизбежни и врските со структурите на меѓународниот организиран криминал, кои се јавуваат како значајни спонзори, како и врските со нивните приврзаници во странство.

Постои висок степен на меѓусебна поврзаност и испреплетеност на внатрешните и на меѓународните терористички организации.

Нивниот огромен број извори на финансирање и логистичка поддршка е вешто дисперзиран во повеќе држави во светот. Нивниот buxet значајно го надополнуваат преку самофинансирање, односно преку прибирање валкани пари со извршување криминални активности.

Додека тероризмот во минатото бил најмногу политички мотивиран и спонзориран од државата, тероризмот во деведесеттите години бил религиозно ориентиран, особено исламистичките екстремисти, или, пак, имал етничка димензија. Во деведесеттите години започнува да преовладува "новиот тероризам" на меѓународната сцена. Овој нов тероризам, кој асоцира со Ал Каеда и со настаните од 9\11, значајно ја предизвика светската безбедносна ситуација и има влијание врз меѓународната безбедност.

Групите што припаѓаат на новиот терористички бран се:

- Децентрализирани и многу поделениќ
- Групите обично немаат единствен централен водач
- Групите немаат централно сместени бази
- Членовите имаат поголемо борбено искуство и слободна на движење
- Насочување на планирањето на операциите се раководи од индивидуални ќелии.[27]

Новите терористи се финансиски подобро поддржани со приходи од бројни легални и нелегални извори и според тоа, се независни од спонзорството на државата. Новиот транснационален тероризам го спроведуваат недржавни учесници, кои дејствуваат во лабаво организирани глобални мрежи. Како транснационални учесници, новите терористи не мораат да ги почитуваат институциите на власта, може да дејствуваат преку границите и имаат пристап до различни извори на финансирање и технологии. За разлика од терористите во минатото, кои биле финансирани од една држава, денешните нови терористи не зависат од која било држава и според тоа, не се служат со традиционалната дипломатија или со воена закана, не постои држава со која треба да се преговара или

[27]Митко Котовчевски, Современ тероризам, Македонска цивилизација, Скопје, 2003

држава на која треба да и се одмаздува.[28] Поради нивната транснационална природа, многу е потешко да се спротивставува против новите терористички мрежи отколку против старите традиционални терористички мрежи.

За таа цел, како императив се наметнува и потребата за непрекинато зајакнување на координацијата на меѓународната противтерористичка разузнувачка активност на што е можно поголем број држави во меѓународната заедница.

Оваа координација треба да се реализира паралелно со зајакнувањето на националната координација на секоја држава поединечно, со цел истовремено да се "покријат" сите внатрешни и надворешни закани.[29]

За традиционалниот тероризам е карактеристично насилството, кое претставува доминантна форма и популарна стратегија за постигнување определени планирани цели и ефекти, поточно се користи за подобрување на политичкиот рејтинг и како ефективно средство на надворешната политика.

Новиот тероризам се одликува со воен карактер, екстремна бруталност, односно нов стил на дејствување, кој ќе биде поразорен и поубиствен во споредба со традиционалниот тероризам. Новите терористички организации постојано го усогласуваат своето дејствување со современите процеси, достигнување во науката итн. Една од курцијалните димензии што го идентификуваат новиот глобален тероризам претставува организациската структура и радиусот на дејствување на терористичките мрежи, кои првенствено се организирани на корпорациски систем на дејствување, по модел на внатрешната структура на мултинационалните корпорации, што подразбира висок степен на внатрешна децентрализација, помала улога на лидерот, односно централа што се повеќе добива улога на невидлив центар од кој пулсираат нови мотивирачки идеи и нова идеолошка платформа, со помош на која тероризмот се чини прифатлив и рационален за се поголем број млади и образовани поединци. Оваа современа терористичка мрежа прераснува во виртуелен глобален систем, кој е многу тешко да се лоцира и да се

---

[28] Russell D Howard and Reid L Sawyer, Terrorism and Counterterrorism: Understanding the New Security Environment, Dubuque, Iowa: McGraw Hill Contemporary Learning Series, 2006, 93-101

[29] Митко Котовчевски, Борба против тероризмот, Македонска цивилизација, Скопје, 2004

идентификува, систем способен да ја користи современата технологија за собирање на потребните информации и за извршување на терористичките операции.

Новите терористички организации имаат меѓународен и глобален домен, фокусирани се на глобалниот противник и на глобалните прашања, исто така, честите самоубиствени напади треба да се сфатат и да се разгледуваат како дел од комплексниот начин на терористичко дејствување, односно сите самоубиствени терористички кампањи имаат заедничка карактеристика- специфична стратегиска цел: да ги принудат демократиите да ги повлечат своите воени сили од територијата што е од терористичко значење.Новиот тероризам се одликува со верски фанатизам, мотивиран од верски императиви и предизвикува посилни акти на насилство, кои предизвикуваат поголем број жртви и поголеми разурнувања отколку актите на терористичко насилство, предизвикани од секуларните или традиционални терористички организации.

Во економскиот зависен систем, со полесен пристап до оружјето за масовно уништување, новиот тероризам ги менува целите и стратегијата на сопственото дејствување. Неговата цел се повеќе се поместува од едноставен психолошки ефект на креирање страв и несигурност кон цели за масовно разорување делови од светските економски, технолошки мрежи. Современите терористички организации имаат непречен пристап и големо значење за конструирање оружје за масовно уништување, кое ја мултиплицира нивната деструктивност и создава потенцијал за надминување на психолошките бариери за употреба на ова оружје за реализација на иден супер терористички чин.

Формите на појавување на тероризмот во дваесет и првиот век, во голема мера, го надминуваат традиционалното сфаќање за тероризмот, ја отсликуваат неговата комплексност, динамичност и интензивност, но и неговата огромна опасност за националната безбедност на државите и на севкупната меѓународна безбедност.

Високиот степен на децентрализација и флексибилност во организациски поглед, поточно високиот степен на оспособеност на членовите на современата терористичка мрежа да применуваат современи технички иновации за обезбедување финансиски средства и водење сопствена пропаганда, способност за брзо приспособување на стратегијата и тактиките на дејствување кон глобалните економски и политички промени без промена на

сопствените политички цели, ја прави новата меѓународна терористичка мрежа способна за брзо приспособување и ефикасно да дејствува во новото опкружување. Денес, тероризмот е важна компонента во војна или како замена за водењето војна, која бавно, но сигурно, го контаминира светот во изминатите три децении. Во почетокот на 21- век, тероризмот станува главна безбедносна грижа за владите во светот. Државниот тероризам во ерата на Студената војна, дали политички или идеолошки, речиси и исчезнал. Со крајот на Студената војна, нови учесници се појавиле на терористичката сцена: оние најрадикалните се фанатиците, како што се исламските терористи, но, исто така, постојат и неполитички криминални групи, како што се мафијашките банди, сектите што го најавуваат судниот ден и други слични ирационални и насилни групи.[30]

Парадоксален е фактот дека една од карактеристиките на новите терориситчки организации, покрај нивната дисперзивна внатрешна структура, е постоењето висока координираност во сите фази, од планирање и подготовка, па се до непосредно извршување на терористичкиот акт. Современите терористи се разликуваат во организацијата, иделогијата, начинот на финансирање, вештините со кои располагаат и во операциите од класичните терористи.

Тероризмот во иднина ќе вклучува се повисоко ниво насилство и негова основна карактеристика во иднина ќе претставува непредвидливоста и сложеноста. Растечката се поинтензивна и побрутална ескалација на тероризмот треба и мора да се разгледува не само како придружна појава што оди заедно со сите позитивни и негативни страни на процесот на глобализацијата, туку и како опасност што најсериозно се заканува да се вкорени како најоптимален насилнички модус за ефикасно остварување на поставените цели.

[30]Xavier Raufer, *Chaos, terrorism and beyond: a strategic prognosis*, Criminology Institute, University of Paris II-Panthéon Assas, Department for the Study of the Contemporary Criminal Menace (MCC), Paris II, december 2008.

## 2.8 Профил на терористите

Сите досегашни напори на научниците и истражувачите на тероризмот да "насликаат" профил на еден " типичен терорист" беа со различен и променлив успех. Всушност, не постои заклучок, односно јасно утврдено гледиште за еден таков профил со посебно определени атрибути или карактерни особини суштествени за терористот. Исто така научниците, немаат успеано да идентификуваат еден единствен, уникатен "склоп на терористичката свест", односно единствен " терористички начин на размислување" карактеристичен за размислување на нивниот спектар на насилно дејствување.[31]

Профилите на терористите карактеристични за овој период се конструирани од Чарлс Расел и Брауман Милер,кои мошне опширно се елаборирани во студиите поврзани со тероризмот.[32]

Според нив, терористите се главно самци, мажи на возраст од 22-24 години кои имаат некакво повисоко образование, ако не и универзитетска диплома.

Женските терористи се повеќе преокупирани со давање поддршка отколку со оперативна улога. Повеќето од нив имаат анархистичко или марксистичко гледање на светот и се регрутирани додека биле на универзитет. Исто така,според нивниот наод, урбаните терористи имаат широко урбано потекло и многу терористички кадри се од средната класа или дури повисоката класа во општеството. Тие се солидно образовани и со факултетска диплома.

Иако, денес, нивниот модел е застарен, со невалиден методолошки пристап и неверодостоен, сепак може да се искористи како основен водич за изведување на некои воопштувања во врска со типичните лични карактеристики на терористите, во комбинација со други информации.

Едгард О'Баланс ги предлага следните најбитни карактеристики на успешниот терорист: посветеност, вклучувајќи го атрибутот на апсолутна послушност кон лидерот на

[31] М.Котовчевски,(2004),Борба против тероризмот, стр.47

[32]Митко Котовчевски,(2011), Менаџирање на терористички закани,Филозофски Факултет, Скопје, стр. 61-74

движењето, лична храброст, немање чувство на жал или сожалување или грижа на совеста, прилично висок степен на интелегенција, висок степен на софистицираност итн.

Расел и Милер открија дека просечната возраст на еден активен терорист, наспроти лидерот била 22 и 25 години, со исклучок на германските, јапонските и палестинските терористи каде возраста е од 20 и 25 години.

Трендот за возраста на членовите на многу терористички групи опадна во осумдесеттите кај различни групи, некои групи имаа и членови од 16 и 17 годишна возраст.

Во голем број земји зафатени со етничко, политичко и религиозно насилство оваа старосна граница се движи по надолна линија. Терористичките групи во овие држави, нивните нови членови ги регрутираат на уште помала возраст, бидејќи тие и самите се сведоци на убивања, така што чинот на убивање го прифаќаат како единствен начин да сесправат со проблемите и нанесените неправди.

За разлика од терористите, нивните лидери се многу постари. Нивната старосна граница се движи од 35 до 60 години, додека некои се и многу постари.

Најголем број на терористи имаат повеќе од просечно образование. Според сознанијата на Расел и Милер, околу 2/3 од ченовите на терористичките групи имаат определена форма на универзитетско образование. Помеѓу 50% и 70% од младите членови на латиноамериканските урбани терористички групи биле студенти. На високообразовните регрути им се давани водечки места на ниво на ќелија или на национално ниво. Професиите на терористичките водачи често се од рангот на лекари, банкари, адвокати,инжењери, новинари, универзитетски професори, владини службеници итн. Многу терористи кои биле во состојба да останат анонимни најверојатно продолжиле да ги извршуваат своите легитимни професии.

Терористите обично се луѓе кои се чувствуваат отфрлени од општеството и се гледаат себеси како жртви на неправди, кои ќе се обидат да ги исправат. Оттука почнува и нивната вечна борба, со општеството, со неправедниот политички систем и со се што претставува симбол на институциите на тој систем. Тие се цврсто посветени на

политичката, националната, и религиозната кауза и не гледаат на своите насилнички дејствија како на криминални дејствија.

Терористите се луѓе со способности и вештина доведена до совршенство,иницијативност, но и безобѕирност и немилосрдност. Тие не покажуваат страв, двоумење, нерешителност, сожалување за нивните сторени дела.

Тие се способни да употребуваат разновидно оружје, превозни средства и најсовремена опрема за комуникации. Терористите солидно комуницираат и се адаптираат на околината која преходно солидно ја проучиле. За да биде сликата за терористите уште појасна ќе потенцираме една листа од девет психолошки карактеристики:

- Амбивалентност со власта
- Сиромашна и дефектна внатрешност
- Приврзаност и следење на конвенционалните модели на однесување
- Емоционална издвоеност од последиците на нивното дејствување
- Нарушување на сексуалниот идентитет со функционална несигурност
- Суеверие,магија и стереотипно размислување
- Етеро и самоуништување
- Ниско ниво на образовни референци
- Перцепирање на оружјето како фетиш и субкултура за прифаќање на определени форми на насилство.

Според анализите направени за припадниците на терористичките организации во доцните седумдесетти на минатиот век, најголем број од терористите не биле во брак. Фамилијарните одговорности главно биле пречка за исполнување на неопходните барања за мобилност, флексибилност, иницијатива, сигурност и целосна посветеност на револуционерната кауза.

Терористите се здрави и силни, но обично со незабележлива појава и манири. Физичкиот добар изглед и кондиција кај некои од нив може да биде како последица на интензивни командо-тренинзи. Тие најчесто се со средна висина и градени за лесно претопување во толпата. Не смеат да имаат абнормална физиономија и воочливи физички недостатоци.

## 2.9 Фази на дејствување на терористите

Анализирајќи ги досегашните искуства се доаѓа до сознание дека нашата цивилизација живее во време на чести терористички активности, па и тежнеењето за негово спротивставување е поинтензивно. Потребно е активностите во спротивставување на тероризмот да се спроведат во сите фази на терористичкото делување. Терористичкото делување обично го карактеризира период на подготовки и период на изведување. За терористите најчесто се дознава откако нивните активности јавно ќе се искажат.

Истражувачите на оваа проблематика имаат изнесено различни погледи на фазите на делување на терористите. Постојат пет фази во терористичко делување ( фаза на подготовка, приближување, фаза на преговори, фаза на изведување на акцијата и фаза на извлекување на терористите ). [33]

1.Фазата на подготовка се состои од обучување, увежбување, изработка на планови и подготовка на логистичка поддршка за изведување на акцијата. Приближувањето подразбира трајно завземање најповолни позиции во близина на противникот со кој покасно би настапил напад.

2.Фазата на преговори обично е присутна во случаевите на терористички акти на држење на заложници или киднапирање, кога се преговара поради исполнување на барања и стекнување на публицитет.

3.Фазата на изведување на акцијата трае многу кратко. Понекогаш и фаза на преговори и не постои, туку фаза на изведување на акцијата следува непосредно по приближувањето на терористот кон објектот на напад.

4.Фаза на изведување на акцијата претставува крај на акцијата.

5.Фазата на извлекување ја карактеризира анализа и прикупување на искуства од изведената акција. Кај некои автори можеме да видиме дека терористичкиот акт на земање на зложници е од самиот почеток до завршетокот поделен на три фази и тоа фаза на застрашување, фаза на притвор и фаза на разрешување. Во секоја од тие човечките животи се загрозени, секоја од нив е напната и непредвидлива до последен момент. Завршетокот

[33]Д-р Радослав Гачиновиќ(1998), Современ тероризам,Београд

на фазата на застрашување во кој терористите земаат заложници, настанува другата фаза, фаза на притвор. Оваа фаза почнува кога киднаперите воспоставуваат контрола над заложниците и кога се започнуваат преговори меѓу заложниците и киднаперите. Оваа фаза обично трае најдолго и преоѓа во преговори и погодување околу поставените барања на терористите. Траењето на втората фаза зависи од повеќе фактори, а најмногу од бројот, видот и тежината на барањата кој ги поставуваат терористите, како и волја и можност на државните власти да ги исполнат поставените барања. Ситуацијата се завршува со фазата на разрешување кое може да биде завршено со апсење или ликвидирање на терористите, предавање или пуштање да одат со исполнетите барања. Како главни три фази се издвојуваат следниве: Подготвителна фаза, фаза на извршување на терористичкиот акт и фаза на стабилизација.

### 2.9.1 Подготвителна фаза

Подготвителната фаза е фазата која му претходи на терористичкиот акт. Со оглед на тоа дека периодот на подготовка на терористите зависи од многу фактори, секогаш тој период е најдолг, а понекогаш терористите и не преоѓаат на следната фаза, бидејќи на друг начин ги оствариле своите цели или немале средства ниту храброст да продолжат да делуваат. Оваа фаза начелно опфаќа: избор на спорно прашање кој ќе се обиде да го реши преку тероризам, конституирање и јакнење на терористичката организација, пропагандна активност, воспоставување на база и јатачки мрежи, опремување и оспособување на борците и избор на цел.

### 2.9.2 Фаза на извршување на терористичкиот акт

Терористичкиот акт е фаза во која доаѓа до јавно манифестирање на терористичкото делување и може да се дефинира како противзаконска,планска,организирана, посакувана и исклучително брутална активност на членовите на терористичката група насочена против животот, здравјето, слободата и имотот на луѓето поради предизвикување на страв во конкретна човечка средина со чие посредство ќе се изнуди отстапка која значи постигнување на целта. Изведувањето се прави брзо и трае многу кратко. По облиците на извршување тероризмот може да се подели на класичен, самоубиствен и тероризам со оружје за масовно уништување. Класичниот тероризам користи класични методи

(атентати, киднапирање, бомбашки напади, земање на заложници, киднапирање на авион итн.) во поглед на средствата кој во овој облик на тероризам се употребуваат, тоа е конвенционално оружје почнувајќи од пушки до минско-експлозивни средства. Самоубиствениот тероризам е сеприсутен со почетокот на новиот век, го карактеризира изведување на терористички напад во кој покрај жртвата гине и самиот извршител. Најчесто се изведува со активирање на експлозивна направа на телото или во возило. Тероризам со оружје за масовно уништување е најопасен вид на тероризам и само е прашање на моментот кога некоја терористичка организација ќе искористи НХБ оружје во терористички цели. Доколку во првиот удар терористите ја исполнат својата цел и успеат да го напуштат местото на случката, оваа фаза се заршува тука. Доколку, наспроти претходниот пример, терористите останат забарикадирани или држејќи заложници ги кажат своите барања, оваа фаза се продолжува до крајот на кризната ситуација.

Ситуацијата во која се земени заложници ја карактеризираат повеќе фази: напад, искажување на барањата и извлекување. Во текот на нападот врз избраната мета тој може да се изведе прикриено, трајно и со ефект на изненадување. Избраните мети се онеспособуваат,врзуваат и им се оневозможува било каков контакт со надворешниот свет. После нападот се искажуваат барањата до властите со закана дека заложниците можат да бидат повредени доколку барањата не бидат исполнети. Доколу барањата се исполнети или терористите сфатат дека не можат да ги остварат своите цели терористите ја користат стратегијата на излез.

### 2.9.3 Фаза на стабилизација

Оваа фаза ја карактеризираат: извлекување, информирање и огласување. Во текот на извлекување од местото на извршување на терористичкиот кат, терористите се придржуваат до следниве начела: извлекувањето го изведуваат што е можно побрзо, однапред одредени и одвоени правци кој овозможуваат најдобра заштита од активностите на силите за безбедност и противниците. Секогаш се одредуваат повеќе правци за извлекување, сопствените трагови ги неутрализираат и маскираат,изведуваат измами и манипулации додека се извлекуваат итн.

Карактеристика на оваа фаза е информирање, односно пратење од страна на терористите, каков ек имала нивната акција во непријателските редови или симпатизери и граѓани кој се непосредни жртви на терористичкиот напад. Притоа, терористите дознаваат дали притисокот кој го извршиле врз власта ќе резултира со отпочнување на преговори, исполнување на барања или каков е ставот на меѓународната заедница за тоа.

Огласувањето подразбира превземање на одговорноста за напад. Теористите речиси секогаш ја превземаат одговорноста за напад. Со оглед на тоа што целта на терористичкиотакт е пренесување на порака и привлекување на вниманието на јавноста, терористите сакаат да се дознае дека тие ја извеле акцијата.[34]

## 2.10 Планирање на терористичките операции

Терористичките операции се подготвуваат со цел да го минимизираат ризикот и да постигнат максимален успех во реализирањето на целите. Терористите ја избегнуваат силата на противникот и се концентрираат на неговите слаби точки. Акцентот е ставен на максимизирање на безбедноста и успешноста на реализирање на целта. Ова подразбира минимален број на членови да ја спроведуваат операцијата со најнови и ефикасни оружја што постојат. Можат да поминат години во планирање на акцијата пред таа да биде изведена. Операцијата може да биде откажана или презакажана во согласност со промените на локалните услови или целта.

Не постои универзален модел на терористичко планирање но од искуство и пракса можат да се извлечат некои традиционални елементи во планирање на операциите. Планирањето на операцијата ја сочинуваат следниве елементи:

**1.**избор на цел или објект на напад,

**2.**собирање на информации и разузнувачки активности,

**3.**избор на специфичен објек или цел,

**4.**планирање и разузнување пред изведување на нападот,

**5.**преглед на нападот,

---

[34]Жељко Мојсилович, (2009), Београд, Тероризам и Преговарање

6.напад врз објектот,

7. бегство.[35]

Првиот елемент, **избор на цел**, се состои во прибирање на информации за алтернативи во избор на целта. Се користат разни извори на информации. Нив можат да ги прибираат, членовите на јадрото на организацијата, нивни симпатизери или луѓе кој се најмени да прибираат информации без да знаат за нивната вистинска цел на собирањето.

Вториот елемент,**собирање на информации и разузнавачки активности**, се состои од тоа што оние информации кои се чувствителни ќе бидат предмет на поголемо внимание и приоритет. Овој приоритет претставува потреба од собирање на дополнителни информации за одредена цел или објект. Оваа фаза може да биде кратка или да се развлече низ години.

Третиот елемент,**избор на специфичен објект или цел**, подразбира дека во изборот на цел или објект врз кој ќе се планира операцијата опфаќа некои фактори:

- Дали успехот на операцијата влијае на пошироката јавност или на блиските жртви ?
- Дали нападот врз објектот или целта ќе привлече медиумско внимание ?
- Дали ефектот е постојан кај објектите на групата ?
- Дали таргетот претставува предност кон групата преку демонстрација на нејзините способности ?
- Кој се трошоците во однос на бенефициите од изведувањето на операцијата ?

Во четвртиот елемент, **планирање и набљудување пред изведување на нападот**, членови на оперативните ќелии почнуваат да се појавуват во текот на оваа фаза. Тренирани разузнавачи и набљудувачи со поддршка од терористичките ќелии можат да се организираат во спроведување на операцијата во оваа фаза. Во оваа фаза се прибираат информации за моменталниот модел или образец на целта(предметот на напад), вообичаено денови или неколку недели. Напаѓачкиот тим ги потврдува информациите прибрани од претходните разузнавачки активности.

[35]http://www.au.af.mil/au/awc/awcgate/army/guidterr/app_a.pdf

Петтиот елемент, **преглед на напад пред изведување**, како и кај конвенционалните воени операции, прегледот пред изведување на нападот се спроведува за да се отстранат можни недостатоци, потврдат планирачките претпоставки и да се развијат контингенти.

Во шестиот елемент,**изведување на акцијата**,терористите ги изведуваат планираните операции со цел да стекнат тактичка предност: момент на изненадување, избор на време,место и условите за напад, Б-план, поставување на безбедносни и поддржувачки позиции.

Седмиот елемент,**бегство**, попрецизно,планирањето на бегството е претходно добро испланирано и подготвено, но исклучок се самоубиствените напади.

### *2.6 Фази на терористичките операции*

Терористичките операции се прецизно планирани до најситен детал за да овозможат успех. Терористичките операции се извршени од страна на мали специјални обучени елементи кои се тактички организирани за секакви операции. Терористите употребуваат строги мерки на безбедност за време на планирањето и подготвувањето на операцијата со употреба на принципот на разделување. Секој елемент е разделен за време на фазата на планирање и подготвување, за да се спречи пробивањето од страна на противникот и истекување на информациите. Планирањето на една операција може да трае 18 или повеќе месеци. Се разгледуваат повеќекратни цели, додека главната цел се одбира во последниот момент. Всушност повеќекратни цели можат да бидат нападнати едновремено, без знаење на другите тимови. На ваков начин, една група за напад може да дејствува како " диверзија" спрема другата и тие што го планираат тоа ја зголемуваат можноста за успешно извршување на мобилизацијата.[36]

Постојат 4 основи фази за секоја терористичка операција. Во случај на земање на заложник,се јавува петта, наречена фаза на преговарање.

**I.Прединцидентна фаза**

Првата фаза е прединцидентна фаза. Оваа фаза му претходи на терористичкиот акт. За време на оваа фаза терористичките водачи решаваат каков вид на операција треба да се

[36]Митко Котовчевски(2003), Современ тероризам, Македонска Цивилизација, Скопје.

изврши и што сакаат да постигнат со извршувањето на операцијата. Тие исто така го одредуваат видот на напад. Операцијата е планирана врз база на информациите од разузнувачките активности подготвени од страна на надзорниот персонал. Сите потребни елементи за операцијата се формирани и се изведуваат пробни активности. Начелно оваа фаза опфаќа:

- Избор на "спорно прашање" кое ќе се решава преку тероризам
- Конституирање и јакнење на терористичката организација
- Пропагандни активности со цел привлекување на домашна и меѓународна поддршка
- Воспоставување база и јатачки мрежи
- Опремување и обучување на екипата
- Избор на цел.

Подготовката во оваа фаза може да биде логистичка и маркетиншка. Логиситчка подготовка подразбира набавување на средства, ангажирање на луѓе, изработка на планови и создавање на база за криење по извршувањето на акцијата. Изработката на планови и прибирање на средства е задача на главните организатори на терористичката акција. Во оваа фаза исто така се врши приближување на членовите на терористичката акција до објектот на напад. Извршителите одат поединечно или групно, во одвоени правци, користејќи лажни документи и имиња.

**II.Воведна фаза**

Воведната фаза е почеток на операцијата и го означува физичкото дејство со кое се започнува операцијата. Нормално, ова е точка од која нема враќање назад, освен ако постои наредба за прекинување на планираната мисија. Ова е најопасна фаза за терористите.

До овој момент тие имаат потполна контрола врз околината и операцијата. Меѓутоа, кога физичката акција почнува, веќе ја немаат таа контрола. Се изведува брзо и кратко и без разлика на тоа,кога нападот ќе започне и од некоја причина ќе биде спречен, терористите нормално го активираат резервниот план. На пример, вообичаен алтернативен план за киднапирање е да се убие жртвата и да се превземе одговорноста за убиството во името на

револуционерната правда, наместо лошо да се изведе киднапирањето.[37] Доколку, во првиот удар, терористите ја исполнат својата цел и успеат да избегаат, тогаш оваа фаза на манифестација на акцијата се завршува, но ако, терористите останат забарикадирани или држат заложници и поставуваат барања, оваа фаза трае до разрешување на кризната ситуација.

**III.Врвна фаза**

Врвната фаза нема одреден временски распоред, може да ја следи воведната фаза во случај ако не постои елемент на преговарање, како што е случајот со убиство. Безбедноста е на највисок степен за време на оваа фаза, полицијата и другите органи за спроведување на законот се под надзор, а полициските радио врски и цивилните јавни гласила се под присмотра. Ова го означува крајот на инцидентот.

**IV.Фаза на преговарање**

Во операцијата каде што терористите имаат земено заложници, се јавува уште една фаза, која содржи елементи на преговарање. Оваа фаза на преговарање се карактеризира со барања на терористите, ултиматуми, разговори и размена. Терористите ја продолжуваат оваа фаза колку што е можно подолго затоа што на тој начин максимално се изложуваат во јавноста и добиваат публицитет. Терористите поставуваат бројни барања за време на преговорите, но едно барање е основно- превоз на терористите во засолниште, обично во земја која е симпатизер на нивните цели.

**V.Пост-инцидентна фаза**

Ова е последна и најважна фаза за терористите. За време на оваа фаза терористите се собираат и ја дискутираат операцијата за одредат што било добро или лошо изведено. Оваа фаза можат да ја карактеризираат неколку елементи: извлекување, информирање и огласување. Во текот на извлекувањето од местото на извршениот терористички акт, терористите се придржуваат до одредени начела: извлекувањето го прават што е можно побрзо преку однапред определени правци на движење и локации и одвоени правци кој

[37]Митко Котовчевски,(2011), Менаџирање на терористички закани,Скопје.

овозможуваат најдобра заштите против активностите на безбедносните сили, елиминирање на сопствените трагови, изведување на варки во текот на извлекувањето се со цел да се отежне ефикасноста на акцијата на државните органи. Елементот на информирање подразбира, прибирање на информации од страна на терористите за тоа какво ехо имала нивната акција во однос на нивниот непријател и симпатизерите и граѓаните кој се непосредни жртви на терористичкиот напад. Огласувањето, значи преземање на одговорноста за напад. Со оглед на тоа дека целта на терористичкиот напад преносување на порака и свртување на вниманието на јавноста, терористите сакаат да се знае дека се тие извршителите и што сакале со тоа да постигнат.

## 2.11 ТЕРОРИСТИЧКО НАСИЛСТВО И УЛОГАТА НА МЕДИУМИТЕ

Ова поглавје дава преглед на современото разбирање на факторите кои влијаат на одлуките на медиуми да посветат внимание на терористичкиот напад и опишува како медиумите влијаат врз потенцијалните симпатизери и поддржувачи на тероризмот. Терористите разбираат дека моменталната изложеност на нивните поплаки преку медиумите бара драматичен инцидент за привлекување на светскиот печат. Терориститебараат публицитеткој најверојатно ќе се здобие со поголема публика, ако тие драматично спроведуваат планираникиднапирања, бомбашки напади,земање на заложници, атентати, или други акти на насилство. Печатот, исто така, има своја мотивација да известуваза големите терористички инциденти. Од медиумска точка на гледање, ипокрај својата основна одговорност за објективно известување на вестите-драматапружа гаранција зазголемено внимание од страна на гледачите.

"Терористичките напади често се внимателно испланирани да го привлечат вниманието на електронските медиуми и на меѓународниот печат".Фразата дека информацијата е моќ е јасно разбрана од страна на сите партии, медиуми и влади, како иод терористите, нивнатапублика, и нивните противници.[38]

Медиумите играат витална улога во оваа стратегија, дозволувајќи на терористите директно да јаприкажат својата порака, да гопрошират движењето и неговата кауза, легитимирање на движењетои неговите активности, како и заплашување на противниците. Всушност, телевизиското покривање на ефектите од терористичкиот напад(особено ако е во живо) создава една парадоксална ситуација во која гледачите можат да замислат повеќе ужасни сцени од вистинските сведоци кои се наоѓаат во областа.[39]

Медиумите се во сопственост и под контрола на големите корпорации кои во голема мера семотивираниод учеството на пазарот и профитот. Ова влијае на нивниот стил, содржина и практикина известување. Објективното известувањечесто се надминува со други фактори, како обидување да се здобијат со поголем удел на пазарот на гледаност.

[38]Hoffman, B 1998, *Inside Terrorism*, New York, Columbia University Press.

[39]Ganor, B 2005, *The Counter-Terrorism Puzzle. A Guide for Decision Makers*, New Brunswick USA, Transaction Publishers.

Бидејќи ексклузивните вести се ценети цели, покривањето на тој начин може да биде селективно, често овозможувајќи јавното мислење и владините изјави дакреираат агендакако вестите ќе течат. Во такво политичко и пазарно опкружување, медиумите често ќе го изгубат критицизмот за контра-терористичките политики.

Склоностана печатените и електронските медиумие да се даде приоритет на терористичките инциденти во нивните вести. Ова е разбирливо, со оглед на влијанието кое тероризмот може да го има врз креирањето на политиките во домашното или меѓународното политичкоопкружување. Сепак, медиумите не секонзистенти за тоа кои инциденти да се известуваат или како да се известуваат. Тие често опширно покриваат некои акти на политичко насилство, но, обезбедуваат малкуинформации за другите настани.[40]

Односот помеѓу кредибилитетот дека некојоДлучувашто тој или таа гледа визуелно и оваа употреба нафакторот-довербаод страна на медиумите е предмет на размислување. Ова значи дека производот што ТВ станиците го нудат е "реалност во себе и за себе", без да се земе предвид контекстот и групата на други околности што ги "опкружуваат"овие слики. Со оглед на оваа визуелна предност, телевизијата не се двоуми да го докажува нејзиниот капацитет за дадопре до вест секаде каде што може да се случи. Ова прогласување, сепак, има опасна заблуда. Финансиските ограничувања, предизвикаат медиумите да ги концентрираатсвоите ресурси каде што "се верува" дека постојат вести од повисок интерес.[41]

Резултат на горесломенатата ситуација е постоење на неколку делови на планетата, кои никогаш не се дискутирале во вестите, и покрај појавата на проблематични ситуации кои би можеле да влијаат на светот како целина. Овој асиметричен квалитет на вести предизвикува терористите да ги концентрираат нивните напори во оние места каде што тие можат да добијат внимание од медиумите, со игнорирање на други места каде што нивните акции не добиваат интерес.[42]

Процесот на донесување на одлука кои настани да се известуваат, често е поттикната со оценување какви видови на вести веројатно ќе привлечат публика. Ако се

[40] Rainey, J 2005, 'Unseen Pictures, Untold Stories', *Los Angeles Times*.
[41] Laqueur, W 2003, *No End to War: Terrorism in the Twenty-First Century*, New York, Continuum.
[42] Manuel, R & Soriano, T 2008, Terrorism and the Mass Media after Al Qaeda: A Change of Course?, *Athena Intelligence Journal*, Vol. 3, No 1. Available from: www.athenaintelligence.org

одлучи дека драматичните инциденти ќе придонесат кои зголемен број на гледачи, медиумите нема да се двоумат да дадат приоритет на такви инциденти за дневни изданија или емитување. Медиумите може да бидат многу селективниоколу одлуката контерористички инциденти да сеизвестуваат. Крајната одлука има тенденција да биде во корист на она што најмногу влијае на читателите или гледачите.

**Медиумите како оружје**

За терористите, информациите може да значат оружје на војната, создавајќи важен концепт- медиуми како оружје. Затоа што симболиката е во центарот на повеќето терористички инциденти, терористите како потенцијалендодаток на нивниот арсенал експлицитно ги идентификуваат медиумите. Кога терористите успешно и насилно манипулираат важни симболи, релативно слабите движења можат да влијаат на влади и општества. Дури и кога терористичка единица не ја заврши својата мисија, интензивна медиумска изложеност може да доведе до пропаганда и победа.[43]

Ова поглавје дава преглед на современото разбирање на факторите кои влијаат на одлуките на медиуми да посветат внимание на терористичкиот напад и опишува за покриеноста која влијае врз потенцијалните симпатизери и поддржувачи.

Прво, фактот дека повеќето терористички напади не добиваат внимание или малку добиваат медиумско внимание, сугерира дека терористичките групи се разликуваат значително во нивната способност даподготвуваат напади со цел да го свртат вниманието на медиумите. Не е лесно за терористите да манипулираат со медиумската покриеност која тие ја добиваат. Познавањето на причината зошто некои терористички напади успеваата други не успеваат да привлечат вниманието на медиумите, може да обезбеди важен увид во политички цели, перцептивни медиуми и организациски капацитети на сторителите. Сепак, терористичките напади во голема мера варираатво вниманието кое го добиваат. Повеќето терористички напади не добиваат внимание од главните медиуми.

[43]Gus, M 2011.*Essentials of terrorism: concepts and controversies*, Sage Publications, Inc, USA.

Други, како што се оние во Њујорк и Вашингтонво 2001 година, Лондон во 2005 година и Мумбаи во 2008 година, добијазголемена покриеност.[44]

Второ, подобро разбирање на мотивациите и ограничувања со кои се соочуваат медиуми може да го информира концептот на односи со медиумите и стратегии на агенциите на јавната дипломатија одговорни за борба против тероризмот. Оваа покриеност може да им послужи на терористите како средство за пренесување на нивните политички пораки до масовна публика, и тоа може да го одвлекува вниманието на јавноста за разбирање на тежината на спречување на терористички напади и чекорите кои властите ги преземаат за да се постигне оваа цел. Истражувањето во оваа област почна на систематски начин да ги проучува условите под кои медиумите се повеќе или помалку веројатни да посветат значителнапокриеност на терористички напади отколку на други теми или други аспекти на борбата против тероризмот.

Трето, структурата и конкурентноста на новинарската индустријаимаат влијаниеврз вниманието на медиумите кон тероризмот. Како штомедиумското опкружување станува сé повеќе децентрализирано и конкурентно, медиумите можат да се обидат да го задржат уделот на пазарот преку посветување повеќе внимание на терористички напади кои употребуваат нови тактики или кои се особено насилни. Таквиот развој може да побудинови предизвици за односите помеѓу службите за безбедност и медиумите со давање на јавноста искривена слика за заканата од тероризмот и намалување на способноста на властите да ги објаснат своите политики и да се постави проблемот на тероризмот во соодветен контекст.[45]

Четврто, почнува да се истражува како тонот со кој медиумите ги презентираат вестите за тероризам влијае на ставовите и однесувањата на јавноста, вклучувајќи гласачи, како и потенцијални симпатизери кон терористички движења. Постои значаен доказ дека известувањетоза тероризмот го зголемува стравот и вознемиреноста и дека овие емотивни промени влијаат на изборот на некои членови на јавноста за контра-терористичките политики кои се потпираат на сила. Ова може да води кон потешкотииза службитеза да реагираат на терористички напади со други видови на политики, дури и ако овие политики

[44]Kern, M, Just, M., & Norris, P 2003, The lessons of framing terrorism. In Norris, P, Kern, M & Just M (Eds.), Framing terrorism, London, Routledge
[45]Walsh, JI 2010, *Media Attention to Terrorist Attacks: Causes and Consequences*, Institute for Homeland Security Solutions

може да резултираатсо одлични резултати. Понекогаш се тврди дека терористите се ефикасни во манипулирање на медиумите за да ги пренесат своите пораки до масовната публика и да се здобијат со симпатизери и поддржувачи.

Со други зборови, наративот во вестите за терористички акти се концентрира на аспектот-човечки интерес, без нагласување или дискутирање на историската позадина на сторителите на насилни акти или жртви на актите на насилство. Иако медиумите бараат драма во сите настани кои тие сметаат дека се достојни да бидат пријавени, акцентот на трагедијата, насилството, реактивни и театарски аспекти на терористички акти на сметка на детална анализа на настаните е толку еднострано што еден американски политички филозоф смета дека се однесува на емитување на тероризмот, особено, како "фонограф на тага".[46]

**Категоризација на односот меѓу терористите и медиумите**

Поголемиот дел од академската литература, каде што оваа тема е дебатирана, укажува на симбиотски однос помеѓу тероризмот и мас-медиумите. Абрахам Милер истакнува: "Тероризмот е способен за пишување било која драма-без оглед колку е ужасно-да се принуди вниманието на медиумите... тероризмот, може да се перцепира како медиумско посвоено дете, кое за жал медиумите, не можат ниту целосно го игнорираат ниту да го негираат".

Барнхурст предлага два модели кои се обидуваат да го опишат односот меѓу тероризмот и медиумите.

Првиот модел е *медиумски-одговорен модел*. Според овој модел, медиумите комплетираат еден маѓепсан круг. Со известување на терористички напади, медиумите имаат улога во пренесување на терористички пораки до голема публика. Ова е клучна цел за терористичките организации, а тоа ги поттикнува да извршуваат повеќе напади, кои за возврат ќе бидат известувани од страна на медиумите. Ова создава еден маѓичен круг, во кој терористите ги реализираат нападите, кои се пријавени од страна на медиумите, а кои подоцна ќе доведат до повеќе напади. Во извесна смисла, моделот ги идентификува медиумите како причина за терористички напади.

[46]Weimann, G & Winn, C 1994, *The Theatre of Terror: Mass Media and International Terrorism*, London, Longman

Вториот модел е наречен *медиумски-ранлив модел*, и застапува поглед на медиумите како да се жртва на тероризмот, а не причина. Ова гледиште предлага, иако медиумите теоретски би можеле да престанат да известуваат затероризам, тоа нема да биде доволно за да се стави крај на терористичките активности. Терористите не мора да се потпираат на било кој медиум за комуникација. Тоа е затоа што функционира тековна конкуренција во современиот медиумски систем[47]. Покрај тоа, вестите за "кршење на менталитет" е длабоко вкоренето во медиумите. Ова значи дека секој весник, телевизиска мрежа, или радио станица постојано се обидува да биде прв да се покрие одредена вест, која им овозможува да привлече голема публика[48]. Ова е предизвикано поради зголемување на конкуренцијата меѓу медиумите за брзо покривање на настани[49]. Во некои случаи, овој притисок може да предизвика новинарите да ги потценат последиците од известување за тероризам, или да доведе до погрешна интерпретација на активностите на терористичките организации.

Со други зборови, тоа е тип на врска помеѓу две групи кои вклучуваат меѓусебна зависност каде една странаја надополнува другата. Постои, сепак, повеќе од еден вид на односи кои може да постојат меѓу терористите и мас-медиумите. Разновидноста на причините, идеологиите и социјалните и културните условувачки фактори кои ги инспирираат различните терористички групи се еднакво применливи на видот на односи кои овие групи ги воспоставуваат со медиумите. Четирите различни модели на однесување се:

1. **Потполна индиферентност.** Целта на терористите е да ги тероризираат своите жртви, без да бараат да се постигне медиумското внимание за нивните дела. Не постои очекување дека печатот ќе се вклучи (оваа ситуација е многу необична.)
2. **Релативна индиферентност**. Терористите не агитираатза да се појават во медиуми, иако тие се свесни за моќта на медиумите коиможат да ја објаснат нивната кауза.
3. **Медиумски-ориентирана стратегија**. Терористите не се само свесни дека печатот може да го прошири опсегот на нивните зборови и постапки, тие, исто така,

[47] Barnhurst, KG 1991, The literature from terrorism. In A.O. Alali & K.K. Eke, *Media coverage of terrorism. methods of diffusion*, London, Sage.
[48] Glüpker, G 2008, *Media and terrorism*. Norderstedt, Germany
[49] Kushner, HW 2000, *The Impact of terrorist events in the media on the traumatisation of society*, Vienna

извршуваат серија на операции врз основа на знаење дека тие ја поседуваат динамиката и функционирањето на продуцентите на вестите. По добро осмислените манипулации, медиумите се интегрираа во активностите на терористичките групи. (На 7/7 бомбашките напади во Лондон, резултираа со лавина на извештаи за чувства и жалби на муслиманите во Велика Британија и на други места во Европа и за улогата на војната во Ирак во регрутирањето на домашните британски поданици. Медиумите во САДпренесуваа прикази на радикализација на млади муслимани во Европската дијаспора пред 7/7, но оваа покриеност избледна во споредба со далеку позастапеното известување за тешката ситуација на муслиманите во Западна Европа. Уште еднаш, ужасните акти на тероризам предизвикаа покриеност со вести кои ја информираа јавноста во Велика Британија и целиот свет за ситуации и развој кои треба да се дел од сите заеднички медиумски извештаи).[50]

4. **Целосно уништување.** Ова е случај кога терориститеги перцепираат новинарите и известувачите како непријатели кои мора да бидат уништени, ставајќи ги на исто ниво како и другите директни противници. Пресот престанува да биде ентитет кој треба цинично да биде манипулиран (како Ахиловата пета на демократијата). Наместо тоа, се гледа како додаток на систем кој мора да биде уништен. (Американскиот новинар Џејмс Фоли беше погубен од страна на терористичката организација Исламски калифат ISIS на 20 август 2014 година).

Овие четири опции ни даваат идеја за различни можни односи, кои може да се утврдат помеѓу овие дваентитета, а исто така ни овозможува да се види како терористите може да аплицираат наизменично различни модели, дури и да применуваат повеќе од еден истовремено. Всушност, современите терористички групи често имплементираат стратегии кои дејствуваат за да ги задоволат барањата на медиумите, додека во исто време ги перцепираат како составен дел од непријателоткои тие сакаат да го победат и да го уништат.

[50]Barnhurst, KG 1991, The literature from terrorism. In A.O. Alali & K.K

**Нови трендови кои имаат влијание врз тероризмот и медиумите**

Серијата на неодамнешните терористички акти укажува на појавата на трендови кои влијаат врз односот помеѓу медиумите, тероризмот, и владата. Тие ги вклучуваат:

- тренд кон терористичка анонимност,
- тренд кон понасилни терористички инциденти; и
- трендот кон напади на медиумскиот персонал и институции.[51]

*Анонимен тероризам*

Денес гледаме примери на анонимен тероризам каде што никој не ја презема одговорноста и нема поставени барања. Ова им овозможува на медиумите поголема улога во шпекулации, и, генерално, ги отстранува повеќето основи за обвинувања дека тие гираспространуваат терористичкитебарања или агенда. Репортажата е неизбежна; особено ако тоа вклучува шпекулации во заднина, лажни закани или измами; покриеност која може да дава публицитет на терористите агенди, како што е ширење на паника која му штети на туризмот и провоцира силни владини реакции кои доведуваат до непопуларни мерки, вклучувајќи ги и ограничувањата на индивидуалните слободи.

*Насилен тероризам*

Во контекст на напредни информации и технологија, трендот што укажува на понасилни терористички акти не може да се игнорира. Додека во целиот свет случаите на терористички акти падна нагло во последната деценија, бројот на жртвите од делата се зголемува и трендот продолжува "кон повеќе безмилосни напади врз цивилни цели и користење на помоќни деструктивни бомби. Заканата од терористичка употреба на материјали за масовно уништување е прашање на растечката загриженост ... "(Американски Стејт департмент, 1996). Ако, и како, тероризмот станува насилен, се зголемуваат перцепциите дека печатот е до одреден степен одговорен за олеснување на тероризмот или проширување на неговите ефекти. Повеќето загрозени општества можат да бидат склони да бидат подготвени на помалку ризици во контекст на последици од

[51] Corman, SR, Angela Trethewey, A & H. L. Goodall, (eds.), 2008, *Weapons of Mass Persuasion: Strategic Communication To Combat Violent Extremism*, New York, Peter Lang

масовни жртви и може да веруваат на медиумите дека се помалку и помалку може да се контролираат.

*Нападии на персоналот од медиумите и институциите*

Според Центарот за проучување на тероризмот и политичко насилство при Универзитетот Свети Андреј, меѓународниот тероризам убива околу 350 луѓе секоја година. Додека тие се исклучителни бројки, настани како 11 септември, бомбашките напади на Бали, и масакрот во училиштето во Беслан, се создаде спектакл на ужас, кој сам по себе го впишува во културната имагинарност на меѓународната заедница. Во многу погледи, тероризмот, се реализира преку спектакл на медиумски дискурси, станува антитеза на нашиот современ проект, создавање на нова закана, ново нарушување што ја предизвикува траекторијата на глобалната политичка и социјална хармонија.[52]

Некои коментатори сугерираат дека нивото на страв во заедницата енепропорционално со вистинскиот ризик од глобалниот тероризам[53]. Ова гледиште, сепак, има тенденција да ја нагласи симболичната амплитудата на тероризмот и начините на кои медиумите и јавниот дискурс ја претставуваат социјална имагинарност што повторно го претставува светот на феномените како социјално знаење.

Нападите на новинари кои се отворени за прашања од интерес на терористи се чини дека се во пораст. Последните напади се случија во Алжир, Мексико, Русија, Чеченија и Лондон, но имало случаи, како и во Вашингтон во Националната зграда за прес и во седиштето на Обединетите нации во Њујорк.[54] Очигледните убиства на двајца американски хонорарни новинари од истата група се без преседан во историјата на Комитетот за заштита на новинарите. Обезглавување пред камера во период на две недели -Џејмс Фоли, а потоа Стивен Сотлоф очигледно беше акцелерација на моделот – кој датира од убиството на Даниел Перл во 2002 - криминални и бунтовнички групи кои ги прикажуваат убиствата на новинарите со цел да ја распространат пораката на теророт. Со подемот на мобилнаинтернет технологија и социјалните медиуми во последниве години,

---

[52] Lewis, J. 2005, *Language Wars the Role of Media and Culture in Global Terror and Political Violence*, Pluto Press, London

[53] Wilkinson, P 1997, The media and terrorism: a reassessment, *Terrorism and Political Violence*, 9, 2

[54]Според Комитетот за заштита на новинарите со седиште во Њујорк, повеќе од 1073 новинари биле убиени од 1992 како последица на нивната работа; 33 новинари се убиени во 2014 година. Види ја веб страната: http://www.CPJ.ORG/.

невладините актерикако Ал-Каеда и Боко Харам се обиделе да креираат платформи како Твитер и Јутјуб за себе, заобиколувајќи ги традиционалните медиуми за да се дистрибуираатдиректно нивните пораки. Исламската држава не е првата група која се користи со методот на обезглавување на новинари, како начин да се истакне.

## ГЛАВА III

### 3.1 Поим и карактеристики на преговарањето

Спорот означува застој во комуникацијата на два или повеќе субјекти. Кога споровите преовладуваат, се влегува во фаза позната како судир или конфликт. Судирите меѓу поединци и групи водени од различни интереси постојат од самиот настанок на човековиот род. Природата на конфликтот е различна, но тие неможат да се игнорираат, туку, да се разберат, прифатат и решат.

Конфликтите се појава поврзана со групното однесување, процеси и интеракција. Конфликтите се разликуваат по својата природа, функции, интензитет, носители, средства кои се користат, последици, начин на решавање итн. Во основата на секоја конфликтна ситуација се наоѓаат различни потреби, интереси, чувства, желби, верување, активности и слично. Причините за конфликт се разновидни, сложени и меѓусебно условени. Условите за судир се и во тоа што во општеството секогаш се малку добра и вредности од што е потребно за поединците, социјалните групи и општеството во целина. Во современата конфликтологија застапени се два концепти кој се со различен поглед во однос на разбирање на причините на човековото делување и судири. Овие два концепта се концепт на интереси и концепт на вредности. Теориската мисла одамна утврдила дека последен фактор и основа на сите општествени конфликти се во спротивните интереси кој настојуваат да ги реализираат поединци и групи. Во текот на секој општествен судир по правило страда комуникацијата меѓу луѓето и народите, како најосетлив дел на меѓучовечките односи. Комуникациите во овој контекст може да се сметаат како фактори на влијание на свеста и ставовите на јавноста.

Современиот начин на живот наметнува потреба на решавање на конфликтните ситуации на начин кој е прифатлив на сите страни во судирот или намалување на непосакуваните последици на најмала можна мерка. Овој начин особено доаѓа до израз во современото општество кога светот постана свесен од опасноста на нуклеарното оружје по што потрагата по мирно решавање на конфликтите постана приоритетна окупација на повеќето актери на меѓународната заедница. Во современото општество, при решавање на

конфликтот потребно е да се користат минимални дозволени средства за уважување на интересите на сите спротивставени страни, а доколку ни тој начин не помогне во создавањето на компромис се преоѓа кон порадикални методи. Сите средства и сили треба да се фокусираат кон мирно решавање на конфликтите, без примена на сила, а кое е прифатливо за сите страни. Најдобар начин за постигнување на мирно решение на кризата и конфликтите претставува преговарањето.

### *3.2* Дефинирање на преговарањето

Теоретски, постојат различни поделби на методите за решавање на конфликтните ситуации, меѓу кој е психолошко влијание врз спротивставената страна. Еден од начините за решавање на конфликти со психолошка метода се подразбира и преговарањето, како начин на директно влијание на поединец или група на луѓе. Решавање на конфликтните ситуации со водење на преговори се постигнува со упатување на пораки до спротивната страна, која доведува до измени на ставовите и однесувањето, со што се постигнува нивна преорентација во склад со интересите на преговарачот. Основен услов за водење на преговори е непосредна комуникација помеѓу спротивставените страни. Исходот на преговарањето е компромис до кој се доаѓа брзо или споро, тешко или лесно, во зависност од низа фактори. Фактори кој имаат влијание на преговорите се природата и интензитетот на конфликтот, можност и изгледи за спогодба, карактеристиките на учесникот во конфликтот. Преговорите подразбираат постоење на слободна волја на секој од учесниците да се вклучат во преговарачкиот процес. Само успешното преговарање овозможува да сите учесници, во извесна смисла, бидат победници.

Преговарањето е основно средство на дипломатијата и други начини на мирно решавање на судирите и кризите. Широко гледано, тоа претставува комуникациски процес, применлив во голем број официјални и неофицијални прилики, главно користен поради унапредување на односите помеѓу субјектот и преговорите. Со преговорите се најавува завршеток на судирите и евентуално отпочнување на соработка. Тие по правило претставуваат прва меѓусебна активност на страната во судирот, односно прв нивен контакт после судирот. Преговарањето е процес со кој се оттргнува или барем намалува

антагонизмот. Неговите карактеристики подразбираат соочување на носителите на спротивни ставови. Повеќето се подготвени да го наречат преговарањето само техника која допринесува за постигнување кон поголем квалитет во односите меѓу луѓето. Единствено по пат на преговори може да се стигне до состојба на взаемно задоволување на реалните интереси. Може да се каже дека преговарањето е процес преку кој се исполнуваат одредени услови за да се добие она што се сака од луѓето кој сакаат нешто од нас. Односно, тоа е процес на решавање на судири помеѓу две и повеќе страни кога две или повеќе страни ги прилагодуваат своите барања како би дошле до взаемно прифатлив компромис. Тоа е двонасочна комуникација насочена кон постигнување на договор помеѓу страните кој имаат интереси, кој ги делат или се меѓусебно спротивставени.[55] Основен предуслов за преговарањето е постоење на комуникација. Преговарањето се дефинира и како комуникациски процес помеѓу двајца или повеќе учесници, кои настојуваат да воспостават нов однос меѓу себе. Во полициска смисла, се смета дека преговарањето е низ на тактички мерки кој по однапред утврдена методологија, упатуваат пораки на спротивставената страна, а чија цел е да доведат до промени на почетните ставови и однесување на спротивната страна во склад со интересите на страната на која преговара.

### 3.3 Подготовка и планирање на преговорите

Планирањето е дејност која овозможува да на најдобар можен начин се изврши работната задача. Планот мора да биде гледање на крајниот посакуван резултат. Ако нема план нема да биде ниту ефективно делување. Планирањето пред се е креативно-мисловен процес од кој зависи успешноста за реализација на конкретната задача, која е претходно замислена и моделирана. Планирањето во пракса се одвива непрекинато, од прием на задачата до негова реализација. Тоа се одвива на сите нивоа на раководење на некоја организација од најмал до најголем управно- раководен орган.[56] Да би се создал план потребно е детално да се прецизира кој, што, каде, како и со кој методи и средства ќе направи нешто во

[55] Жељко Мојсилович, (2009) , Београд, Тероризам и Преговарање
[56] Fisher, R., Ury, W., Paton, B.: *Getting to Yes-Negotiating Agreement Without Giving In*, Penguin book, Business psychology, 1991.

остварување на конкретната задача. Многу е важно да неговото решение биде донесено на најдобар можен начин. Плановите на организацијата ги утврдува раководството на тие организации, во зависност од целите и задачите на организацијата. Дејноста на планирање се одвива во четири фази: 1- собирање на факти и анализа, 2- предвидување, 3- одлучување и 4- изработка на план.

*Собирање факти и анализа*

Ова е првата фаза во планирањето. Кој факти ќе се прибираат зависи од нивото на кој се врши планирањето. Фактите се прибираат и анализираат да би се реално и објективно препознал и остварил увид во проблемот. Анализирање на фактите го вршат стручни тимови, а тој е важен услов за планирање. После успешна и детална анализа може да се премине во следната фаза.[57]

*Предвидување*

Предвидувањето е втора фаза во планирањето, кое се остварува за да може што поуспешно да се изведе планирањето, а со самото тоа да се постигне што попозитивен исход во решавање на конкретен проблем, задача или ситуација. За успешноста на планирањето потребни се повеќе фактори, а најбитни се квалитет на кадарот кој вршат предвидување, избор на одговарачки методи на планирање и нивна правилна примена, природата на проблемот и нивото на раководење кој го решава проблемот. Постојат два пристапи, и во теорија и во пракса кој го дефинираат предвидувањето- традиционален и научен.

Според традиционалниот пристап талентот на луѓето се истакнува како многу важен фактор. Битно е да се најдат и проверат одредени таленти за предвидување на состојбите и ситуациите во времето кое доаѓа, текот на настапите, и да се поставaт на или низ раководните места, од каде потекнува решавањето на проблемот.

Научниот пристап подразбира работа и учество на повеќе луѓе, различни профили, кој во цел на решавање на конкретен проблем ќе користат научни методи.

[57]Мучибабић, С., Васковић, З., Николић, Н.: Цена коштања војне операције, *Симпозијум „Теоријски и практични аспекти војних операција"*, Београд, 2004.

Методите кој се применуваат во фазата на предвидување се анализа, синтеза, апстракција и генерализација, индукција и дедукција, аналогија и споредба, метода на група оцена, проценка на ситуација и др.

*Одлучување*

Одлучувањето претставува трета фаза на планирањето, каде менаџерот, на основа на тумачење на сите алтернативи на решение, се врши најдобар и најекономичен избор на решение.

Одлуката која ја носи менаџерот мора да биде: 1- логична, 2- правовремена, 3- спроводлива и реална, 4- заштитена.

Во поглед на значењето на одлуката може да биде: 1-тактичка- ја донесуваат менаџери на на прво ниво, 2- оперативна- ја донесуваат менаџери на средно ниво, 3- стратегиска- ја донесуваат менаџери највисоко ниво.

Во поглед на тоа кога се вршат одлуките, може да бидат: 1- основни- донесени после втората фаза,фаза на планирање, 2- дополнителни- донесени како нова одлука во рамки на веќе постоечката, во зависност од развојот на безбедносната ситуација и слично, 3- рутинска- тие се од работно-процесен карактер и карактеристични се за редовно вршење внатрешни работи.

*Изработка на план*

Изработката на планот представува последна фаза на планирањето, а подразбира формирање на план како посебен документ во пишана, електронска или некоја друга форма. Плановите можат да бидат текстуални, табеларни, графички, дијаграмски и комбинирани. Изработката на планот почнува со добивање, воочување на задачата, а притоа се продолжува со изнаоѓање на решение, а завршува со донесување на одлуката, кога во планот се внесуваат сите елементи кој до тогаш не биле внесени. Притоа елементите се корегираа,отфрлаат, анализираат итн. Во полициско-безбедносниот менаџмент разликуваме, оперативни планови- кој се користат за реализација на конкретни задачи и програмски планови- со кој се планира работата на Министерството за внатрешни работи во целина или организационите единици за одреден период. Според

времето за кое се изработуваат можат да бидат: годишни, месечни, неделни и дневни. [58][59]Плановите за работа содржат работа и задачи, носители на работа, рокови и услови потребни за нивно извршување.

Пред преговарањето пред се неопходно е добро да се подготвиме. Прво мораме да разгледаме две прашања: што сакаме да постигнеме и што сакаме да му пружиме на опонентот. Секако дека најдобро е да постигнеме што повеќе. На опонентот да му го дадеме она што на нас не ни е потребно, а на него му е доволно да го отстапи она што на нас ни е неопходно. Наша цел е заговараме решение победа-победа, односно концепт во кој сите добиваат.

*Организирање на преговарањето*

Една од најбитните функции на безбедносниот менаџмент се одвива низ три фази: изнаоѓње и избор на одговарачки постапки или работни операции, создавање на функционални организациони структури, подготовка за извршување на задачата. Полицискиот и воениот менаџмент вршат и организација на својата работа земајќи ја во предвид структурата, техничката опременост и методите на работа. Организирањето е константен динамичен процес, каде со одредени предвидени постапки, во спрега со структурата на организацијата, започнува акцијата до остварување на целта. Доделување на задачите претставува процес на чија основа безбедносниот менаџмент дава одлуки кој ги донел во врска со разрешување на одредена задача. Доделувањето на задачи подразбира начело на субординација, што значи дека подредениот мора да ги извршува наредбите на старешината.

*Изведување на преговорите*

Изведување на преговорите вклучува стратегија кој подразбира процедура со која ќе се помират, урамнотежат или хармонизираат потребите и грижите на вклучените страни. Преговарањето е високо софистицирана форма на комуникација. Претставува партнерство во процесот на разрешување на проблемот и донесување на заедничка одлука која тежнее

[58]Радовановић, Г., Каровић, С.: Нормирање на времето на процесот на работа во воената организација, *Војно дело*, лето/2014, Београд, 2014.
[59]*Partners Foundation for Local Development*, Cit. „What is negotiation?", UNDP, Romania

кои подобри решенија кој пружаат на секој поголем дел од оној што им е потребен за долги стази. Преговарањето оди понатаму од компромисот. Тоа промовира колаборативен пристап во кој страните ги здружуваат ресурсите да го решат проблемот на најдобар начин. Преговарањето е составен дел од нашиот живот, секој преговара за нешто секој ден, се повеќе ситуации бараат преговарање. Преговорите имаат три основни елементи: преговарачи, резултат и процес.

Цената на чинење на операцијата "преговарање"

Цената на чинење на операцијата "преговарање" е мерливен вредносен исказ на потршувачката на сите ресурси неопходни за остварување на целта. Утврдување на цената на чинење на операцијата има за цел да врз основа на нејзе да донесе целисходна одлука која ќе обезбеди наменско, рационално и економично ангажирање сили и средства. Патот до доаѓањето до цената на чинење на операцијата најчесто е тежок и мора да биде ускладен си важечки нормативно- законски рамки кој се применуваат во Војска.

Структура на цената на чинење на операцијата

Методолошки најприфатливо е да структурата на цената на чинење на операцијата да се прикаже ник фиксни и варијабилни тршкови.

Фиксни трошкови представуваат трошоци чии вкупен износ скоро е независен од разни врсти активности.

Варијабилни трошоци се јавуваат кога единицата се ангажира на конкретна задача

Стандардни трошоци се сметаат на основа на научни методи, со свестрано согледување на бројни фактори и представуваат најреални трошоци. Користење на стандардни трошоци значително го забрзува процесот на утврдување на цената на чинење на опрацијата.

Трошоци за преговарање во цената на чинење на операцијата[60]

Реализација на преговарањето бара правовремено и во потребни количини обезбедени парични средства. Поради тоа е неопходно да се пресмета цената на чинење на операцијата на преговарање, самостојно. После тоа, се пресметува разликата помеѓу

[60]Марковски, С.: *Трошкови у пословном одлучивању*, Научна књига, Београд, 1991.

претходни варијанти на реализација на операцијата и сегашните, кога ќе се вклучат преговори. Споредување на цената по варијанти заклучува дали таа се зголемила или намалила во однос на почетоното ниво и за колку. Новодобиената цена на чинење може да биде и помала од нула, што значи да повеќе добиваме со новата варијанта, од цената на чинење на операцијата на преговори.[61]

Во денешно време актуелноста на преговарањето постанува се повеќе очигледна во сите сложени конфликти. Да би се дале одговарачки резултати, преговарањето треба да се подготви и изведе професионално, со ангажирање најдобри експерти од земјата и опкружувањето. Неопходно е да се разработи процедура да се пресмета цената на чинење на операцијата на преговарање, во пракса да се провери и потоа да се користи како стандардна.

### *3.4* Карактеристики на преговарањето

Вештината на преговарање е широко гледано сеприсутна и се употребува на дневна основа. Природата на преговарањето може да биде поради остварување на нешто ново со што самостојно неможе да се изведе, поради поделба на ограничени ресурси и како начин на решавање судири и конфликти.[62]

*Карактеристики на преговарањето*

- две или повеќе личности учествуваат во процесот на преговори
- Конфликт ,потреба и желба
- Преговарање како избор за подобар резултат
- " give and take" процес
- Барање за договор, отколку :
- Кавга, предаство, вклучување на трета страна, конечен прекин на договорот

[61]Антић, Љ., Георгијевски, М.: Обрачун трошкова по активностима заснован на времену, *Економске теме*, 4/2010, Ниш, 2010

[62]http://web.efzg.hr/dok/OIM/rvlahov/Pregovaranje.pdf

*Чекори во преговарањето*

- Подготовка ( кои се моите цели ?, како ќе соработувам со другата страна)
- Изградба на однос ( согледување на сличности и разлики, насочување кон целите кој се задоволувачки за сите учесници )
- собирање на информации ( се што е потребно да се знае во врска со проблемот на преговарањето )
- Користење на информации ( составување на својот случај )
- Наметнување ( поставување на почетни понуди, give and take proces )
- Заклучување на договорот ( изградба на обврски )
- Имплементација на договорот

*Стилови на преговарање*

- Доминантен
- Попустлив
- Неактивен
- Колаборативен
- Компромисен

### *3.5* Видови на преговарање

Вештините на преговарање во денешно време се најразвиени во областите во кој најчесто се случуваат конфликти: меѓународните односи и безбедносните ситуации. Преговарањето можеме да го поделиме на: *дипломатско и полициско.*

***3.5.1 Дипломатско преговарање-*** Современата меѓународна заедница е составена од голем број на субјекти на меѓународното право и меѓународните односи, од кој секој е носител на некој свој интерес, кој понекогаш е во склад или несклад со интересот на другиот субјект. Кога меѓународната заедница не е во состојба да ги отргне нивните причини, тогаш тие се појавуваат како меѓународни спорови, па и општи судири. Ако дојде до судир, тие се решаваат со примена на сила или по мирен пат. Од аспект на меѓународното право во насилни средства спаѓаат репресалиите и војната, додека мирните

средства обично се делат на дипломатски и судски. Виенската конвенција за дипломатски односи од 1961 година, прецизно ги формулира задачите на дипломатот :

- Во денешниот свет на развиени меѓународни контакти и бројни врски, кој динамично се развиваат, дипломатот мора да располага со широки знаења кој ќе му овозможат полесно ориентирање во различни средини и справување со многу работи на кој може да наиде.
- Дипломатот мора да има точна слика во земјата во која делува, како и за развојот на сопствената земја. Тој мора да биде свесен за сите разлики и сличности кој постојат, како и својата улога на посредник во долгорочно развивање на односите.
- Дипломатот мора да биде свесен за своите можности и не смее да ги премине.
- Дипломатот, пред се, мора да биде еластичен, држејќи се до максимата дека една од неговите најважни задачи е преговарање во секоја ситуација. Тој не смее да одбива разговори и дискусии, но притоа мора да вложи максимални напори и знаење да ги пренесе ставовите на својата земја и да се обиде да ги објасни истите пред своите соговорници.
- Изложен пред бројни контакти, дипломатот мора да биде свесен за ситуацијата во која се наоѓа и компромисот кој може да го направи.[63]

Постојат различни дефиниции за дипломатијата кој ја опишуваат нејзината улога, актери и областа во која делува. Дипломатијата е техника на државно делување насочена кон меѓусебно комуницирање на владите на државите. Дипломатијата е облик на исклучиво државна активност насочена кон другите држави и е примарно политичко средство.

Постојат неколку видови на дипломатија: билатерална дипломатија, мултиратерална дипломатија, самит дипломатија, економска дипломатија, јавна дипломатија, превентивна дипломатија, присилна дипломатија, шатл дипломатија.

Според *Виенската конвенција за дипломатски односи* основни задачи на дипломатијата се заштита, репрезентирање, набљудување, известување, преговарање, унапредување на пријателските политички односи меѓу државите и активност во развивање на економски

[63]Радован Вукадинович, (2005), Теорија на надворешна политика,Загреб.

односи и односи во областа на културата и науката. Преговарањето е најчест начин преку кој се остварува дипломатскта активност и претставува срж на дипломатијата.

Со оглед на историскиот период во кој се развивала дипломатијата постои **класична** и **модерна дипломатија**.

**Класичната дипломатија** се основа на старогрчкото и римското искуство и тие претставуваат темели на дипломатијата. Нив ги наследила дипломатијата во средниот век. Во овој период на развој на дипломатијата и дипломатската теорија големо влијание оствариле црквата и црковните службеници.

**Модерната дипломатија** ја карактеризираат случувањата кој се одиграле во XVIII, XIX и XX век и кој довеле до одржување на голем број меѓународни конференции и конгреси на кој се расправало за дипломатијата. Постојаната дипломатска поврзаност на државите и народите настанала особено значајна со создавањето на Друштвото на народите меѓу двете светски војни, а особено со создавањето на ООН.

***3.5.2 Полициско преговарање*** -Денешната цивилизација живее во време на чести криминални и терористички активности, па и тежнеењето за спротивставување на таквите активности е се поинтензивна. Современите безбедносни служби ги користат сите расположливи ресурси за осовременување на средствата и методите кој се користат, заедно со технолошкиот напредок, акцентот е ставен кон јакнење на човечкиот потенцијал. Земање на заложници и киднапирање се само некој од арсеналот оружја на криминалните структури. Ваквите ситуации можат да се решат со преговори или примена на сила. Преговорите претставуваат еден од непринудните начини на решавање на чувствителни безбедносни ситуации. За решавање на посебни безбедносни ситуации со преговори, се развила посебна дисциплина позната како полициско преговарање. Во кризни ситуации, во кој е можно да се оствари контакт со спротивната страна, преговарањето може да биде успешно и да има предност во однос на други полициски мерки. Решавањето на кризни ситуации по мирен пат е еден од приоритетите во современите организирани безбедносни системи. Полициското преговарање, како посебна вештина, се употребува во случаевите на конфликт каде се ангажирани силите на безбедност. Преговарачката активност во однос на решавање на некоја конкретна

ситуација, особено заложничка, ја спроведуваат специјализирани служби, тимови за преговори и поединци. Полициските преговарачки тимови се ангажираат секогаш кога е можно да се оствари влијание врз однесувањето на виновникот во конфликтната ситуација, со цел негово предавање, во ситуација во кој некој ја уценува државата така што зема заложници и се заканува дека ќе им наштети. Прифаќање на барањата и нивно исполнување може да има тешки последици. Спротивно од тоа, ако државата не ги исполни барањата на киднаперот, тоа обично доведува до употреба на сила, што подразбира бројни ризици, како по заложниците, така и по припадниците на силите на безбедност. Користење на претходните два начина на решавање на кризни ситуации создава голем ризик, па со тоа се отвара простор за решавање на кризни ситуации со заложници- преговарање со киднаперите. Во таа смисла полициското преговарање може да се дефинира како спроведување на целите на оперативниот штаб за ослободување на заложници, преку примена на преговарачките тактички и технички средства кои се на располагање. Преговорите се водат поради две причини : 1 **политички**:се настојува секоја кризна ситуација се реши со минимална употреба на сила, во склад со политиката која промовира хуман аспект на постапување со почитување на основните човекови права, **2 практични** :фактот дека преговарањето во пракса се покажало како исклучително успешно и во почетната фаза на решавање на кризните ситуации, добило предност во однос на другите начини.

Било која комуникација на преговарачот со извршителот подразбира дијалог, а таа се дели во повеќе фази:

I. Првата фаза е ***активно слушање,*** тоа значи да го слушаш и да не го прекинуваш извршителот. Тоа слушање има за цел да видиме кој се неговите мотиви, намери, и барања. Оваа прва фаза треба има карактер на негова доминација, бидејќи целта е преку оваа фаза да се извлечат што повеќе податоци.

II.Втората фаза ***емпатија,*** преговарачот мора да ги сфати мислите, чувствата и мотивите на извршителот без донесување на суд за неговите ставови. Во таа фаза мораме да внимаваме што преговарачот зборува, дека тоа не е само изговорен збор, туку и што мисли во тој момент, притоа, не смееме да изразиме никакви емоции и мораме да ги сфатиме неговите мотиви.

III.Третата фаза ***поврзување,*** се стекнува доверба. На пример, се наоѓаме во таква ситуација каде извршителот се заканува дека ќе го убие заложникот, или дека ќе дигне во воздух некој објект. Во таа фаза, неопходно е да се дојде до тоа да извршителот преговарачот не го гледа само преку униформата, туку меѓу нив да се создаде доверба. Во тоа како се создава доверба постојат одредени правила кој се од оперативен карактер. Се работи за тоа да нема лажење, со тоа што не смее да се вршат оттстапки на извршителот. Сепак, пожелно е преговарачот да изврши оттстапка но во одреден реципроцитет. Всушност, тоа функционира така што извршителот треба да направи поголем чекор во замена за оној кој е понуден од преговарачот и со самото тоа преговарачот е во предност, но за да дојде до тоа, неопходно е да се стекне доверба.

IV.Четврта фаза е ***влијание.*** Доколку претходните фази се успешно извршени може да се тргне во фазата на влијание, односно преоѓање од фаза на слушање во дијалошка офанзива.

V.Петта фаза ***остварување на целта***. Доколку извршителот ги прифатил предлозите на преговарачот, неговото мислење и образложение, кој преговарачот му ги дал, и истите ги спровел на дело, полицијата ја остварила својата цел и тука е завршена улогата на преговарачот. Тоа значи дека на нас и извршителот треба да ни биде грижа ситуацијата да се реши без нанесување на штета. Тука се мисли на штета која може да се нанесе на заложниците, или штета кој тој би ја претрпел предизвикана од репресивна полициска акција. Така, нашата работа треба да биде да се убеди дека има решение за проблемот, а притоа не смее да му се ветува дека поради постапката која ја направил нема да одговара. Секако дека ќе одговара и тој мора да е свесен за тоа. Меѓутоа, постои лесен и тежок пат за решавање на таа ситуација. Амнестија не постои. Мора пред законот да одговара за сторената грешка, или тоа ќе мора да се стори на потешкиот начин со тоа што извршителот може така да си нанесе поголема штета од претходно.[64]

Нормално е извршителот на почеток да не прифаќа соработка, но работата е во нашата способност да го убедиме да соработува. Преговарачот во акцијата го носи само своето знаење и искуство. За успешно да се завршат работите, преговарачите мора да бидат

[64] Milan Mijalkovski,2005, *Odgovor на teroruзмот*, FCO Beograd.

добри психолози. Низ долгогодишна полициска пракса, тие стекнуваат знаење и вештина од психологијата без кој неможат успешно да ја обавуваат работата. Мерки на заштита постојат, но тие се од оперативен карактер, а преговарачот не ја решава сам ситуацијата, туку е дел од цел тим.

### 3.6 Субјекти на преговарање

За некој навистина да стане субјект на преговори, тој мора да ги има следниве карактеристики:

- организација (способност на субјектот да се донесе одлука, и истата да се усвои и да се спроведе на дело);
- независност (тој мора да биде независен од сите други субјекти и да не има влијание при донесувањето одлука).

Вреди да се напомене дека некогаш пресудено влијание има третата страна во процесот на донесување на одлуки,(без оглед дали станува збор за свесен или на некој начин принудно постапување),

- преговарачки карактер (овој карактер го имаат сите членови кои стапуваат во преговарањето па дури во услови кога не се непосредни учесници и учесници кои посредно се вклучуваат, даваат спостевно мислење и притоа влијаат на преговорите) и
- преговарачко значење (политички,еконосмки ,воени,културни и секакво друго значање во преговарање т.н. субјект кој е носител на одреден интерес, а кој е способен за преговори , односно кои поседува моќ, било да е харизматичност, наметнатост и слично).

Во најширока смисла, субјектите на преговорите се поделени според типот на организација ,територијално искажаните интереси и влијание врз:

локалните субјекти (поединец, група, организација);

национални (државни) лица за преговарање (држава со сите елементи на субјективност, политичките партии на државно ниво, национални комитети, ослободителни движења и

привремена влада,приватни претпријатија, фондации-групата се јавуваат како резултат на борба за власт, дури и во услови кога работат од странство), регионални субјекти на преговарање,(организација на повеќе соседни земји во сите сфери на општеството, организации на повеќе приватни компании во соседни земји,и организации на повеќе невладини организации и организации на повеќе приватни универзитети)[65].

*.5.1 Фази во процесот на преговарање*

Процесот на преговарање е сложена активност кој чини неколку фази. Прва, и по мислењето на многу теоретичари и практичари, најважна фаза на секој преговарачки процес е подготовката и планирњето на преговорите. Се смета дека оваа фаза носи 90 проценти успех во преговарањето. Основната задача во оваа фаза е да се проучат и утврдат расположливите извори на информации и на основа на тоа да се утврдат сопствените потреби, желби и можности. Ако добро се анализираат потребите на едната и на другата страна, полесно се доаѓа до таканаречена " win-win" решение, односно решение кое би ги задоволило двете страни,доколку противникот не мисли исто и наметне некое друго решение, потребно е да се одреди некоја најдобра алтернатива.

Втората фаза е самиот преговарачки процес. Неопходно е да се стори се за да се намали тензијата и изрази намера и желба за успешен исход на преговарањето за сите вклучени страни. Прво доаѓа до утврдување и усклaдување на дневниот ред, а после преговарачките страни го изнесуваат својот став. Следниот чекор се конкретни предлози, потоа дискутира во разликите во ставовите, донесување на аргумент, разгледување на можни поволни решенија, разговор за предметите на меѓусебна размена и погодување околу условите на таа размена.

Важна компонента во преговарачкиот процес е комуникацијата, која овозможува подобро разбирање и отвора простор за размена на мислења и за доаѓање на нови, креативни решенија. Неопходно е во процесот на преговарање, постои активно слушање и правилна интерпретација на она што е искажано, пратење на невербални сигнали итн.

---

[65]Ljubivoje Aćimović, *Nauka за меѓународните odnosi – Теорија і истражувачки насоки*, Naučna knjiga, Beograd, 1987.

На крајот преговарачкиот процес е потребно повторно да се разгледа. Така сами учиме, како друг пат да постапиме помудро и да постигнеме подобар резултат.

### 3.7 Стратегија на преговарање

Преговарачката стратегија е општ план кој се користи за да се остварат целите на преговарачот. Видот на стратегија кој преговарачот ќе го одбере има драматично влијание на процесот и резултатот на преговори, вклучувајќи остварување индивидуални и заеднички цели, стабилност на договорот, квалитетот на идните меѓучовечки односи меѓу преговарачот и страната кој они ја претставуаат.

Pruitt говори за четири основни преговарачки стратегии, за факторите кој влијаат на изборот на стратегијата и како изборот на стратегија влијае на резултатот на преговори. Тие се: решавање на проблемот, борба за превласт, стратегија на несторување, попуштање.

**Решавање на проблемот,** вклучува зголемување на достапните ресурси, компензација, размена на отстапки кај прашања од низок приоритет, минимизирање на трошоците на тие отстапки и создавање на нови можности кој се корисни за двете страни. Предност на овој тип стратегија е што доведува до најдобри резултати. Вакви стратегии се воглавном трајни, и ги подобруваат меѓусобните односи меѓу страните и често се од корист за општеството.

**Борба за превласт,** преговарачите се обидуваат да ја убедат другата страна да се сложи со решението кое одговара само на нивните интереси. Оваа тактика може да доведе до ескалација на конфликтот, а вклучува големи барања, неотповикливи обврски, убедување и закани.

**Попуштање,** е добар начин за решавање на проблемите ако се работи за неважни прашања и ако треба што побрзо да се дојде до решение.

**Стратегија на чинење или избегнување,** обично се користи за да се наметне на другата страна притисок на недостататок на време.

Schoenfield дава краток преглед на пет стратегии, кој може да се користат поединечно и во комбинација:

- Груба, подразбира висока почетна понуда и давање на отстапки само во краен случај.
- Попуштање, кај оваа стратегија преговарачот прв понудува отстапка, за што постојат две причини: првиот е што преговарачот подоцна може да бара отстапка од другата страна како реципрочен одговор, и другиот е што почетната отстапка го намалува нивото на недоверба помеѓу преговарачот и овозможува подобра соработка.
- Умерена, оваа стратегија е комбинација од груба стратегија и попуштање, а особено се користи кај прашања од висок приоритет.
- Фер, кај оваа стратегија страните соработуваат да би заедно дошле до резултат кој е прифатлив за двете страни, односно кој би бил праведен.
- Играње, кај оваа стратегија преговарачот покажува заинтересираност или грижа за прашања кој всушност не го интересираат бидејќи сака да го збуни противникот. [66]

[66] file:///C:/Users/EFTO/Downloads/DRR%20-%20Strategija%20poslovnog%20pregovaranja%20u%20savremenim%20organizacijama.pdf

## Глава IV

### 4.1 Употреба на вештините на преговарање во спротивставување на меѓународниот тероризам

Стратегијата на преговарање како вештина и метод може да се користи во различни ситуации. Страните во преговарањето можат да бидат : држава со држава, организација со организација, поединец со поединец, организација со држава, поединец со организација и држава итн. Се преговара на различни теми: дипломатски, политички, економски, правни, работни и во сите останати ситуации каде постои спор или конфликт кој мора да се реши. Стратегијата на преговарање се користи во ситуација кога постои конфликт, како и меѓу најмалку две спротивставени страни меѓу кој е можно да се воспостави комуникација. Се преговара со цел пронаоѓање на најдобро можно решение во дадена околност, кое во секој случај е подобро од она која може да се постигне без преговарањето. Во проучувањето на конфликтите и начинот на нивното решавање истражувачите дошле до некој интересни заклучоци. Преговарачите се често во дилема дали да имаат цврст став или да прават отстапки со цел да го избегнат конфликтот со другата страна. Скоро секогаш се покажало најдобро средното решение. Основно е дали постои волја на обете страни за спорот се реши преку преговори. Ако таква волја постои, метод ќе се најде. Секој преговарач има два вида на интерес: за самиот проблем и за односите со другата страна. Вештините на преговарање во денешно време , се најразвиени во областите во кој најчесто се случуваат конфликти: меѓународните односи и безбедносните ситуации.

Тероризмот прерасна во општествен феномен. Никогаш порано не бил така раширен и опасен за стабилноста на државата и меѓународниот поредок. Терористичките напади врз САД 11 септември 2001 година и спектакуларното уништување на светскиот трговски центар во Њујорк, во кој згаснаа над 3 000 животи, доведе до објавување на глобална војна против тероризмот. Ставот на многу држави е да нема преговори со терористи. Што

допринесе таквиот став ? Во глобален контекс е направена паралела меѓу преговарање со терористи и односите меѓу САД и СССР во периодот на Студената војна. Генерално, ставот на надворешната политика на САД бил дека не е паметно да се водат преговори со СССР, бидејќи лидерите на државите едни на други немаат доверба, а со самото преговарање покажуваат слабост во однос на другата страна. Оваа политика била критикувана и со преговарање се започнало со доаѓањето на претседателот Никсон. Меѓутоа, тоа преговарање било неискрено преговарање се до периодот на детант, кој почнал на крај на 60-тите и се поклопува со издигнување на меѓународниот тероризам и лабава политика према СССР кој се сметал за причина на развивањето на тероризмот како инструмент против експанзија на Западот. После тоа, се случило цврстата политика на непреговарање на релација Исток-Запад да се пренесе и на тероризмот, и преговорите во оваа област се анатемирани.

Цел на преговарањето е сите учесници, во извесна смисла, да бидат победници. Кога станува збор за меѓународни судири или судири со терористи, се нагласува објективната суштина на конфликтот, сметајќи дека страната во судирот може или да победи или се да изгуби. Балансиран пристап во анализирање на конфликтот искажува земање во предвид и на субјективната страна, која произлегува од неразбирањето на спротивната страна. Односот на државите спрема терористичките организации не е секогаш заснован на објективна процена на нивното делување и опасност, туку често е резултат, на крајно прагматични политички интереси.

### 4.2 Дипломатијата како мерка за спротивставување на тероризмот

Дипломатијата е многу моќно оружје на секоја земја во борбата против современиот тероризам, каде тој преку глобализацијата, непречено ги преоѓа државните граници и на тој начин терористичките организации си ги поставуваат ќелиите по целата планета. Вешто водена, дипломатијата претставува поврзувачки елемент кој сите антитерористички мерки ги обединува во една компактна, вешто поврзана целина. Во спротивставување на тероризмот, дипломатијата не се однесува само на професионалните дипломати, туку и на сите државни службеници кој се специјализирани за борба против

тероризмот. Дипломатијата ја има главната улога во антитерористичките мерки воопшто, било да се договара или посредува во изнаоѓање на антитерористички решенија по мирен пат. Договорите и преговорите на билатерална основа претставуваат најелементарен начин, почетен чекор во правец на правно идентификување и осуда на терористичките активности. Овие договори и преговори се засновани на принцип на суверена еднаквост и рамноправност на државите. Меѓутоа, непосредните дипломатски преговори имаат и своја слабост: техниката на преговарање е многу поедноставена, па така кај некој сложени ситуации неможе до крај да расветли извесни факти. Затоа, особено во поново време, непосредните дипломатски преговори поретко до крај ги решаваат споровите, и се прелиминарен чекор пред да се пребегне кон други средства. Преговори и договори на мултирателарно ниво се водат на меѓународните конгреси и конференции, доколку за решение на актуелен проблем со тероризмот се заинтересирани повеќе земји. Преговорите во рамките на меѓународните организации имаат многу сложена функција, со оглед на механизмот, техничкиот апарат и опременоста на меѓународното тело, па така често се појавуваат како главно средство за решение на проблемот. "Добра услуга" претставува пријателска интервенција на трета држава или повеќе држави кој немаат проблем со конкретната терористичка организација, а се спроведува со цел да се оттргнат препреките за решавање на проблемот со преговори и договори со терористичката организција. "Посредувањето" претставува многу ефикасен и непосреден облик на интервенција отколку добрата услуга. Додека кај добрата услуга третата држава само ги доведува спорните страни во непосреден контакт, кај посредувањето таа има и одредена активна улога. Таа може сама да го испитува предметот на спорот и во тој правец да дава конкретни предлози, што значи и активно да учествува во самите преговори.

Со цел на оттргнување на регионалните недостатоци, шефовите на државите или шефовите на владите на ЕУ одржаа на 25 и 26 март 2004 година во Брисел вонреден состанок, на кој усвоиа Декларација за тероризам и го именуваат Холанѓанецот Гија Де Вриса[67] за главен координатор во борбата против тероризмот, обврзувајќи ги сите земји членки на заедничко делување во борбата против тероизмот. Носителите на политичко-дипломатските активности се највисоките државни раководители и органи. Нивната улога

[67] Milan Mijalkovski, *Одговор на тероризмот*, FCO Beograd, 2005.

во дипломатските антитерористички активности е одлучувачка, бидејќи тие со навремени активности на меѓународно ниво обезбедуваат заеднички пристап на проблемот со современиот тероризам, тие инсистираат на оттргнување на причините за тероризам, без оглед на неговиот обем и неговите активности.

### 4.3 Преговори со терористи

Феноменот тероризам како глобален ризик на безбедноста и светскиот мир карактеристичен е за дваесеттиот век. Во првите години на дваесет и првиот век трендот се продолжува и може да се каже дека основна стратегија на тероризмот е природата на учесниците и нивните цели. Од едната страна е државата, чија цел е оттргање на опасноста и намалување на ефектот, а од другата страна се терористите кој имаат ултимативни и насилни барања. Клучна улога во креирање на преговарачка стратегија со терористите има мотивот на терористите: верски или друг фанатизам, борба за независност или автономија, помрачена психа, лична слобода, желба за пари или публицитет.

Факторите кој влијаат на избор на преговорите како антитерористичка стратегија, зависат од тоа дали е конкретна цел трансфомација или дезинтеграција на терористичката група. Природата на идеологијата на тероризмот значително влијае на примената на стратегијата на преговарање.[68] Групите кој тежнеат кон потполно уништување на поредокот или неговата потполна замена за друг, пружаат отпор на обидите да се трансформираат во умерени политички партии. Со самото тоа, тактиките на преговарање мораат да бидат насочени на стратегија на дезинтеграција на терористичката група. Во врска со тоа се разликуваат секуларни и верски мотивирани терористички групи. Разликата настанува од фактот дека верски мотивираниот тероризам често води борба на тоталитарен начин, сметајќи го насилството како свет чин. Секуларните терористички идеологии имаат желба за поголема самостојност во рамките постоечката политичка заедница, па дури и независност од таа. Кога тие не се закана по безбедноста на државата, можно е да применат тактика на трансформација како стратегија на преговарање.

[68]Мојсилович, Ж., *Тероризам и преговарање,* Београд: Центар за кризен менаџмент и преговарање, 2009, 185.

Бидејќи станува збор за целосно спротивни позиции во конфликтот( терористичката група и државата), преговорите по правило се, тешки и сложени. Начелно, властите се отворени за изнаоѓање решенија, во ситуации кога барањата се пари, безбедно заминување или азил, одошто во случаеви на ослободување на затвореници или политички барања.

Употребата на преговорите како стратегија за спротивставување на тероризмот наидува на многу проблеми. Секоја употреба на стратегијата на преговори носи ризик да ја поттикне другата страна да прибегне кон одредена на притисок и тероризам.[69] Другата страна може да бидат незадоволни државни структури или радикални елементи на тероризам. Што поголеми се оттстапките, поголемо е незадоволството и политичкото противење на општествените структури кој се залагаат за спротивставување на тероризмот со други средства. Од друга страна, постои опасност , тие кој преговараат во име на терористите да постанат објекти на притисок и напади на радикални елементи на сопствената терористичка организција, бидејќи преговорите ги подразбираат како одраз на слабост и одстапување од принципот и идеологијата.

Ситуација во која се манифестира активност на терористите претставува акт на непосредна животна загрозеност, активно загрозување на безбедноста на објектот, енергетските и телекомуникациските капацитети, општествените добра. Процесот на преговарање го карактеризираат ангажирање на посебни, специјализирани тимови, служби и тоа најчесто со полициските структури и органите на државата. Карактеристична ситуација на преговарање со терористи претставува и преговарањето во услови на заложничка криза. Киднапирање и држење на заложници се појавни форми на ситуација во која се реализира преговарњето. Елементи на заложничката ситуација се актерот на насилство, жртвата на насилство и чинот на насилство. Психолошкиот притисок, стравот, загрозеноста на животот и потенцијалната неконтролирана реакција на киднаперите значително ја усложнува реализацијата на успешниот процес на преговарање.

Учесниците на заложничките ситуации, било да се работи за плански акции или спонтани, непланирани акции, можат да бидат: професионални криминалци, кој можат да бидат

[69] Ибид,187.

доведени во ситуација на земање заложници во прилог на панични реакции на осуетениот план или емоционално растроени особи, кој со киднапирањето сакаат да привлечат внимание на себе. Ако се набљудуваат групните појави на киднапирање во кој се реализира заложничка криза, можно е да се препознаат:"изгубени групи" и структурирани групи.[70]

Во текот на проектирањето на преговарачкиот пристап, потребно е да се реализираат следните фактори:

- Целите и подцелите на преговарањето
- Последица на примена на поедини начини на ослободување на заложници
- Принцип и препорака на ослободување на заложници
- Односот на власта кон барањата на киднаперите

Во основа на преговарањето се остварува психолошка метода на убедување. Таа се постигнува низ фази на подготовка и изведување. Како и останатите видови на преговарање и оваа специфична категорија се заснова на квалитетно организирана комуникација. Повеќезначајноста на субјектот и нивната меѓузависност, психолошката тензија и високи влогови за кој се преговара, бараат вонредни комуниколошки способности на преговарачот. Некој од најочигледни се: комуникација со роднините на киднаперот и заложниците, односи со медиумите, комуникација со киднаперите, однос кон надредените итн.

Посебни вештини се бараат во примената на тактика, која бара изразени комуникациски вештини: преговарање "лице во лице", убедување, закана, ветување, предлог за оттстапки. Уште една специфичност за успешно остварен преговарачки процес во заложничка криза е ослободување на заложниците и предавање на терористите. Тоа е идеален аспект на решавање на кризата, кој тешко се постигнува.

[70]Interantional Association of Chiefs of police & Federal Law Enforcmant, *Hostage Negotiation Study Guide2010*, Law Enforcement Exploring, 2010, 2–3.

## 4.4 Преговарачки тимови за спречување на терористичката акција

Преговарањето како вид на комуникација е присутно од настанување на човекот, без разлика дали за тоа говорат креационисти или еволуционисти. Преговарањето е севременско, сегде присутно и е составен дел на меѓусебните односи внатре во природата, општеството и човекот.

### *4.3.1 Субјекти на преговарање*

За да некој постане субјект на преговарање, тој мора да ги има следниве особини: организираност (способност на субјектот да донесе одлука, истата да усвои и спроведе на дело), независност (тој мора да биде независен од другите такви субјекти за непречно да донесува одлуки). Важно е да се спомене дека силен и понекогаш пресуден фактор е третата страна во одлучувањето како важен елемент во процесот на донесување на одлука, понатаму,преговарачки карактер и преговарачко значење. Во најширока смисла, субјектите на преговарање се делат според обликот на организирање, територијално откриени интереси и влијание на :локалните субјекти на преговарање, национални субјекти на преговарање, регионални субјкети, интернационални субјекти на преговарање и транснационални субјекти на преговарање.

### *4.3.2 Преговарање со терористи*

Секако, преговарачките циклуси со терористите не можат исклучиво да се набљудуваат од агол на класичното преговарање. Тој е во современи услови оптеретен од низа на нови појави кој го карактеризираат современиот облик на тероризмот: организираност, конспиративно планирање, висока стручност, симболичка примена, непредвидливост, специфичност на организираност, улога на лидер, комуникативност, насилство и закана со насилство, необичност и неморалност, интердисциплинираност.[71] Во ситуација кога терористите ја уценуваат државата со помош на заложници, прифаќање на барањата и нивното исполнување може да има многу тешки последици, а доколку државата не ги исполни барањата на терористите, тоа обично доведува до употреба на сила, што

[71] Radoslav Gaćinović, *Antiterorizam*, Draslar, Beograd, 2006.

претставува високо ниво на ризик како за заложниците, така и за силите на безбедност. За успешно настапување во преговарачкиот процес неопходно е, покрај сите квалитети на избраниот преговарачки тим, да се организира стручна специјалистичка обука. Обуката се спроведува преку однапред предвиден план и програма, а на основа на светските искуства во обука на преговарачките тимови.

Целите на преговарањето се: убедување на киднаперите да се откажат од своите најавени намери и преку мирен пат да се предадат на властите, да ги ослободат заложниците и евентуални експлозивни направи да останат неактивирани, прибавување на информации за терористите, добивање на време поради намалување на емоционаланта напнатост и кај киднаперите и кај заложниците и добивање на што повеќе отстапки.

Основни струкурални обележја на начинот на ослободување на заложници се поаѓање, постапки и средства на антитерористичките единици. Секогаш треба добро да се проучат барањата на терористите, роковите кои ги поставуваат и одмазда која се заканува. Астон Клив истакнува дека барањето на киднаперите може да биде постигнување на одредени политички промени, ослободување на затвореници, бегство или нивна комбинација.[72] Токму, преговарачките тимови придонесуваат кон непринудно ослободување на заложниците, каде доминира техниката на преговарање и откупување.[73] Сите актери во една кризна ситуација (терористи, заложници и власта) се наоѓаат пред речиси нерешливи дилеми.

*Терористите* -убивање на заложници или несторување на такво нешто, да преговараат или да останат на максимални барања, да се предадат или истраат до крај, да се предадат или да погинат, сами или со заложниците. Во секој случај, дали е спремен да умре или не, терористот опколен со антитерористички единици со саати е соочен со смртта, што е многу непријатно.

*Заложници*- да се противат во текот на заложничката ситуација или безговорно да ги извршуваат наредбите на терористите, да се спротивставуваат или соработуваат со терористите, да смислуваат планови за бегство или да се препуштат на судбината.

---

[72] Aston C. C., „Political Hostage – taking in Western Europe", *Conflict*, London, 1984
[73] Clutterbuck Richard, „Terrorism and Security Forcus in Europe", *The Army Quertely and Defence Journal*, No 1/81, Colins, London, 1981

*Властите*- да ги исполнат барањата или да се борат, да преговараат или не, да чекаат или да нападнат, да објавуваат информации за ситуацијата или да молчат, да го жртвуваат угледот на државата или животот на заложниците, да попуштат во преговарањето или да останат цврсти по секоја цена.

Ослободувањето на заложници е еден од најкомплексните задачи со максимален степен на ризик по сите учесници во тој процес, а таа работа ја обавуваат специјализирани антитерористички единици и врвно обучени преговарачки тимови. Во преговорите секогаш и по правило учествува тим, а не поединец. Предноста на тимот во однос на поединецот е очигледна: преносот на информација е сигурен и очигледен, разбирањето на заложничката ситуација е потполна, остварениот контакт со терористи е посигурен, психолошки се прецизни и потполни, а можна е и замена на преговарачот.

### *4.3.3 Методологија на работа на преговарачкиот тим*

Преговарачкиот тим по правило е сочинет од седум членови. Тие се обично лидерот на преговарачкиот тим, првиот преговарач, вториот преговарач, документарист, психолог, експерт за логистика и советник. Со тимот раководи координатор на преговарачкиот тим. Во некои ситуации се ангажира и експерт за минско експлозивни средства, радиоактивни материјали, бојни отрови, професионален преведувач, лице од доверба кај киднаперите итн. Раководителот на акцијата во кој е ангажиран преговарачкиот тим должен е да обезбеди: блокада на местото на настанот и оневозможи присуство на неповикани лица, оперативни податоци за киднаперите и жртвите кој се од значење на преговарачкиот тим, присуство на други лица по налог на раководителот на акцијата во заложничката ситуција, лекарска екипа за давање на медицинска помош. Основни задачи на преговарачкиот тим се: воспоставување, одржување и снимање на разговорот со киднаперите и заложниците, остварување на емоционална контрола над виновниците за конфликтната ситуација, контрола на времето преку одолговлекување, создавање на атмосфера погодна за преговарање, прибавување на информации за состојбата на заложниците, бројот, мотивите и состојбата на киднаперите и заложниците, советување на раководителот на акцијата, контролирање на однесувањето на актерот на заложничката ситуација.

*Лидерот на преговарачкиот тим* раководи со работата на тимот и постојано е врска со командантот на антитерористичката единица која се подготвува за акција. Одговорен е за преговарачката тактика, планирањето, организирање и водење на тимската работа. *Првиот преговарач* е во директен контакт со заложниците. Тој е експерт со искуство и има најзначајна улога во решавањето на заложничката ситуација. *Вториот преговарач* ги следи преговорите, ја следи состојбата за конкретна ситуаија, комуницира со првиот преговарач и ги пренесува задачите добиени од лидерот на преговарачкиот тим. *Документаристот* ја води пропишаната документација, евиденција на пишани материјали, го снима звучно текот на преговорот и ги систематизира сите податоци, води дневник на преговори, подготвува материјал за извештај. *Психолог* во преговарачкиот тим е покрај првиот преговарач најважен во тимот. Тој не преговара туку ја анализира ситуацијата и дава совети, ја проценува псхихолошката состојба на киднаперите и предвидува нивни постапки во наредниот период, се грижи за психолошката состојба на тимот. *Експертот за логистика* е одговорен за сите технички прашања. *Советникот* во преговарачкиот тим е лице кое за терористите-киднапери ги прибира сите неопходни податоци кој можат ефикасно да се применат во текот на преговорите. Задачата на водачот на преговарачкиот тим меѓу останатото е да спроведува одлуки за ангажирање на преговарачки тимови, донесува конечни одлуки во начинот на ангажирање на преговарачките тимови, предлага мерки до државните органи за ангажирање на додатни специјализирани средства и антитерористички единици во одредени ситуации за решавање на заложничката ситуација, ја одредува должноста внатре во тимот, ги бира кандидатите кој ќе учествуваат во преговорите за секоја конкретна ситуација.

Членовите на преговарачкиот тим мораат меѓусебно добро да се познаваат. Мораат да ја познаваат способноста на своите соработници од тимот. Преговарачкиот тим по потреба може да вклучи и средства на јавно информирање во разговорот со терористите како и дипломатите од земјите со кои терористите имаат пријателски односи. Во текот на изборот на членови на преговарачкиот тим треба да се имаат во предвид следниве пожелни особини на личноста: висока мотивираност и смисла за преговарачка работа, способност да се надмине стресот, интелектуални способност, способност на активно

слушање, друштвеност и отвореност, способност за планирање, познавање на средствата, психолошка стабилност, тактичност, способност за тимска работа.[74]

Првиот контакт на преговарачите со терористите е многу битен, па методот на воспоставување на прв контакт е во надлежност обично на психологот и парапсихлогот во преговарачкиот тим. Кога ќе се дознае државата од каде потекнуваат терористите, кон кои политички опции тежнеат се ангажира екипа од респектибилни експерти од науката,политиката и разузнавачките служби, за да по итна постапка на преговарачкиот тим подготват релевантни податоци кој ќе бидат корисни за понатамошниот преговарачки процес. Од голема важност е да се има доволно време на располагање. Многу е битно да се убедат терористите дека нивните евентуални жртви би биле залудни и контрапродуктивни за стратегијата на нивната борба.

Во однос на времето на започнување на преговарањето може да биде: преговарање во раната фаза на ескалација на појавата, во текот на траење на појавата, по завршетокот на појавата, во текот на постпојавниот период. Во однос на начинот, преговарањето може да биде: непосредно,посредно, јавно и тајно, а според бројот на учесници- билатерално, мултилатерално и со присуство на трета страна. Според тематските цели разликуваме, политичко, економско, правно,воено,еколошко,црквено,културно,научно преговарање. [75]

---

[74] Materijal „Pregovarački tim MUP-a Republike Srbije – PTM"

[75] Radoslav Gaćinović, *Terorizam u političkoj i pravnoj teoriji*, Evro-Giunti, Beograd, 2010.

### 4.5 Можност за употреба на преговарањето во одделни фази на терористичкото дејствување

Постојат неколку фази во терористичкото делување :

*1.Подготвителна фаза*

*2.Фаза на извршување на терористичкиот акт*

*3.Фаза на стабилизација*

1. Со оглед на тоа што во првата фаза се вршат подготовки и претходи на фазата на терористичкиот акт, тука може да се изврши превентивно делување во насока да не се случи односно реализира терористичкиот акт. Во подготвителната фаза која по правило е најдолга преговарачите треба да се фокусираат на прибирање на информации во врска со подготовката на терористичкиот чин и врз основа на тоа да можат да изградат основа за влијание врз терористите. Според досегашните истражувања, заклучено е дека влијанието и бројот на нападите кој ги извршуваат терористите најмногу зависи од поддршката кој тие ја имаат, па оттука пресудно е да се изврши влиание врз нивните симпатизери и поддржувачи. Во оваа фаза се подразбира дека постои некое спорно прашање и каде одредена група неможе, несака или не умее да го реши на друг начин освен преку терористички акт. Тука улогата на власта и преговарачите е постојано да ги следат ваквите групи , прашања за нив кој би можеле да бидат спорни. Доколку овде се препознаат потенцијали за тероризам, целта треба да биде насочена во разбирање на спротивната страна како таа размислува, и што може да се постигне преку вештината на преговарање-активно слушање. За терористите е многу важна домашната и меѓународната активност па така тие својата пропагандна дејност ја насочуваат спрема целна група на население, како и спрема одредени сегменти на меѓународната заедница. Честа грешка кај властите е што не обрнуваат внимание на пропагандната дејност и сметаат дека треба да се бават со поважни прашања но тоа е еден голем пропуст кој може да колуминира во тероризам. Во оваа фаза се спроведува и обука и оспособување на луѓе за вршење на терористички акти. За ова неопходно е организирање на кампови за обука, канали за набавка на оружје и опрема итн. Најчесто снабдувањето со оружје и опрема се врши

однадвор, па ако властите дојдат до информации од каде точно се набавува оружјето тогаш можат да влијаат на таа земја и да се намалат можностите за набавка на оружје и опрема. Ова се спроведува преку договор на државите прифатлив за двете страни. Користејќи ги вештините на преговарање, преку одржување на комуникацијата со другата страна, во директен контакт може да се влијае на намалување на поддршката или држење на ситуацијата под контрола. Во организирање и изведување на подготовката покрај организаторот се вклучени и други членови и симпатизери, нарачатели, државни спонзори и финансиери. На сите нив може да се влијае без употреба на сила на начин што ќе се убедат да разгледаат и други опции за постигнување на своите цели а не преку тероризам. Преговарањето во оваа фаза е уште познато како превентивно преговарање.

2. *Фазата на извршување на терористичкиот акт* подразбира изведување на планираната акција. Ова фаза може да има два епилога. Првиот, доколку во првичниот напад терористите ја исполнат својата цел тогаш оваа фаза тука завршува, но, доколку терористите земат заложници и се забарикадираат, притоа барајќи исполнување на нивните услови, тогаш оваа фаза трае до разрешување на кризната ситуација. Во вториот случај може да дојде до примена на вештините на преговарање. Заложничките ситуации ги карактеризираат повеќе фази: напад, поставување на барања и излез. Нападот се изведува тајно, брзо и изненадно. Избраните мети се онеспособуваат, врзуваат и им се оневозможува контакт со надворешниот свет. После нападот се поставуваат барањата до властите по закана дека заложниците може да бидат повредени или убиени доколку барањата не се исполнат. Полициските тимови за преговарање со криминлаци се покажале како многу успешни досега во апсењето на криминалците и ослободување на заложниците. Тимовите за преговори се апликативни за терористите. Доколку терористите имаат поставено барања, тоа значи дека тие нешто сакаат, а тоа отвара простор за преговори. Предуслов за упешни преговори е постоење на обучени преговарачи, кои добро ја познаваат методологијата на работа.

Тимовите за преговори мора во својот состав да имаат експерти за психологија, филозофија, социологија, историја, право и воени науки. Кога терористите држат заложници и кога властите ќе ги користат своите преговарачки тимови во решавање на кризата, преговарачите имаат задача да исполнат одредени цели:

- Убедување на терористите да се откажат од своите намери и да се предадат на властите, да ги ослободат заложниците.
- Да добијат на време поради намалување на емоционалната напнатост и кај терористите и кај заложниците, а така и можноста да не дојде до несакани последици.
- Собирање на информации за заложниците- кој се, колку ги има, во каква состојба се итн.
- Прибирање на информации за терористите- број на терористите, психолошката состојба, мотивите, барањата, припадноста на терористичката група, итн.
- Добивање на што повеќе отстапки.

Овие цели се во насока за најдобро решавање на кризата како за заложниците, така и за силите на безбедност и за киднаперите. Доколку барањата се остварени или терористите сфатат дека неможат да ги исполнат своите барања, тогаш тие ја користат стратегијата на излез. Оваа стратегија може да подразбира предавања после исполнување на барањата, бегање од местото со заложниците или дури преку борба да се пробијат преку силите за безбедност и да избегаат. Основната задача на преговарачите е да ги ослободат заложниците по мирен пат, во спротивно ќе бидат поддршка на специјалните единици во решавања на кризната ситуација.

*3. Последната фаза во делување на терористите е фазата на стабилизација-* која ги има следниве елементи: извлекување, информирање и огласување.

**А.** Извлекување како дел од фазата на стабилизација подразбира напуштање на местото на извршување на терористичкиот акт и криење од силите за безбедност. Во извлекување терористите користат однапред подготвени места за криење користејќи ги нивните симпатизери кај кој престојуваат одредено времедодека ситуацијата не се смири. Овде може да дојде апсење на терористите и нивните помагачи.
**Б.** Другата карактеристика на оваа фаза на стабилизација е информирањето, односно следење на ситуацијата од терористите каков ек имала нивната акција во редовите на непријателот. Терористите овде прислушуваат дали нивниот притисок ќе влијае врз властите и ќе резултира со отпочнување на преговори и исполнување на барања.

**В.** Преку огласување терористите превземаат одговорност за сторениот напад. Со оглед дека целта на терористичкиот напад е пренесување на порака и свртување на вниманието на јавноста, терористите сакаат да се знае дека се тие извршителите на акцијата. Со оглед на тоа што терористичкиот акт е веќе извршен , нема потреба од преговарање со извршителите туку се користи оваа фаза да се влијае врз симпатизерите и помагачите.

*4. Заложнички кризи- факти и фикција*

Помалку од 20 проценти од заложничките кризи и повеќето кризи со кој се соочуваат безбедносните сили се решени без човечки загуби. Всушност, преговарачките стратегии имаа 95% успех во решавање на вакви заложнички драми без смртен исход кај двете страни. Заложничката криза во основа е земање на лице\а и нивно присилно задржување, поради остварување на барањата и целите на киднаперот кој се заканува по животите на заложниците. Во вакви заложнички кризни ситуации, киднаперот воспоставува комуникација со полициските преговарачки тимови или други авторитети. Постојат особено 3 опасни периоди во текот на заложничката драма.

**Првиот**, е иницијален, 15-45 минути од кризата кога паниката и конфузијата се највисоки. **Вториот**, е во текот на предавањето на киднаперите-терористи и кога силните емоции, отсуството на координација меѓу киднаперите и преговарачките тимови можат лесниот начин на постигнување на договор да го насочат во погрешна насока. **Третиот**, напад на специјалните тимови кој може да резултира со највисок број на жртви, најмногу поради две меѓуповрзани причини. Првата, самиот факт дека ваквиот избор на стратегија како начин на решавања на самата криза е индикативен кон тоа дека сите обиди на преговарачките тимови за решавање на кризата се неуспешни, и дека насилството врз заложниците се врши или е значително. Втора, ако вооружен судир започне, паниката и конфузијата која ќе настане меѓу заложниците ќе резултира со голем број на жртви и повредени.

*5. Основен протокол- одговор на заложничките ситуации*

Прв приоритет е да се држат и изолираат киднаперите во еден безбедносен периметар. Генерално правило, е периметарот да биде доволно голем да дозволи слобода на движење на тактичките и преговарачките тимови, и доволно мал да може да биде држен под будно око и контрола од безбедносните сили. Најдобро е да се поставаат два периметри, внатрешен и надворешен.[76] Од заедничка потреба е да се работи и со надворешната околина и истата да соработува за барањата на кризните тимови во решавања на заложничките ситуации. Ова ги вклучува медицинските тимови, локална контрола врз сообраќајот, соработување со локалните медиуми и да биде информирана локалната заедница за кризата со цел да се зголеми нивото на безбедност. Секако треба да биде воспоставена некаква комуникација со киднаперите, бидејќи, доколку порано започнат дијалог, значи имаат помалку време да преземат некакви драстични мерки.

*6. Генерални комуникациски стратегии во заложничка ситуација*

Кога започнува преговарањето, потребно е да се обидеме да ги минимизираме во позадина работите што сметаат и ја отежнуваат комуникацијата, лица кои зборуваат, радио пречки, сообраќајна бучава. Ако постои бучава кај другата страна, да ги замолиме да се префрлат во некоја друга помирна просторија, да зборуваат помалку, или да го зголемат квалитетот на комуникацискиот канал.[77] Да го започнеме дијалогот со претставување и изјава за кој сме ние и која е целта на разговорот. Треба да се држиме до едноставност во оваа фаза на претставување и секогаш да се придржуваме кон чесност и кредибилитет. Да ги прашаме како киднаперите-терористите сакаат да бидат нарекувани. Треба да се однесуваме со почит кон нив. Ако името ни е непознато треба да им се обраќаме со г-дине. Треба да говориме споро и смирено. И потрено е да го адаптираме говорењето според вокабуларот на киднаперите. Ако не сме сигурни што точно бараат киднаперите тогаш треба да ги прашаме за појасно да ни кажат. Јасноста е генерален принцип во преговарањето и сите форми на кризни ситуации. Ние не треба да одговараме или реагираме доколку не ни е јасно што бараат, што мислат. На пример ако бидеме

[76] Lanceley, F.J. (2003). *On-Scene Guide for Crisis Negotiators* (rev. ed.). Boca Raton: CRC Press.
[77] Slatkin, A.A. (2005). *Communication in Crisis and Hostage Negotiations*. Springfield, IL: Charles C Thomas.

прашани од некој да ни помогне, подразбира, дека тоа е знак или произлегува од интерес, грижа или респект кон вас. Разговорот треба да го фокусираме на киднаперите, не на заложниците. Треба да запаметиме дека заложниците претставуваат моќ и контрола на киднаперите, па затоа не треба да правиме ништо со што тие овој факт би го заборавиле. Треба да се распрашуваме за благосостојбата кај нив, пред се на киднаперите. Да поставуваме прашања од типот- Дали се е во ред? Дали е некој повреден ? Дали се сега засега сите сигурни ? Треба да бидеме охрабрувачи и поддржувачи за крајниот исход од кризата. Ако постојат шанси да се спасат животи, тогаш треба да ја интерпретираме ситуацијата на што попозитивен начин. Ако имало пукање, треба да поентираме дека никој не бил повреден. Ако е убиен заложник, тогаш треба да се фокусираме на останатите да ги спасиме. Треба секогаш да ставиме акцент на тоа што уште можат да сторат киднаперите за да ги спасат своите животи. Безразлика на претходно стореното секогаш треба да ги пофалуваме киднаперите за секоја позитивна акција понатаму.[78]

*7.Барања и рокови*

Една од најкарактеристичните работи во вакви заложнички ситуации е присуството на некоја форма на барање, што може да биде од ранг на веднаш остварливи до многу потешко остварливи барања. Стандардната оперативна процедура во вакви преговарачки кризни ситуации е да се натераат киднаперите да возвратат за се што ќе добијат, со извлекување на оттстапки за возврат. Во овој стадиум не треба да даваме ништо доколку за истото не добиеме нешто за возврат. Мудроста во разговорот со киднаперите е никогаш да не кажеме не на барањата, но тоа не е исто со кажувањето на едноставно да. Улогата на преговарачот е да одлага, модифицира, свртува, изврт ува. Кога се преговара за ослободување на заложниците, треба да започнеме со оние најранливите или повредените од гледна точка на киднаперите. И самите киднапери ќе сакаат да се ослободат од некој типови на заложници каде е тешко да се чуваат како повредени или болни заложници, деца кои постојано плачат, прекумерно емоционални заложници итн. Секогаш треба да го чуеме преглогот од киднаперите за тоа колку заложници ќе ослободат. Бидејќи подобро е

[78]McMains, M.J. & Mullins, W.C. (2006). *Crisis Negotiations: Managing Critical Incidents and Situations in Law Enforcement and Corrections* (rev. ed.).Cincinnati, OH: Anderson.

да одлучат тие да ослободат еден или двајца отколку ние да предлагаме и вршиме притисок бидејќи тоа може да резултира со промена на мислењето на киднаперот и да не пушти никој. Може да има и ситуации кога има само еден или неколку заложници кои и се познати за терористите и ваквите ситуации се многу опасни бидејќи терористите имаа лична и симболична поврзаност и вредност со нив. Додатно, терористите може да се изморени, делузивни, самоубиствени, издрогирани или сите овие комбинации заедно. Можат да не се грижат воопшто за било какво преговарање бидејќи тие однапред решиле да ги убијат заложниците и да се убијат себеси. Општа карактеристика за барањата и условите кој ги поставуваат е рокот. Секако дека многу ретко се случило некој да погине ако не се испочитувал рокот за реализација на барањата. Ако терористите ги поставиле роковите, добро е да ги забележиме но никогаш да не ги спомeнеме доколку тие не ги повторат пак. Целта е да се игнорираат роковите и да поминат на начин што терористите ќе ги држиме постојано вклучени во разговор за нешто друго.

*8. Ритуалот на предавање*

Под дефиниција никој не сака да се предаде. Но, успешно решавања на заложничките ситуации наложува ослободување на заложниците и предавање на терористите на безбедносните сили.[79] Ако пробуваме да ги заплашуваме и манипулираме терористите да капитулираат и се предадат може да има спротивен ефект. Успешно решавање на кризата обично вклучува да се убедат терористите да се предадат на свој начин притоа да го зачуваат својот дигнитет и достоинство колку е можно. Секој план како и планот кој се разработува за ритуалот на предавање на терористите кој е составен дел во преговарачките тимови мора да биде разбран, да е сложен и следен од сите членови на тимот и тактичките тимови. Треба да се предвиди како ќе се предадат терористите, како ќе биде спроведено апсењето на терористите и што ќе биде следно. Секако планот не е краен, планот може да флуктурира напред-назад меѓу преговарачите и терористите додека не се постигне взаемно решение. Во оваа фаза секогаш треба да ги избегнуваме фразите "предавање", "откажи се" или други фрази кој подразбираат слабост и загуба. Пример, " излезете надвор" е префериран термин. Треба да ги минимизираме штетите направени

[79]Greenstone, J.L. (2005). *The Elements of Police Hostage and Crisis Negotiations: Critical Incidents and How to Respond to Them.* New York: Haworth Press

дотука. Со преферираниот термин, всушност даваме до знаење до терористите кој бенефит може да го имаат ако го сторат тоа.

### 4.6 Типови на терористи во преговарачкиот процес

*I.Зависен терорист*

Овие терористи се типично киднапери и земаат заложници. Овие терористи прифаќаат преговори со намера за замена на нивните жртви за публицитет, откуп, ослободување на нивни соборци.

*II.Апсолутни терористи*

Овие терористи се вклучени во стратешки политички терористички ситуации. Тие делуваат и вршат индивидуални акти кој не се чекор на следна акција. Нивното чувство за неправда може да дојде од фундаменталистите, социјални револуции или од корумптивниот и дискриминаторски свет. Меѓу овие терористи има неколку нивоа **тотални и условено абсолутни терористи**. Првите, немаат за што да преговараат или со кој да преговараат и било кој обид да преговараат ги обесхрабрува. Условено- апсолутни се самоубиците чија тактика е дизајнирана за крајни цели. Овие вторите имаат сепак за нешто да преговараат како: територија, независност, услови на исполнување.

Овие категории на терористи може да се преклопуваат. Некој од апсолутните можат да бидат за некој дискусии отворени и евентуално да променат нешто во нивната намера.

*III.Задача на преговарањето со терористи*

Задачата е едноставна- да се даде малку но да се извлече многу од терористот. Како може тоа да биде постигнато ?

Воглавном, има две преговарачки стратегии: да се намалат или да се променат условите и барањата на терористите. Преговарачите треба да создадат легитимитет за преговарачкиот процес и да изградат независни одлучувачки способности кајтерористите, да мислат во

насока на намалени очекувања и оттука намалени барања. Преговарачите исто така можат да им укажат на терористите дека нивната идна персонална ситуација е отворена за дискусија, иако не и нивните барања. Како и кај секое преговарање, кога терористите ќе бидат убедени дека потрагата по солуција е легитимна и прифатлива за двете страни, тие ќе се вклучат во барање по решение. Во потрага по решение, има цел простор од широк спектар на тактики. Во некои случаи, земи или остави тактиката е корисна, кај други случаи, креативното размислување е попогодно. Преговарачите имаат цел спектар на тактики, но ова не значи дека барањата на терористите треба да бидат перцепирани за легитимни. Се зависи колку од барањата на терористите ќе се сметаат за прифатливи и видот на договорот кој преговарачот е способен да го избави.

*IV.Преговарање со киднапери и заложнички ситуации*

Преговарањето во вакви ситуации е особено остварливо ако барањата на терористите се побарувачка на пари, ослободување на заложници или пристап до медиумите. Во поставувањето на подготовката, организацијата и имплементација на преговарачкиот процес за справување со заложнички ситуации и киднапери има неколку фази проверени од пракса и поставени од Фаур и Зартман:[80]

- Првиот час од заложничката ситуација е обично најопасен за заложниците, кога терористите се најмногу нервозни и агресивни. Кога ситуацијата ќе постане повеќе стабилна, ризикот за да се случат непредвидени работи е намален и кај двете страни. И тогаш, преговорите можат да започнат.
- Преговарачите не смеат да бидат креатори на одлуките. Преговарачот во контакт со терористите може да развие некоја емпатија кон нив, и на тој начин може да биде под нивно влијание, па така тој не би требало да донесува стратешки одлуки.
- Психолошкиот момент се случува кога има можност да се заклучи преговарањето. Иако нема одредено време кога овој момент ќе биде, ќе постојат некои индикации дека ситуацијата е подготвена да се заклучи и доведе до крај. На пример, кога терористите говорат подолго од потребното со преговарачот, кога говори за нешто

[80] http://www.iiasa.ac.at/web/home/resources/publications/IIASAPolicyBriefs/pb06-web.pdf

друго отколку да говори за проблемот на преговори и кога ќе почне да размислува за иднината.

- Кога властите ќе одлучат за напад врз терористите, тогаш целта на преговорите не е да се постигне взаемен договор, туку, прибирање на податоци за подготовка за напад, заморување на киднаперите, намалување на нивната волја итн.

Преку преговарачкиот процес всушност ние треба да влијаеме врз мислењето, однесувањето и одлуките на терористите. Ние речиси никогаш не се однесуваме, мислиме и одлучуваме врз основа на објективната вистина, туку, се потпираме на сопствената перцепција- што по дефиниција е субјективна. Второ, сите ние сме убедени од различни работи и на различни нивоа. Влијанието овде не треба да се сфати " една големина ги собира сите пропорции". Па така ако сакаме максимално да ја зголемиме способноста за да влијаеме врз некоја индивидуа, мора да разбереме што е најубедливо за таа индивидуа. Во насока на спротивставување со терористичката закана ова претставувало едно од најголемите ограничувања, што бидејќи, проценувањето на карактерот на терористите е често базиран врз нашите ставови и предрасуди. Една од најголемите пречки во преговарачкиот процес е, конфузијата меѓу емпатијата и симпатијата и претпоставката дека ако го разбираш некого тоа е нешто блиску до согласување со него. Како резултат на ова постои општа тенденција автоматски на терористите да се препишат сите најлоши карактеристики и нивните мотиви да бидат опишани как "злонамерни" или " мразење на нашата слобода", притоа занемарувајќи ги нивните персонални перцепции кои ги довеле до такво екстремно однесување. Идејата на користење на преговарањето како потенцијална алатка за миролубива солуција на заложничката ситуација, вклучува такви актери кои религијата ја сметаат за невозможна за преговори, и во поглед на тоа што таканаречените "нови терористи" , кои за разлика од оние религиозни фанатици не користат на насилство за крај, туку самиот крај, а тука можност за влијание преку рационална комуникација не постои. Добриот преговарач треба да има јасна дистинкција меѓу човековото битие, кој од некоја причина се впуштил во акт на тероризам и самиот акт. Всушност, ниедна заложничка ситуација во историјата не била спроведена со цел да ги убие заложниците. Секако дека ваквото сценарио не е невозможно и несфатливо но

целта на терористите во вакви ситуации е да ги користат како средство во остварување на целта. Секако ова е показател дека терористите се подготвени за преговори. Но секогаш го мислиме и спротивното ? и што е со нивната радикална религиозна идеологија ?

Спротивно на старите гледишта "новите терористи" не се фанатици, кој тврдат дека ја исполнуваат божјата воља и кое немаат способност да се впуштат во рационална конверзација, не, тие се политички свесни и имаат точна визија и цели. Овие " современи терористи" всушност генерално се многу слични со оние " традиционални терористи". Тие се индивидуи кој не успеале да пронајдат алтернатива за проблемот за кој се борат и кој имаат силна емпатија кон својот и битно намалена или немаат емпатија кон туѓите жртви. И двете групи на традиционални и современи терористи го гледаат насилството како составен акт во своите акции и како акт на самоодбрана.

### 4.7 Тимови за специјален одговор на тероризмот во рамките на војската и полицијата

Во сите нормални ситуации полицијата има голема предност пред војската во борбата против тероризмот и другите облици на цивилно насилство. Нивната најголема предност е легитимноста и одговорноста пред очите на поголемиот дел од цивилното население. За разлика од војската која поседува системи за вооружување кои имаат за цел да го совладаат и победат непријателот, полицијата е обучена да ја применува најмалата можна сила во остварувањето на своите задачи. Со исклучок на силите на воената полиција и специјалните сили за борба против тероризмот, традиционалните борбени единици на војската може да предизвикаат претерана реакција на инцидентите и примена на преголема употреба на убиствена сила за контрола на цивилното население во конфликтниот регион.

За разлика од овие сили, припадниците на полициските сили се оспособени да пукаат на цели кои што се оддалечени неколку сантиметри една од друга. Во спроведувањето на должностите на внатрешната безбедност во голем број ситуации е мошне тешко да се дознае кој се непријателите, каде се лоцирани итн. За таа цел, полицијата посебно локалната полиција, е во предност пред силите на војската. Дополнителна предност на полицијата претставува и познавањето на законите и техниките за спроведување на криминалистичка истрага, форензичките ресурси и специјалистичките знаења, како и искуства за подготвување на докази за покренување на обвиненија пред правосудните органи. Полициските противмерки во борбата против тероризмот речиси се идентични со противмерките за справување со другите насилнички злосторства.

Modus operandi за справување со терористичкото зло претставува солидно познавање на оружјето, тактиката, стратегијата на терористичките групи како и нивните ресурси и специјалистички знаења. Новите терористички предизвици, како и сложеноста со нивното справување, принудија голем број држави кои се најдоа заробени во канџите на тероризмот да развијат специјални противтерористички единици, специјален систем за обука и едукација и современ систем за командување и раководење.

За успешно вклучување на војската во борбата против тероризмот ќе биде неопходна изградба на добри воено-цивилни односи, вклучувајќи ја соработката со полицијата. Војската треба да биде "испреплетена" со демократски вредности и заедно со полицијата треба да бидат одраз на современото општество. За успешно функционирање на заедничките функции во борбата против тероризмот потребно е систематски да се негуваат најблиски врски и односи помеѓу полициските и воени офицери засновани врз демократскиот систем на вредности и современите сваќања за цивилната култура.[81]

Специјалниот одговор на тероризмот во рамките на секоја држава првенствено зависи од нејзиниот квантум и квалитетот на нејзините расположливи противтерористички капацитети.

Во државите, во кои паралелно постојат и воени и цивилни структури за оваа намена, нивните можности и бројот на опции ќе биде поголем. Во зависност од тежината на кризата, во определени држави вооружените сили може да се ангажираат и во справување со цивилни кризи, било да добијат улога на примарна служба за одговор на кризата или како структура за поддршка на другите агенции/структури.

Воените структури се секогаш логистички солидно обезбедени, што значи солидна можност за континуирано обезбедување на долготрајни операции независно од временските и просторните услови. За разлика од нив, полициските сили имаат релативно несоодветна логистичка поддршка која им овозможува операции за релативно пократок временски период, што значи дека во определени изолирани кризни подрачја тие неминовно ќе мора да се потпираат на логистичката поддршка од вооружените сили. Во урбаните средини, ситуацијата околу логистичкото обезбедување е помалку сложена, бидејќи полициските структури ќе имаат поддршка и од останатите владини агенции или од цивилните служби, дури и од локалното население.[82]

Во ситуации во кои конфронтацијата со терористичките групи ќе биде незибежна, полициските сили често се сметаат за подобар избор за разлика од вооружените сили кои применуваат максимална сила за кршење на противникот.

[81]Митко Котовчевски,(2004), Борба против тероризмот, стр 163.

[82]Мирослав М. Шепич,( 2013, Београд), Техничко- Технолошки аспекти на превенција и сузбивање на тероризмот

Специјалните единици на вооружените сили најчесто се подобро обучени, организиран и опремени за изведување на посложени и подолготрајни операции во извонредно тешки,мошне комплексни и сложени ситуации.

По сепак, дали изборот ќе падне на воените или полициските сили ќе биде диктирано од сложеноста на самата кризна ситуација.

Исто така неопходно е да се потенцира дека во одговорот на кризните состојби предизвикани од терористичка опасност, покрај војската и полицијата се ангажираат и голем број на други организации. Нивниот избор треба да се прави селективно и тоа првенствено врз основа на нивната подготвеност за акција што произлегува од степенот на нивната обученост, организираност, опременост, можност за планирање и слично.

За синхронизирање на сите активности на ангажираните сили и организации, неопходно е да се воспостави обединета командна структура. На чело на командната структура треба да се воспостави раководител кој ќе има квалитети и авторитет за целосно одржување на контролата над сите субјекти вклучени во остварување на целите на операцијата.

Командантите на единиците за одговор на кризните состојби задолжени се да ја одржуваат командатата и контролата над своите потчинети структури, но секогаш водејќи сметка за реализација на поставените задачи од централната власт.

## 4.8 Аргументи ЗА и ПРОТИВ во преговарање со терористи

*- Аргументи ПРОТИВ преговори со терористи*

Аргументот против преговорите со терористи е едноставен: Демократиите не смеат никогаш да се предадат пред насилството, а терористите не смеат никогаш да бидат наградени за тоа што го применуваат.

Преговорите им даваат легитимитет на терористите и на нивните методи и ги загрозуваат актерите кои ги оствариле политичките промени со мирољубиви средства. Преговорите можат да ги дестабилизираат преговарачките владини политички системи, да ги разнишаат меѓународните напори за искоренување на тероризмот и да воспостават опасен преседан.

Сепак, во пракса, демократските власти често преговараат со терористите.

Британската влада воспостави таен канал за комуникација со Ирската републиканска армија дури и откако во 1991 година ИРА изврши жесток напад на Даунинг Стрит 10, со кој за малку не беше елиминиран целиот британски кабинет. Во 1988 година шпанската влада седна на маса за преговори со сепаратистичката група Basque Homeland and Freedom – Баскиска татковина и слобода, позната уште и по нејзиниот баскиски акроним - ЕТА, само шест месеци откако во бомбашки напад врз еден супермаркет групата уби 21 цивили.[83] Дури и владата на Израел во 1993 година тајно преговараше за спогодбитеод Осло, иако Палестинската ослободителна армија ја продолжуваше својата терористичка кампања и одбиваше да го признае израелското право на постоење.[84]

Кога се работи за преговори со терористи, постои некомпатибилност меѓу она што владите го пропагираат и она што всушност го спроведуваат. Но, ригидноста на позицијата „без преговори" спречи било какво систематско истражување на начините на кои најдобро може да се спроведат такви преговори. Како може демократска влада да преговара со терористи без да го загрози интегритетот на својот политички систем? Кои терористи се предмет на преговори? Кога треба преговорите да се отворат?

---

[83]ETA timeline, "History of the Basque separatist organization",ET March 11, 2004.

[84]Declaration of Principles On Interim Self-Government Arrangements, Done at Washington, D.C September 13, 1993.

Клучната цел на секоја влада која планира преговори со терористите не е само крај на насилството, туку и начин на кој ќе минимизира ризикот да воведе опасни преседани и да го дестабилизира својот политички систем. Имајќи ја предвид оваадвојна цел, потребно е да се остварат многубројни пред услови за да успеат преговорите. Да се претпостави дека преговорите се соодветни во сите случаи, би претставувал не повеќе валидна теорија од онаа која претпоставува дека тие никогаш не се.[85]

Првото и најочигледно прашање за било која влада која размислува за преговори е дали терористите со кои се соочува можат да бидат добри преговарачки партнери. Утврдената идеологија и целите на терористите треба да бидат одлучувачки фактор во определувањето на тоа дали тие би биле расположени да одат на компромис. Тоа ќе го потврдиме доколку направиме дистинкција меѓу нихилистичките терористи кои имаат „апсолутни" или дури „апокалиптични" цели (честопати инспирирани од религијата) и за кои насилството прераснало во перверзна форма на сопствена реализација и потрадиционални терористи за кои се смета дека се „инструментални" или „политички" во своите аспирации и оттука го поседуваат потенцијалот да прераснат во конструктивни соговорници.[86]

За пример ќе ги земеме ИРА и ЕТА, кои се чини дека се порационални отколку, на пример, Ал Каеда. Причина е тоа што нивните цели - национализмот и сепаратизмот – имаат долга историја во западната политичка мисла. Терористите од левистичките крила на фракцијата на Црвената Армија во Западна Германија од 1970-те и 1980-те, или италијанските Црвени Бригади, се сметаат за политички бидејќи Марксизмот беше концепт, кој им беше познат на нивните цели. Целта на Ал Каеда насочена кон повторно создавање на Исламска империја не е поапсолутистичка од наметнувањето на националност на популација или претворањето на Западна Германија во република на марксистички работници. Но, разликата се состои во тоа што идеологијата на Ал Каеда не стана дел од идеологиите на XXI век.

Втората разлика е во брзината на посегнувањето по насилството. Многутерористички групи не започнале да делуваат како насилни, тие прибегнале коннасилство кога

[85]Gutkovsky Vladimir, "Negotiatin With Iran Without Preconditions", стр. 10

[86]Szakdolgozat, Hauser Judit, 2007. стр. 4 . достапно на http://elib.kkf.hu/edip/D_13286.pdf . датум на пристапување 20.12.2009 година

нивнитеполитички амбиции биле исфрустрирани или кога почнале да го гледаат насилството како инструмент за остварување на нивната цел. За овие движења полезноста на насилството некогаш се намалува и ги наведува да заклучат дека нивните цели би можеле полесно да се остварат преку ненасилничка агитација. Никој од редовите на ИРА никогаш не ги напушти абсолутистичките амбиции на организацијата за обединета Ирска, но во определен момент кон крајот на 1980-те лидерите на групатасфатија дека нивната воена кампања повеќе не ја продвижува таа цел и тие почнаа да бараат алетернативни начини.[87]

Можеби некои религиозно инспирирани групи – особено онаа како што е јапонската организација Аум Шинрикјо – се помалку рационални во споредба со ИРА. Но, многуликовите идентитети на многу други, честопати погрешно се сведуваат на нивната религиозна компонента. Иако и Хамас и Хезболах пропагираат радикални политички идеологии, голем дел од својата моќ тие црпат од нивното тврдење дека претставуваат особена етничка група. Тие не само што имаат поддржувачи во реалниот свет кои мораат да ги задоволат, туку демонстрираат исто така дека можат да ја моделираат нивната примена на сила против Израел, според повеќе или помалку рационални политички проценки.

Друг фактор во однос на прашањето дали треба да се преговара со терористичка група треба да биде нејзиниот степен на внатрешна кохезија. Иако терористите се склони кон тоа да се прикажуваат како прецизно структурирана организација, условите под кои тие делуваат – особено тајноста, го сведуваат на степен на невозможно обидот да одржат совршен команден ланец. Дури и во релативно хиерархиски организации како ЕТА, власта е често пати децентрализирана и раководството делува на степен малку повисок од координативно тело. Во терористичките мрежи како Ал Каеда, раководството тешко дека игра било каква оперативна улога со што едвај обезбедува идеолошка инспирација и морални санкции за своите придружни мрежи. Како резултат на тоа, властите мора да размислуваат не само околу тоа дали терористичкото лидерство ќе ги прифати условите за спогодба, туку и дали тоа може да воспостави контрола. Иако Воениот совет на ИРА, телото на групата за донесување на одлуки, секогаш во свои раце имало значителна формална моќ, некои единици на ИРА, особено во руралните делови на Северна Ирска, со

[87]Weinberg. Leonard, Democratic Responses to Terrorism , New York, 2008. стр. 93

скептицизам гледаа на мирољубивите иницијативи на Гери Адамс, долгогодишен лидер на политичкото крило на ИРА и ги игнорираа директивите на советот кои бараа операциите да се намалат пред изборите кон крајот на 1980-те и на почетокот на 1990-те. Доколку раководството на ИРА настојуваше на својата власт, организацијата можеби ќе се распаднеше. Наместо тоа,раководството ги убеди скептиците да го поддржат планот на Адамс без субтилни закани и залажувања, истапувајќи со аргуметот дека оставањето на оружјето е измама да се „разобличат Британците" – според зборовите на истражувачкиот новинар, Ед Молони[88].Претставниците на ИРА не успеаа да ги остварат своите заложби бидејќи нивнителидери, иако силно приврзани кон мировниот процес - се покажаа неспособни да извршат големо влијание врз нивните приврзаници. Властите во одбранбената Асоцијација на Олстер, чадор - организација за лојалистички паравоени групи, остана со своите локални комитети. До времето на Северно ирскиот мировен процес, Асоцијацијата еволуираше до одреден степен, но сепак информацијата и понатаму се пренесуваше од долу нагоре наместо од горе надолу. Кога беше постигната Спогодбата од Белфаст која ја создаде Северно-ирското собрание и ги обврза сите страни на мирољубиви и демократски средства, во 1998 година прекин на огнот беше одржан за кусо време. Но, политичкиот процес беше забавен и локалните команданти наскоро почнаа да ги игнорираат своите лидери и го обновија насилството.[89]

Дополнително потешкотии се создадени кога терористите се поддржани од страна на државата, случај кога тие може да имаат малку власт за да ги остварат своите заложби без согласноста на нивните поддржувачи. Во вакви ситуации преговарачката влада може да одлучи дека преговорите со терористите се бесполезни и да се одлучи запреговори со државата која поддржува. Сепак, пред да ја донесе одлуката треба темелно да ги процени односите меѓу терористичката група и нејзиниот државен поддржувач. Како што истакнува Луиус Ричардсон, политиколог од Харвард, постојат значителни разлики меѓу на пример ПЛО, која внимателно ја сочува својата внатрешна автономија и покрај прифатената помош од страна на многу држави и Народниот фронт за ослободување на Палестина, Генералната команда, пропалестинска организација, којае нешто повеќе од заменик на Сирија. И покрај сите нејзини слабости, ПЛО е политичкиактер со кој

[88]Weinberg. Leonard, Democratic Responses to Terrorism , New York, 2008. стр. 94.
[89]Agreement reached in the multi-party negotiations, Belfast on Friday, April 10 1998.

преговорите би можеле да имаат смисла, додека Народниот фронтзаослободување на Палестина има премногу слаба власт за да биде кредибиленсоговорник.Дали преговорите со определена терористичка група се препорачливи е исто така прашање на избирање на соодветно време. За да успеат преговорите, терористичката група треба да се најде во стратешки поволен момент. Професорот по право од Харвард, Алан Дерсовиц и други аналитичари, сметаат дека преговорите се секогаш лоша идеја. За нив треба да се размислува единствено кога терористите се непосредно пред предавање - кога терористите може и да бидат исто така поразени. Во реалниот свет, сепак, работите ретко се така јасни. Терористите се навикнати напостојана значителна лична жртва и кога се соочуваат со закана, некои од нив можат да одлучат понатаму да го зголемат насилството, ризикувајќи со идејата дека имаат малку да загубат со уште еден последен обид.

- *Аргументи ЗА преговори со терористи*

Колку и да изгледа парадоксално, понекогаш можеби е подобро да се започнат разговори со терористи, отколку да се прават напори да се поразат.Владите кои се стремат кон прогрес, можеби ќе избрзаат во услови на било кој знак кој би укажувал на стратешки поволен момент. Овој импулс би можел да биде добронамерен, но може да се покаже контрапродуктивен. Таков пример е колумбискиот мировен процес во крајот на 1990-те - пример за тоа како неиздржливоста може да биде контрапродуктивна.[90]Во 1998 година владата на Богота се согласи да создаде демилитаризирана зона во која Револуционерните вооружени сили на Колумбија(познати како FARC) би можеле да делуваат без влијание од страна на безбедносните сили. Создавањето на зоната беше дозволено уште пред ФАРЦ да се согласи седне на преговарачката маса, а уште помалку да ја прекине својата воена кампања.

Приврзаниците на тврдата позиција во рамките на ФАРЦ продолжија со нападите, гледајќи во зоната златна можност за формализирање на квази - владината власт која тие ја имаа веќе воспоставено во некои делови на земјата. Преговорите се покажаа како фарса, а во 2002 година владата конечно одлучи да го прекине експериментот, наложувајќи ѝ на

[90]Arnson J. Cynthia, "The Peace Process in Colombia with the Autodefensas Unidas de Colombia-AUC",Washington, D.C.December 2004.

војската да ја окупира повторно територијата. Оттука, пред да го зграпчи она што се чини дека е добра можност, владата треба прво внимателно да процени дали критичната маса во рамките на организацијата ја става под знак прашање полезноста од насилството. Имено поради овие причини владата треба да отпочне формални преговори, само откако терористичката група ќе прогласи постојан прекин на насилството.

Настојувањето на тоа ги поттикнува политички ориентираните членови во организацијата да постигнат внатрешен консензус. Објавувањето на прекинот на насилството исто така им помага на властите да го видат значењето на преговорите. Во контекст на одржување на стабилноста на политичкиот систем на владите, постојаниот прекин на насилството претставува обврска пред јавноста, за која терористите се одговорни и можат да бидат казнети. Дури и кога станува збор за терористичка група која е подготвена на преговори,
не постои гаранција дека преговорите ќе успеат. Која треба да биде позицијата на владата, во тој случај?, ризикот од тоа да се настапи од слаба позиција и да се разниша политичкиот систем на владата за време на преговорите е голем до тој степен што владите не смеат да дозволат отстапки.[91]Моти Кристал, преговарач од Камп Дејвид за израелските власти, смета декауспешна тактика би можела да биде обидот владата да ги промени условите напреговорите од политички барања на терористите во лична судбина. Ова можеби немада се покаже успешно доколку терористите не се поразени, но може да направи битна
разлика. Владите може да ги поделат преговорите во две категории и да бараат два вида на отстапки. Првите би се однесувале на терористичките барања, а вторите на личната судбина (верба). Двата случаја би се одвивале паралелно и додека вторите би се одвивале директно меѓу преговарачите и терористите, првите би биле дел од поширок процес, кој би ги ставил терористите во демократски мандат, преку избори за уставно собрание или слична институција. [92]

Разликата меѓу овие два типа е клучна. Терористите кои ги бараат примарните отстапки, се стремат кон промени во политичките спогодби според кои функционира државата. И

[91]Canadian Security Intelligence Service, достапно на http://www.csis-scrs.gc.ca/pblctns/cm mntr/cm53-eng.asp.

[92]Israeli-Palestinian Negotiating Partners, Steering Committee, достапно на http://www.ipnp. org/committee.html

ниту една демократија нема да дозволи мала група на некогаш насилни заговорници да наметнуваат уставни промени, дури и по откажувањето од насилството. Од друга страна терористите ќе имаат мал поттик да влезат во преговори, доколку не почувствуваат дека постојат барем мали шанси за уставни промени. Единствен начин да се разреши оваа тензија е да се дозволат политички отстапки, единствено, во контекст на поширока спогодба, која би ги вклучила сите најголеми страни во која терористите учествуваат на основа на демократски мандат, така што отстапките би станале продолжение на политичка волја.285

Дополнителна предност од обединување на широк, повеќепартиски процес е изложувањето на терористите на демократски практики. Терористите ќе треба да ги приложат своите политички програми на проценка на јавноста на избори и по отпочнувањето на преговорите, да влезат во интеракција со грижите на нивните опоненти, да градат коалиција и да постигнуваат компромиси. Случајот со ИРА покажувадека ова може да претставува непроменливо средство за олеснување на преминот однасилство кон конвенционална политика. Како што покажуваат неодамнешнитеистражувања, континуираниот дијалог на ИРА со политичките партии помогна воолеснувањето на позициите на групата во однос на две клучни прашања: во среднина напреговорите, се смета дека Адамс дури изјавил дека конфликтот во СевернаИрска барапокомплексен одговор од наметнување на националноста на едните над другите.Дијалогот исто така го поттикна движењето да ги пренасочи ресурсите од вооруженатаборба кон градење на својот електорален потенцијал.[93]

Владите несомнено ќе се соочат со огромни потешкотии во градењето на инклузивен преговарачки процес. Терористите нема да бидат расположени да станат само дел од политичките актери во преговорите. Владата можеби ќе треба да вклучи некои од опозиционите партии, кои би можеле да паднат во искушение да ја искористат ситуацијата за сопствена добивка. Проблемот да се вклучат овие партии често пати е голема пречка. Во Шпанија на пример социјалистичката влада го запре отпочнувањето на преговорите со ЕТА. Иако ЕТА го испочитува прекинот на огнот кој го објави во март, 2006 година, опозиционата конзервативна партија, жестоко се спротивстави на преговорите сè додека

[93]Neumann R Peter., The bullet and the ballot box: The case of the IRA, Centre for Defence Studies, King's College, London
Volume 28, December 2005 , стр. 941 - 975

ETA не биде целосно демобилизирана. Владата беше ставена во скоро невозможна ситуација. Се чинеше дека нема друг избор освен да се надева дека чувството за историска шанса, на крајот ќе ја натера опозицијата да се присоедини во процесот.[94]

За разлика од овој вид, целта на вториот вид преговори е релативно поотворена: Да се обезбеди демобилизација на терористичката група. Но овие дискусии најчесто се претвораат во најлош кошмар за преговарачот. Ова најчесто се случува со прашања поврзани со персоналот, кои често пати водат кон спогодби налик на амнестирање за терористите и затворениците во бегство. Без оглед на тоа колку условено е нивното ослободување, да се пуштат на слобода осудени убијци веројатно ќе биде неконзистентно со заложбите на владата дека никогаш нема да потклекне пред барањата на терористите и ваква спогодба тешко ќе се наметне во јавноста. Сепак, обезбедувањето на вакви спогодби е во интерес на владата. Тие ги јакнат позициите на политички ориентираните членови во групата и ги отстрануваат изговорите на дисидентите теористите за да им дадат шанса на преговорите од првиот вид. Имено поради оваа причина владите настојуваат на отстапки во оваа област, за да може да се обезбеди прогрес во другите. На крајот, јавноста може да биде убедена во потребата од секундарни отстапки единствено доколку има силна потреба за затворање и доколку стравува дека ќе биде загубена историска можност ако не се постигне спогодба. Оттука, владината способност да управува со очекувањата на јавноста како и конкурентските интереси на терористите и владината опозиција, определуваат дали преговорите ќе успеат.Во однос на методите за сузбивање на современиот тероризам може да се констатира дека еден од најуспешните и најупотребуваните методи е прекин на финансирањето на терористичките организации. Аномалијата на овој метод е што терористичките организации успеваат да се преориентираат кон други финансиски извори. Според тоа може да се констатира дека напорите на меѓународната заедница во сузбивањето на финансирањето на тероризмот се недоволно координирани. Други методи во сузбивањето на тероризмот се забрана на одредени инкриминирани личности за влез во западните држави, распишување на потерници и награди за одредени најозлогласени терористички лидери, контрола на производство на суплементи за оружје за масовно уништување и други.

[94]Neumann R. Peter, 'Negotiating with Terrorists', Foreign Affairs, Vol. 86, No. 1,January February 2007

Дилемата останува околу методот – преговарање со терористи. Во однос на ова прашање одредени теоретичари ќе кажат апсурдно е да се зборува за преговарање со терористи во демократски држави. Но, од друга страна, искуството покажало дека преговарањето со терористи е некогаш потребно (на пример со ЕТА и ИРА). Во однос на преговарањето со терористи сепак треба да се внимава на три прашања:

1. Со кој терористи може да се преговара (важно е дали организацијата била ненасилна па преминале во насилна, како и кој е степенот на внатрешна кохезија, односно кој е релевантниот лик за преговори).

2. Кога да се преговара (во однос на ова прашање општиот заклучок е дека со терористите може да се преговара единствено кога се очекува тие да бидат поразени).

3. Како да се преговара (односно дали тема на преговорите ќе бидат нивните барања, што доколку се, единствено треба да се преговара за мотивирање на терористите да ги користат демократските механизми или станува збор за преговори за демилитаризација кога тема на преговорите е единствено амнестија).

На крајот и понатаму останува отворено прашањето дали преговарање со терористи кои се спремни да се откажат од насилство може да биде добра стратегија.

Засега е јасно дека ваква стратегија е неприменлива со Хамас, Хезболах , Ал Каеда, и ИСИС.

Сепак, условите во секоја ситуација во голем степен се многу различни. Но без разлика на географската и идеолошката позадина, ниту едни преговори не можат да започнат без силни индикации дека терористите се подготвени да се откажат од насилството. ЕТАчија желба да се откаже од насилството се чини силна и постојана, најверојатно ќе го следи примерот на ИРА. Но, се чини дека Хамас и Хезболах имаат уште доста труд пред себе. По освоената победа на изборите во Палестина во 2006 година, Хамас има силен поттик да и даде шанса на политиката. Некогаш елементите од раководството неделуваат подготвено и за тоа. Доколку сакаат добивки од огромните политички можности кои ги имаат, членовите на Хамас треба да делуваат во насока на создавање на силен внатрешен консензус за отпочнување на преговори со Израел.Одделно, но сепак поврзано прашање е дали владите можат да направат нешто за создавање на услови во кои преговорите со терористите би можеле да успеат.

Демократските влади треба да го одржат ветувањето и да им дадат политичка шанса на

терористите во политичкиот процес, но само доколку терористите се согласат да играат според демократските правила. Тие треба да ги поддржат политички ориентираните терористи и да се оградат од дела кои би можеле да ги зајакнат позициите на жестокитесили. Уште поважно, тие треба да останат строго против примената на сила за политички цели. Преговорите некогаш можат да бидат излезна стратегија за терориститекои се предомислуваат околу своите кампањи. Но владите треба да се свесни декацелосната приврзаност кон демократските принципи е цена која терористите мора дајаплатат.

### 4. 9 Досегашни искуства во преговарање со терористи

Без разлика на досегашните ставови дека со терористи не се преговара постојат бројни примери каде се водени преговори со терористи од различни причини. Властите често се принудени да преговараат со терористи, особено кога се во прашање заложнички ситуации. Владите преговараат со терористи со цел да ги убедат терористите да се предадат и да не ги остварат своите намери или ако се под контрола на државата, односно во затвор, да соработуваат во откривањето на терористичките мрежи и намери на другите терористи. За разлика од држењето на заложници каде властите го имаат под контрола местото каде се држени, кај киднапирањата локацијата на терористите не е позната и тие се чувствуваат безбедни. Тоа се ситуации со висок ризик и влог и кај двете страни. На страната на властите дилемата е исклучително тешка: да не се прифатат барањата на терористите и да се дозволи заложниците да бидат убиени или да се попушти и охрабрат на тој начин идни терористички акции. Од досегашни искуства, властите често прифаќаат преговори кога се однесуваат на барања како парична уцена, безбедно заминување или азил, отколку на ослободување на затвореници или политички барања. Искуството покажало дека власта полесно попушта во случаевите на држење на заложници одошто кај случаевите на киднапирање. Со терористите порано се преговарало за давања на амнестија. Властите нуделе на терористите комбинација на безбедно предавања, амнестија или намалување на казни за претходни кривични дела, награда и гаранција за безбедност за нив и нивната фамилија. Смислата на ваквите нагодувања била намалување на бројот на терористи и слабеење на нивната организација.

**1979**-заложничката криза во Иран- Ирански револуционери земаа во заложништво повеќе од 60 лица од амбасадата на САД во Техеран. После неколку стратегии и мерки вклучувајќи ембарго и економски санкции кој се покажаа неуспешни, претседателот Картер во преговарањето со револуционерите доведе до одмрзнување на 8 билиони долари во Ирански посед. Заложниците беа ослободени по 444 дена во заложништво.

**1985**- аферата Иран-контра- во целосна спротивност со ембаргото за оружје,претседателот Реган авторизира продавања на оружје за иран, во замена за пуштање на седум Американски заложници држани од Ирански терористи во Лебанон.

**2002**- администрацијата на Џорџ Буш плаќа 300 000 долари за откуп на Абу Сајаф, Исламистичка екстремистичка група во јужни Филипини, за да го обезбеди враќањето на двајца Американски мисионери, Мартин и Грација Брунхам. Напорите на Филипинските безбедносни сили во обид да ги спасат мисионерите резултираше со смрт на Мартин, а Грација се врати успешно во САД.

**2009**- Том Пикеринг и Роберт Мели, поранешни службеници во владата на САД, се сретнаа со лидерите на Палестинската терористичка група Хамас. Средбата се случи во Цирих, и е една од повеќето средби меѓу САД и Хамас која се продолжува се до администрацијата на Обама.

**2010**- Британскиот заложник Питер Мур е ослободен во Ирак, во замена за ослободување на Квази Ал Казали, затвореник држен од војската на САД. Казали, лидер на милитантната група Шиа, беше осомничен за учество не само во киднапирањето на Мур туку и учество во убиство на 5 Американски војници.[95]

Случајот Џејмс Фоли

Секоја заложничка ситуација е различна, но повеќето започнуваат исто. Во Сирија во 2012 година кога е киднапиран американскиот новинар Џејмс Фоли неговата фамилија и неговата редакција од него нема слушнато глас со недели, како и од неговите киднапери. Според податоците од владата на САД, неговата фамилија, се до 2013 година ништо не говорела за случајот, но потоа се обратиле до јавноста за да побараат ослободување на

[95] http://sotu.blogs.cnn.com/2014/06/07/timeline-of-u-s-negotiations-with-terrorists/

синот. Американската влада тогаш покренала меѓународна кампања за пронаоѓање, но никакви вести за него немало се до декември 2013 година. Тогаш еден меил променил се, а главниот уредник Глобал Пошта за кој Фоли работел кажал како следел еден мачен период.

Николас Хенин бил француски новинар кој заедно со Фоли биле киднапирани и затворени во џихадистичкиот затвор во Сирија. Раскажал како џихадистите ги држеле во импровизирани ќелии и поголемиот дел од времето го поминувале под земја. " некој од чуварите спрема нас беа добри, а некои насилни. Повремено не удираа, но имало и месеци кога не бевме малтретирани" говори Хенин.

Иако американската влада одбива да плати откупнина за своите граѓани, тоа не значи дека за заложниците нема надеж. Професионални преговарачи како Џек Клонан се некој вид координатори меѓу терористите, дипломатите и оние кои се спремни да платат откупнина, а најчесто тоа се шефови на големи корпорации чии вработени се киднапирани. Клонан бил вклучен во 154 вакви ситуации ширум светот. Тие ситуации се контраверзни и постојат многу поделби, бидејќи од едната страна имаат за цел ослободување на заложниците, но од друга страна со таква акција се финансира терористичката група.

" Колку чини еден човечки живот ? Го разбирам ставот на владата на САД. Но, како граѓанин знам дека би направил се што можам да ослободам некој колега или некој од мојата фамилија. Немам грижа на совест поради тоа со што се бавам- говори Клонан. Дури и кога во вакви ситуации се вклучени професионалци, ретко е јасно кој е одговорен за заложниците и како со нив да се стапи во контакт. Кога Фоли е киднапиран во Сирија, никој не знаел во чии раце е. Неколку дена откако терористите објавиле видео од егзекуцијата на Фоли, друга џихадистичка група во Сирија, Ал- Нусра Фронт, неочекувано на слобода го пушта американскиот писател кој го држела во затвор, Питер Ти Куртис.

Доколку дојде до договор меѓу обете страни, преговарачите сеедно и понатаму мораат да бидат внимателни. Како што Клонан кажал за АВС, терористите не примаат кредитни картици и плаќањето е многу комплицирано. " тоа е многу, многу тешка и комплицирана ситуација. Плаќање на откупнината значи дека парите патуваат низ меѓународни канали.

Морате да внимавате на законот на државите низ кој тие пари минуваат". Клонан наведува дека трансферот на пари и размената на заложници понекогаш се случуваат одвоено и често преку посредник. Тоа значи дека тие кој плаќаат, но и оние кој ги држат заложниците мора да имаат голема доверба во посредникот. Посредниците, говори Клонан, исто така понекогаш сакаат да бидат платени за тоа што го прават, а уште полошо е тоа што ако негде на пола пат ги украдат парите наменети за откупнина." Гледате како таа работа може да се искомплицира. Нека некој направи погрешен чекор, а терористите ја држат работата во свои раце и вие можете да ги загубите заложниците. Како и да гледате се е тоа голем ризик. Затоа мора се да се одвива во тишина, да бидете внимателни, но морате да имате и многу трпение".

Многу преговори се неуспешни. Многу цивили се сеуште затворени од Исламската држава. Тоа што е најлошо, се случува на почетокот терористите да не сакаат да преговараат. Во случајот со Фоли првите барања на терористите беа апсурдни- бараа откупнина од 132 милиони долари и пуштање на слобода на високопозиционирани терористи кој биле во американски затвори. Тоа се барања за кои и терористите се свесни дека нема да бидат исполнети, а како говори Клонан, џихадистите тука барале освета, а не пари. Во други случаи, заложниците успеваат да ја дочекаат слободата. Питер Тео Куртис наводно е пуштен без било кој да плати откупнина за него. Неговото изненадно пуштање на слобода за него е дел од ПР кампањата која ал- Нусра ја обработила за да се дистанцира од бруталните тактики кој ги спроведува Исламската држава. Поранешен заложник, Николас Хенин, рекол, дека е тешко да го опише тоа како се чувствувал кога бил ослободен. " бев пресреќен бидејќи беше момент кој сите го чекавме. Но, истовремено бев вознемирен бидејќи зад мене оставив други. Бев наивен кога на Фоли му реков се гледаме ".[96]

**Беслан**

Заложничката криза во Беслан започна кога група вооружени терористи, со барање за прекин на втората Чеченска војна, упаднаа во училиште во градот Беслан во северна Осетија и зема за заложници околу 1,100 лица меѓу кои 777 деца 1 септември 2004 година.

[96]http://www.express.hr/brifing/kako-se-pregovara-s-teroristima-u-talackim-krizama-1980#

Трет ден од заложничката криза Руски специјални сили вршат упад во објектот. Оваа трагедија и начинот на кој беше решена доведе до тоа Русија да сноси безбедносни и политички реперкусии. Дури до 2008 година многу аспекти околу кризата беа под знак прашалник, како на пример, колку милитанти беа вклучени, нивната подготовка, и дали некој од нив успеаа да избегаат. Прашања до власта како се справила со ситуацијата исто така постоеа, вклучувајќи и прашања за дезинформации и цензура на информации присутни во вестите за време на инцидентот, природата и содржината на преговарањето со милитантите, одговорност за крвавиот исход итн.

**Опсадата на Московскиот театар**

Заложничката криза во Московскиот театар, се случи на 23 октомври, 2002 година, каде 40-50 вооружени чеченци приврзаници на сепаратистичкото движење во Чеченија упаднаа во театарот и ги земаа за заложници присутните цивили внатре. Тие држеа околу 850 заложници и бараа повлекување на Руските сили од Чеченија и ставање крај на втората Чеченска војна. Опсадата официјално беше водена од Мовсар Барајев. После 2 и пол дена опсада, руските Специназ сили почнаа со испумпување на хемиски гас преку вентилациониот систем внатре во театарот и потоа насилен упад. Официјално, 39 терористи беа убиени, заедно покрај нив и 129 можно е и повеќе од заложниците исто така беа убиени. Сите заложници кои погинаа освен еден кој настрада во текот на опсадата беа убиени од хемискиот гас кој беше испумпан преку вентилациониот систем внатре во театарот.

**Иранската заложничка криза**

Иранската заложничка криза беше дипломатска криза помеѓу Иран и САД каде 52 американски дипломати беа држени како заложници 444 дена од Ноември 4, 1979 до Јануари 20, 1981 година, кога група од Исламски студенти изврши упад во Американската амбасада во знак на поддршка на Иранската револуција. Кризата достигна климакс кога после неуспешните преговарања за ослободување, САД се обиде преку спасувачка мисија да ги ослободи, но беше истата прекината и резултираше со рушење на два авиони, смрт на 8 американски војници и еден Ирански цивил. Целата криза на крај беше решена со потпишување на Algiers Accords во Алжир на Јануари 19, 1981. Следниот ден

злаожниците беа пуштени, и само неколку минути откако новиот американски претседател Роналд Реган дал заклетва.

## 4.10 Хронологија на најзначајните терористички инциденти решени со преговори или со значајна улога на преговарачите

Оваа хронологија е приказ на историската и географската застапеност на најзначајните случаеви на терористички акти на киднапирање и земање на заложници решени преку преговори или значајна улога на преговарачите.

*Опсадата на црквата во Бетлехем*

Оваа криза траела од 2 Април до 10 Мај,2002 година. Како дел од операцијата *безбедносен штит* Израелските безбедносни сили го окупирале Бетлехем во обид да ги фатат Палестинските милитанти. Десетици од нив во оваа потера побегнале во црквата во Бетлехем каде биле сместени околу 200 свештеници. Иако немало информации за држење на заложници меѓу свештениците, Израелските извори тврделе дека свештениците биле држени како заложници. По 39 дена, постигнат е договор, милитантите се предале на Израелските сили и биле прогонати некои во Европа или во појасот Газа.[97]

*Случајот на Тери Андерсон*

На 16-ти Март, 1985, Тери Андерсон[98] само што ја завршил својата партија тенис, каде веднаш потоа бил киднапиран на улиците на Бејрут, ставен во багаж и одведен на безбедна локација. Во следните 6 години и 9 месеци бил држен како заложник и повремено преместуван на разни локации. Неговите киднапери биле групата на Хезболах-Шиитски Муслимани кој биле поддржувани од Иран во наводна одмазда кон Израел поради користење на американско оружје и помош во нападите во 1982-83 врз

[97]https://en.wikipedia.org/wiki/Siege_of_the_Church_of_the_Nativity_in_Bethlehem
[98]https://en.wikipedia.org/wiki/Terry_A._Anderson

муслиманите во Лебанон. Неколку американски цивили биле држени како заложници исто така. На почетокот Тери бил сам, иако бил свесен дека и други заложници биле држени блиску него. Тери бил последниот заложник, кој конечно преку долги и макотрпни преговори бил пуштен на 4 Декември, 1991 година.

*Случајот Ингрид Бетанкорт Пулецио*

Ингрид Бетанкорт Пулецио( ИБП ) била колумбиско- француска политичарка, поранешен сенатор, борец против корупција и номинирана за Нобелова награда. Таа била киднапирана од Револуционерните колумбиски сили на 23 Февруари 2002 година и била спасена од Колумбиските безбедносни сили после 6 и пол години на 2 јули, 2008. Спасувачката мисија на безбедносните сили на Колумбија ја спасија ИБП и уште 14 други заложници. ИБП била држена како заложник 2, 321 дена, каде била киднапирана кога водела капања за претседател на Колмбија како "зелена". Таа одлучила својата кампања да ја рашири во подрачјата каде биле држени од бунтовниците и покрај предупредувањата од владата, полицијата и војската да не го прави тоа поради големата опасност и ризик. Нејзината случка се стекна со светска покриеност. Има добиено повеќе меѓународни награди.

*Случајот Рој Халумс*

Рој Халумс е американски договарач кој бил киднапиран на 1-ви Ноември, 2004 година во Ирак. Бил држен како заложник 311 дена и пуштен на 7 септември, 2005. На 1-ви Ноември, 2004, 20 терористи упаѓаат на местото каде Рој и неговите соработници работеле. На 25 Јануари, 2005 била пуштена снимка од Рој во неговото заложништво но не било јасно кога била снимката направена. Во оваа снимка тој не се обратил до американскиот претседател Џорџ Буш, туку до Либискиот претседател Гадафи за да помогне да го ослободат. Гадафи подоцна барал ослободување на Рој. Рој бил ослободен на 7 септември, 2005 година, заедно со Ирачките заложници, кога американски сили упаднале во фармата 15 милји јужно од Багдад каде бил држен Рој.[99]

[99]http://listverse.com/2009/04/17/10-famous-hostage-situations/

*Периодот од 1980 до 1990 година*

Почетокот на 1985 година членови на движењето 19 (м-19), го окупирале врховниот суд на Колумбија и во замена за околу 200 заложници барале да се прочита нивниот манифест и јавни објави на некои значајни документи. Преговорите не дале резултат па следела акција на војската и полицијата кога биле убиени 41 киднапер, но и преку 50 заложници.

Октомври 1985 година, преговарано е и за ослободување на патниците од киднапираниот брод:" Акире Лауро". По преговорите со киднаперите од палестински, италјански и египетски посредници, киднаперите го напуштиле бродот со што заложниците биле ослободени.

Декември 1985 година, во судница во Нанту, преговарачкиот тим на специјалната група РАИД, успева после 40 часовно преговарање да ги ослободи заложниците така што ги убедила киднаперите да се откажат од своите намери.

Септември 1986 година членовите на " Управа за исламски ослободувачки движења во странство" го киднапирале сирискиот дипломат во Техеран, во знак на предупредување до сириските власти да не се мешаат во односите на Иран со либанскиот Хезболах. После неколку саати на преговори дипломатот е ослободен, а организаторот на киднапирањето уапсен.

Во 1987 година, преку преговори е завршена побуната на кубанските затвореници во Атланта. Преговорите ги воделе и успешно завршиле припадниците на ХРТ.

*Периодот од 2000 година*

Во текот на 2000 година преку преговарање се ослободени 150 патници на Авганистанскиот авион во Англија. На Филипините истата година преку преговори се ослободени 21 странски турист. Еден од поновите инциденти со поголем број на заложници се случил во Авганистан, каде на пат за Кабул 19.07.2007 година, терористи киднапирале 23 мисионери од Јужна Кореја. Набрзо двајца машки лица биле убиени, а

почетокот на август ослободиле две жени. За да ги ослободат заложниците барале Јужна Кореја да ги повлече своите сили од Авганистан, како и властите во Кабул да ги ослободат нивните уапсени соборци. Преговорите меѓу Јужнокорејската влада и Талибаните траеле неколку недели, и на крај, после шест недели ,19 заложници биле ослободени, талибаните се откажале од барањето да ги пуштат нивните соборци на слобода, а властите на Јужна Кореја дале ветување дека до крајот на годината ќе ги повлечат сите 200 војници од Авганистан.

**Заклучок**

Тероризмот преставува метод на политичка борба, но истовремено и метод за борба против постојаната власт, што значи тероризмот како средство на политичка борба подеднакво го користат и оние што се на власт, но и потчинетите.Тој претставува голем предизвик за глобалната безбедност и со оглед на тоа што тероризмот претставува комплексен општествен феномен мора да се набљудува од повеќе аспекти. Во денешниот свет е сеуште присутен репресивниот начин на спротивставување на тероризмот, а најголем замав во тој поглед зема таканаречената "Војна против тероризмот" започната по нападите од 11 септември во САД. Всушност овој датум се смета за целосна пресвртница во разбирање на тероризмот, неговите појавни облици, поимот, структурата, мотивите, профилот на терористите итн. Четиринаесет години подоцна ваквиот начин во борбата против тероризмот не се покажа како ефикасен нитупридонесе за намалување на тероризмот и насилството во светот, односно влијаеше на краткотрајно смирување и држење под контрола на одделни изолирани случаи на тероризам и згаснување на еден и појава на друг пософистициран начин на терористичкодејствување. Проблемот во спротивставувањето на тероризмот доаѓа и од теоретски причини. Непостоење на конкретна, прецизна и универзално прифатена дефиниција е една главните причини. До пред нападите во САД тероризмот не беше утврден во меѓународното право и заедно со непостоењето на конкретна дефиниција беше невозможно и справувањето со овој феномен. Причините за тероризмот најчесто лежат во длабоките и непомирени глобални односи, промените во светската политика, социјалната положба и економија, како и во субјективните гледишта на групи и поединци дека нестабилната општествена состојба, може да се промени преку примена на акти на насилство(тероризам). Тероризмот се манифестира преку спроведување на терористички акти кој ги преземаат терористичките организации или индивидуи.

Во трудот се обрнува внимание на преговарањето: поим на преговарање, стратегија на преговарање, тактики и видови на преговарање и преговарањето се разгледува од аспект на конфликти и кризи и неговата примена во решавање на истите по мирен пат. Преговарањето е присутно од настанување на човековото општество и е застапено во секојдневниот живот помеѓу различни страни. Преговарањето е основно средство во

дипломатијата преку која се остваруваат меѓународни односи помеѓу различни субјекти во меѓународната заедница. Основен начин преку кој се остварува преговарањето е преку воспоставување на комуникација меѓу спротивставените страни. Начинот на решавање на конфликтите преку преговори е преку упатување на пораки до спротивната страна кој ќе доведат до промена на ставовите и однесувањето кај другата страна, во интерес на преговарачот. Генерално, преговарањето е процес на комуникација меѓу две или повеќе индивидуи или организација чија цел е решавање на конфликтите по мирен пат, без употреба на сила. Целта на преговарањето е да се пронајде најдобра алтернатива и решение кое би ги задоволило интересите на спротивставените страни.

Последниот дел од трудот и најважниот, се однесува на примената на вештините на преговарање во спротиставување на тероризмот. Преговарањето со терористи е специфично во однос на било кое друго преговарање и тоа неможе да се набљудува чисто од аспект на класичното преговарање. Преговарањето со терористи во современи услови е условено од бројните карактеристики на современиот тероризам: конспиративност, мултидимензионалност, мотивираност, идеолошка позадина, криминал кој се крие зад тероризмот, разгранетоста, структурата, поврзаноста со државни разузнавачки служби итн. Бројните примери во овој труд каде преговорите со терористи се покажале успешни одат во прилог на аргументите ЗА преговори со терористи. Преговарањето со терористите може и треба да се спроведува во сите фази на терористичкото делување. Иако многу влади на разни држави не прифаќаат преговори со терористи, сепак на крај во пракса често го прават тоа. До сега постојат бројни примери на преговарање со терористи иако во повеќето случаи тие преговори биле крајна опција откако претходните други опции се покажале како неуспешни. Во аргументите "ПРОТИВ" преговарање со терористи укажуваат на тоа дека демократските држави не смеат да потклекнат под тероризмот и да прифатат преговори. Но праксата покажала дека репресивниот метод во борбата против тероризмот се покажал како неуспешен. Класичниот начин во борбата против тероризмот ги обврзува сите оние кој го фаворизираат овој начин кој придонесува голем број на жртви да имаат свест и да разгледаат и други алтернативи во прв план- преговарање како невооружен начин на решавање на кризна ситуација. Врз основа на досегашните примери од пракса и увидот во оваа проблематика може да се каже дека преговарањето како метод во борбата против тероризмот треба да е на преден план и прв инструмент кој ќе се

користи, но ова не ги исклучува и другите начини во борбата против тероризмот туку само ги надополнува можните алтернативи.

## Користена литература


- Onder,J.J (1999), Media and Law enforcement relations during hostage-taking terrorist incidences: A cooperative decision, responder magazine, 26-33.

- Poland, J.M (2005). Understanding terrorism: groups, strategies and responses, Upper Saddle River, NJ: Pearson Prentice Hall

- Russell,C.(1985). Kidnapping as a terrorists tactic. In B.M Jenkis(Ed.). terrorism and personal protection (pp.8-22). Stoneham, MA: Butterworth Publishers.

- Sandler,T & Scott J.L,(1987). Terrorist success in hostage-taking incidents: An empirical study. The Journal of Conflict Resolution,31(1), 35-53.

- Aston, C.C. (1982). A contemporary crisis: political hostage-taking and the experience of Western Europe. Westport , CT: Greenwood press.

- Bloomfield, K. ( 2001). Hostage taking and government response. RUSI journal, 146(4), 23-27.

- Clutterbuck, R. (1985). Managing the episode. In B.M. Jenkins ( ed.). Terrorism and personal protection (pp.232-248). Stoneham, MA: Butterworth Publisher.

- Davis, R.C (1993) negotiating with terrorist hostage-takers: some basic considerations. Law and order, 41(3), 89-91.

- Giebels ,E., Noelanders, S.,& Vervaeke,G ( 2005). The hostage experience: implications for negotiation strategies. Clinical psychology and psychotherapy, 12, 241-253.

- Hermann, M.G.&Hermann,C.F 1998). Hostage taking, the presidency, and stress. In W. laqueur (Ed). Origins of terrorism: psychologies, ideologies, state of mind(pp.211-229)

- Maceda, J.(2003, October 24), Hostage-takings are fueled by povery,chaos. NBC News. Retrieved Apr.14, 2006, from http://msnbc.com/

- McMains, M. J., & Mullins, W.C(2001). Crysis negotiations (2nd ed.). cincinnati, OH: Anderson Publishing Co.

- Meyr, E.(2002, March). Israel responses to hostage-taking. Law & Order, 50(3), 40-43.
- Miller, A.H (1980). Terrorism and hostage negotiations. Boulder, CO: westview press.
- Nudell, M., & Antokol, N. (1990). Negotiating for life. Security Management, 34(7), 56-66.
- http://sotu.blogs.cnn.com/2014/06/07/timeline-of-u-s-negotiations-with-terrorists/
- http://education.muprs.org/wp-content/uploads/2014/12/Zbornik-Terorizam.pdf
- http://fabrikaknjiga.co.rs/rec/69/85.pdf
- Перешин, А,(2007), Парадигма на новиот тероризам во информациското доба
- Negotiation with terrorist- http://www.iiasa.ac.at/web/home/resources/publications/IIASAPolicyBriefs/pb06-web.pdf
- - 'We Don't Negotiate with Terrorists!': Legitimacy and Complexity in Terrorist confilctt- http://www.tlu.ee/~arno/tunnel/We%20Dont%20Negotiate%20with%20Terrorists.pdf
- Negotiating With Terrorists Considered: A Review of Scholarly Literature- http://cola.unh.edu/sites/cola.unh.edu/files/student-journals/Perspectives2014_Panait.pdf
- Negotiate with Terrorists! or: Why Terrorism Cannot be Deterred- ANDREAS M. BOCK- http://www.fes.de/ipg/arc_07_d/01_07_d/pdf/12_RE_Bock_GB.pdf
- http://www.usip.org/sites/default/files/SR240Cronin.pdf
- http://www.usip.org/sites/default/files/resources/PMT_Talking_to_Groups_that_Use_Terror.pdf
- https://www.foreignaffairs.com/articles/2007-01-01/negotiating-terrorists

- Keith M. Fitzgeraldand Adam Dolnik,(2008).Negotiating Hostage Crises with the New Terrorists

- Testing the Role Effect in Terrorist Negotiations-http://eprints.lancs.ac.uk/11024/1/15.pdf

- Gary Noesner, NEGOTIATING WITH TERRORISTS - http://negotiatormagazine.com/docs/noesner_201304198.pdf

- Зиројевиќ, М (2008).Тероризмот како неконвенционална закан по безбедноста,Загреб.

- Котовчевски. М.(2009). Менаџирање на терористички закани, Скопје.

- Michell B. Reiss (2010).Negotiating with evil when to talk with terorist, New York

- Мојсилович , Ж,( 2009).Тероризам и преговарање, Београд

- Славески, С, (2009). Безбедносен систем, Скопје

- Хаџи Јанев, М (2010),Современиот тероризам и меѓународните правила за употреба на сила, Скопје

- http://foreignpolicy.com/2014/06/03/the-u-s-does-negotiate-with-terrorists/

- Štrbac, K., Mitrović, M.: „Interdisciplinarni pristup naukama bezbednosti i odbrane". Politička revija, 11(3), 2012, 279–297

- Зечевић, М.: *Војна дипломатија*, Београд: ВИНЦ, 1990.

- Иваниш, Ж., и Субошић, Д.: *Безбедносно преговарање: стратегијски и тактички аспекти*, Факултет безбедности, Београд, 2006.

- Ковачевић, Ж., *Међународно преговарање*, ИП Филип Вишњић, Београд, 2004

- Милашиновић, С., Кековић, З.: „Превенција и разрешавање друштвених конфликата", *Војно дело*, 2/2008, Београд, 2008.

- Митровић, М.: *Стратегија преговарања у процесима безбедносних инте-*

*грација Републике Србије*, (докторска теза), Универзитет у Београду, Факултет безбедности, 2011.

- Мојсиловић, Ж.: *Тероризам и преговарање*, Центар за кризни менаџмент и преговарање, Београд, 2009

- Atilgan, K., & Klajn, D.: *Evropa se isplati*, Beograd: Konrad Adenauer, 2008.

- Fisher, R., Ury, W.: *Getting to YES: Negotieting Withouth Giving In*, Boston:

- Houghton Mifflin Company, 1981

- Interantional Association of Chiefs of police & Federal Law Enforcmant, Hostage

- Negotiation Study Guide2010, Law Enforcement Exploring, 2010.

- Scherrer, C. P.: *Structural Prevention of Ethnic Violance*, Paligrave Macmillan, 2002

- Милашиновић, С., Кековић, З.: „Превенција и разрешавање друштвених конфликата", *Војно дело*, 2/2008, Београд, 2008.

- Nye, J.: *The powers to lead*, Oxford University Press, New York, 2008

- Interantional Association of Chiefs of police & Federal Law Enforcmant, Hostage Negotiation Study Guide2010, Law Enforcement Exploring, 2010.

- Immanuel Wallerstein, *World-Systems Analysis: An Introduction*, Durham, North Carolina, 2004.

- Mihajlo Basara, "Poreklo i problemi modernog terorizma", *Vojno delo*, tom LVI, br. 4, 2004, str. 154–63.

- Roland Jaquard, *In the name of Osama Bin Laden*, Duke University Press, Durham, NC, 2006

- Sigmund Freud, *Civilization and Its Discontents*, W. W. Norton & Company; Reissue edition, July 1989.

- Statut Međunarodnog krivičnog suda (Rimski statut): http://untreaty.un.org/cod/icc/statute/99_corr/cstatute.htm

- Ted Honderich, *After the Terror*, Revised and expanded edition, McGill-Queen's University Press, Montreal, 2003

- Želimir Kešetović, „Prepreke saradnji državnog i privatnog sektora bezbednosti u Srbiji", *Revija za bezbednost*, tom I, br. 5, novembar 2007, str. 37–40.

- Nacos, B. L .(1994), Terrorism and the Media: from the Iran hostage crisis to the Wold Trade Center Bombing, NY, Columbia University Press

- Schmid A. P., *Terrorism and the Media: Freedom of Information vs Freedom from Intimidation,* Paper presented at the University of California, (1990, March 7), USA

- Schlagheck, D., *International Terrorism*, Lexington, Toronto, 1988

- *Terrorism and the Media: Dilemmas for Governement, Journalists and the Public* 1990, edited by Yonah Alexander and Richard Latter, Washington, Brassey's.

- www. transnationalterrorism.eu

- Stern, Jessica, (1999), The ultimate terrorist, Harvard University Press, Cambridge, стр. 6-12

- Brian M. Jenkis(2002), Countering Al Qaeda,USA

- Paul Wilkinson(2002), Terrorism,London

- http://www.terrorismanalysts.com/pt/index.php/pot/article/view/schmid-terrorism-definition/html

- Jessica Stern,(2005), Teror in the name of God, The New York Times notable book.

- Bruce Hoffman,(1998), Inside Terrorism, Columbia University.

- Митко Котовчевски,(2003),Современ тероризам, Македонска Цивилизација, Скопје.

- Hoffman, Bruce ( 1995), Holly Terror, The Implications of Terorrism Motivated by Religious Imperative, Royal Society of Naval Sciences, Stockholm, str. 43

- The white House, ( 2002 ), The national security strategy of the United States of America, Washington DC, September

- European Union, (2003), A secure Europe in a Better World, A European Security Strategy, Brussel, The European Council,

- United Nation, (2004), High-level Panel on Threats, Challenges and Change, A more secure World, New York, UN

- Scnekner, Ulle,(2004), Internationale Terroristen als Profieteure fragiler Staatlitscheit, SWP-Studie, Berlin Stieftung Wiessenschaft und Politik, стр. 15-16

- Ibid, стр.18

- Bergen, Peter(2001), Holy war, Inside the secret world of Osama Bin Laden, INC

- http://www.nytimes.com/news-event/attacks-in-paris

- United Nation,(2003), High-level Panel on Threats, Challenges and Change, A more secure world : our Share responsibility, New York, UN

- Prof. Simeunović, Dragan, "Terorizam", opšti deo, Pravni fakultet u Beogradu, 2009.

- Жељко Мојсилович (2009), Београд, Тероризам и преговарање

- Jacob N Shapiro, *Organizing Terror: Hierarchy and Networks in Covert Organizations*, Stanford University, 2005

- Тања Милошевска, Скопје,2014), Модели на поврзаност на тероризмот и на транснационалниот организиран криминал.

- Митко Котовчевски, (Скопје,2013), Национална безбедност, Филозофски Факултет, Скопје.

- Russell D Howard and Reid L Sawyer, Terrorism and Counterterrorism: Understanding the New

- Security Environment, Dubuque, Iowa: McGraw Hill Contemporary Learning Series, 2006, 93-101

- Митко Котовчевски, Борба против тероризмот, Македонска цивилизација, Скопје, 2004

- Xavier Raufer, *Chaos, terrorism and beyond: a strategic prognosis*, Criminology Institute, University of Paris II-Panthéon Assas, Department for the Study of the Contemporary Criminal Menace (MCC). Paris II, december 2008.

-

- Радослав Гачиновиќ(1998), Современ тероризам,Београд
- http://www.au.af.mil/au/awc/awcgate/army/guidterr/app_a.pdf
- Митко Котовчевски(2003), Современ тероризам, Македонска Цивилизација, Скопје.
- Hoffman, B 1998, *Inside Terrorism*, New York, Columbia University Press.
- Ganor, B 2005, *The Counter-Terrorism Puzzle. A Guide for Decision Makers*, New Brunswick USA, Transaction Publishers.
- Rainey, J 2005, 'Unseen Pictures, Untold Stories', *Los Angeles Times*.
- Laqueur, W 2003, *No End to War: Terrorism in the Twenty-First Century*, New York, Continuum.
- Manuel, R & Soriano, T 2008, Terrorism and the Mass Media after Al Qaeda: A Change of Course?, *Athena Intelligence Journal*, Vol. 3, No 1. Available from: www.athenaintelligence.org
- Gus, M 2011,*Essentials of terrorism: concepts and controversies*, Sage Publications, Inc, USA.
- Kern, M, Just, M., & Norris, P 2003, The lessons of framing terrorism. In Norris, P, Kern, M & Just M (Eds.), Framing terrorism, London, Routledge
- Walsh, JI 2010, *Media Attention to Terrorist Attacks: Causes and Consequences*, Institute for Homeland Security Solutions
- Weimann, G & Winn, C 1994, *The Theatre of Terror: Mass Media and International Terrorism*, London, Longman
- Barnhurst, KG 1991, The literature from terrorism. In A.O. Alali & K.K. Eke, *Media coverage of terrorism, methods of diffusion*, London, Sage.
- Glüpker, G 2008, *Media and terrorism*. Norderstedt, Germany
- Kushner, HW 2000, *The Impact of terrorist events in the media on the traumatisation of society*, ViennaBarnhurst, KG 1991, The literature from terrorism. In A.O. Alali & K.K
- Corman, SR, Angela Trethewey, A & H. L. Goodall, (eds.), 2008, *Weapons of Mass Persuasion: Strategic Communication To Combat Violent Extremism*, New York, Peter Lang
- Lewis, J, 2005, *Language Wars the Role of Media and Culture in Global Terror and Political Violence*, Pluto Press, London
- Wilkinson, P 1997, The media and terrorism: a reassessment, *Terrorism and Political Violence*, 9,

- Според Комитетот за заштита на новинарите со седиште во Њујорк, повеќе од 1073 новинари биле убиени од 1992 како последица на нивната работа; 33 новинари се убиени во 2014 година. Види ја веб страната: http://www.CPJ.ORG/.

- Fisher, R., Ury, W., Paton, B.: *Getting to Yes-Negotiating Agreement Without Giving In,*

- Penguin book, Business psychology, 1991.

- Мучибабић, С., Васковић, З., Николић, Н.: Цена коштања војне операције, *Симпозијум*
- *„Теоријски и практични аспекти војних операција"*, Београд, 2004.

- Радовановић, Г., Каровић, С.: Нормирање на времето на процесот на работа во воената организаци-ја, *Војно дело*, лето/2014, Београд, 2014.

- *Partners Foundation for Local Development*, Cit. „What is negotiation?", UNDP, Romania

- Марковски, С.: *Трошкови у пословном одлучивању*, Научна књига, Београд, 1991.

- Антић, Љ., Георгијевски, М.: Обрачун трошкова по активностима заснован на времену,
*Економске теме*, 4/2010, Ниш, 2010

- http://web.efzg.hr/dok/OIM/rvlahov/Pregovaranje.pdf

- Радован Вукадинович, (2005), Теорија на надворешна политика,Загреб.

- Milan Mijalkovski,2005, *Odgovor на terorизмот*, FCO Beograd.

- Ljubivoje Aćimović, *Nauka за меѓународните odnoси – Теорија і истражувачки насоки*, Naučna knjiga, Beograd, 1987.

- Milan Mijalkovski, *Одговор на тероризмот*, FCO Beograd, 2005.

- Мојсилович, Ж., *Тероризам и преговарање*, Београд: Центар за кризен менаџмент и преговарање, 2009, 185.

- Interantional Association of Chiefs of police & Federal Law Enforcmant, *Hostage Negotiation Study Guide2010*,
- Law Enforcement Exploring, 2010, 2–3.

- Radoslav Gaćinović, *Antiterorizam*, Draslar, Beograd, 2006.

- Aston C. C., „Political Hostage – taking in Western Europe", *Conflict*, London, 1984

- Clutterbuck Richard, „Terrorism and Security Forcus in Europe", *The Army Quertely and Defence Journal*, No 1/81, Colins, London, 1981

- Materijal „Pregovarački tim MUP-a Republike Srbije – PTM"
- Radoslav Gaćinović, *Terorizam u političkoj i pravnoj teoriji*, Evro-Giunti, Beograd, 2010.
- Lanceley, F.J. (2003). *On-Scene Guide for Crisis Negotiators* (rev. ed.). Boca Raton: CRC Press.
- Slatkin, A.A. (2005). *Communication in Crisis and Hostage Negotiations.* Springfield, IL: Charles C Thomas.
- McMains, M.J. & Mullins, W.C. (2006). *Crisis Negotiations: Managing Critical Incidents and Situations in Law Enforcement and Corrections* (rev. ed.).Cincinnati, OH: Anderson.
- Greenstone, J.L. (2005). *The Elements of Police Hostage and Crisis Negotiations: Critical Incidents and How to Respond to Them.* New York: Haworth Press
- http://www.iiasa.ac.at/web/home/resources/publications/IIASAPolicyBriefs/pb06-web.pdf
- Мирослав М. Шепич,( 2013, Београд), Техничко- Технолошки аспекти на превенција и сузбивање на тероризмот
- ETA timeline, "History of the Basque separatist organization",ET March 11, 2004.
- Declaration of Principles On Interim Self-Government Arrangements, Done at Washington,D.C September 13, 1993.
- Gutkovsky Vladimir, "Negotiatin With Iran Without Preconditions", стр. 10
- Szakdolgozat, Hauser Judit, 2007. стр. 4 . достапно на http://elib.kkf.hu/edip/D_13286.pdf
- Weinberg. Leonard, Democratic Responses to Terrorism , New York, 2008. стр. 93
- Weinberg. Leonard, Democratic Responses to Terrorism , New York, 2008. стр. 94.
- Agreement reached in the multi-party negotiations, Belfast on Friday, April 10 1998.
- Arnson J. Cynthia, "The Peace Process in Colombia with the Autodefensas Unidas de Colombia-AUC",Washington, D.C.December 2004.
- Canadian Security Intelligence Service, достапно на http://www.csis-scrs.gc.ca/pblctns/cmmntr/cm53-eng.asp.
- Israeli-Palestinian Negotiating Partners, Steering Committee, достапно на http://www.ipnp.org/committee.html
- Neumann R Peter., The bullet and the ballot box: The case of the IRA, Centre for Defence Studies, King's College, London

- Neumann R. Peter, 'Negotiating with Terrorists', Foreign Affairs, Vol. 86, No.
- 1,January February 2007

- http://sotu.blogs.cnn.com/2014/06/07/timeline-of-u-s-negotiations-with-terrorists/

- http://www.express.hr/brifing/kako-se-pregovara-s-teroristima-u-talackim-krizama-1980#

- https://en.wikipedia.org/wiki/Siege_of_the_Church_of_the_Nativity_in_Bethlehem

- https://en.wikipedia.org/wiki/Terry_A._Anderson

- http://listverse.com/2009/04/17/10-famous-hostage-situations/